Управувањето со човечките ресурси, како современ концепт за управување, се однесува како на индивидуалните така и на социјалните аспекти на луѓето во организацијата. Освен тоа, и овој аспект на управување ја зема предвид конкурентноста и ги вклучува сите одлуки и акции во водењето на луѓе, кои создаваат поддршка на конкурентска предност. Концептот на управување со човечките ресурси е стратешки и практичен, но истовремено тој е и процесен и функционален. На неговиот однос со вработените може да се гледа како на функционална интеграција на улоги и работењето на линија менаџери во организации кои се повеќе децентрализирани и независни.

Во оваа смисла, менаџирањето на човечки ресурси опфаќа голем број елементи како што се:

- визија;
- стратегија;
- флексибилност;
- ставови;
- вредности и верувања.[5]

Може да се заклучи дека со оглед на големото значење на човечките ресурси за работа и развој на организациите постои реална потреба од воспоставување

[5] Petković M., Jovanović M. (2002). *Organizaciono ponašanje-novi concept vođenja preduzeća*. Beograd, стр. 85.

концептуална и теоретска рамка заради утврдување на позицијата на менаџирање на човечките ресурси, во однос на целиот процес на управување со бизнис организациите. Модерната економија бара способна, приспособлива работна сила, а едукацијата и мотивацијата на вработените и менаџерите е неразделив дел од секоја успешна развојна политика. Планирањето на кадрите и нивното образование е клучно прашање во секоја организација и затоа инвестирањето во знаењето и обуката на вработените не треба да биде третирано како форма на потрошувачка, туку како форма на вложување во проширена репродукција.

**Заклучок**

Фундамент на секој успешен бизнис е разумното ползување на знаењето, талентот и способноста на човечките ресурси. Глобално земено, најголемиот дел од корпоративните вредности ги сочинуваат нематеријалните средства, а со тоа човечките ресурси се еден од најважните фактори за успех на организациите. Пазарните и технолошките промени поставуваат постојани деловни предизвици. Како што организациите се движат напред низ 21 век, јасно е дека ефикасноста и ефективноста на човечките ресурси се главен извор на конкурентска предност и еден од најбитните предуслови за остварените деловни резултати на подолг временски период.

Денес, нивото на конкуренцијата меѓу организациите е зголемено и човечките ресурси стануваат уникатна конкурентска предност на секоја организација. Од друга страна, пак, стапката на невработеност е прилично висока, што создава голема конкуренција меѓу кандидатите кои конкурираат за ограничените слободни работни места. Како последица од брзите промени и специфичните услови во организациите, управувањето со човечките ресурси се гледа не само како фактор за успех на организациите, туку и за успех на целата нација.

Конкурентноста и вредноста на организацијата зависат од начинот на регрутирање, селекција, мотивација, наградување, промоција, развој и едукација на кадрите.

Квалитетните вработени се клуч за успешно функционирање на организацијата. Унапредувањето на вештините, знаењата и способностите на човечките ресурси имаат

директен импакт врз деловниот напредок, така што мора постојано да се инвестира во нив.

**Conclusion**

The foundation of any successful business is the reasonable use of the knowledge, talent and ability of human resources. Globally speaking, most of the corporate values are made up of intangible assets, and thus human resources are one of the most important factors for the success of organizations. Market and technological changes pose constant business challenges. As organizations move forward through the twenty-first century, it is clear that the efficiency and effectiveness of human resources are a major source of competitive advantage and one of the most important prerequisites for long-term business results.

Today, the level of competition between organizations has increased and human resources are becoming the unique competitive advantage of every organization. On the other hand, the unemployment rate is quite high, which creates a lot of competition among candidates competing for the limited vacancies. As a result of rapid changes and specific conditions in organizations, human resource management is seen not only as a success factor for organizations, but also for the entire nation.

The competitiveness and value of the organization depend on the method of recruitment, selection, motivation, reward, promotion, development and education of the personnel.

Quality employees are the key to the successful functioning of the organization. Improving the skills, knowledge and capabilities of human resources has a direct impact on business progress, so it must be continuously invested in.

**Користена литература**

1. Benardin, H. J. (2003). *Human Resource Management*. New York: McGraw-Hill;
2. Cornellius, N. (2000). *Human resource management: A managerial perspective* (2nd Ed.). London: Thomson Learning;
3. Dessler G. (1999). *Human resources management*. .New York, USA;

4. Dyer, L., Reeves, T. (1995). *Human resource strategies and firm performance: What do we know and where do we need to go?*. International Journal of Human Resource Management;
5. Hall T. (1991). *Personnel management*. Prentice Hall Inc., New York;
6. Petković M., Jovanović M. (2002). *Organizaciono ponašanje-novi concept vođenja preduzeća*. Beograd.

***Prof. Zoran Jolevski, PhD***
Institute for strategic research and policies, Macedonia
E-mail: jolevski@gmail.com

# ASSESSMENT OF THE NEW GROWTH PLAN FOR THE WESTERN BALKANS

**Abstract**

The new growth plan for the Western Balkans of the EU is a good step forward. It is important that the integration in the Single market is an element of the growth plan. The proposed integration into the Common Regional Market should be seen as a phase towards the full integration of Southeastern Europe (SEE) in the Single Market. Therefore, the reforms that will be taken by the countries of SEE should be fully in compliance with Single market aqui. The EU should commit itself to integrate the SEE countries in the Single market in five years (until 2029), and the countries from SEE should adopt the strategy for implementation of the Single market aqui. The EU should fully open the instruments of their economic policies and in parallel should help the capacity building of SEE countries for absorption of those funds. In addition, impact investments, the investments for profit, from EU private sector and institutional investors should increase and support the reduction of the development gap between SEE and EU member states.

**Keywords:** *Western Balkans, EU, Economic Growth Plan, Single market, Common Regional Market*.

The **new growth plan for the Western Balkans of the EU**[1] is based on four pillars, aimed at:

1. **Enhancing economic integration with the European Union's single market**;
2. **Boosting economic integration within the Western Balkans through the Common Regional Market**;

[1] European Commission. *Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions:* ***New growth plan for the Western Balkans.*** Brussels, European Commission, COM(2023) 691 final, 8.11.2023.

3. **Accelerating fundamental reforms**;
4. **Increasing financial assistance to support the reforms through a Reform and Growth Facility for the Western Balkans**.

The most significant element is that the plan explicitly connects **the integration of WB with the European Union's single market**. The Single market is particularly significant for economic integration of the SEE with the EU and is an integral part of full EU integration. The explicit mentioning of the Single market is a crucial step forward.

The war in Ukraine revealed the strategic need for the integration of SEE in the euroatlantic structures. As a result of the new geopolitical situation the European Commission President Ursula von der Leyen speaking at the GLOBSEC in Bratislava on May 31, 2023, stated that the EU will have a new approach on the accession of the Western Balkans by affirming: "**We want to offer to the Western Balkans some of the advantages of membership in advance… First, to bring the Western Balkans closer to the EU Single Market**."[2] As a result of this, the integration of the region into the Single Market was explicitly stated for the first time. Although the proposed plan foresees only partial integration (that is, integration in certain specific areas of the Single Market that were defined earlier in the Declaration for the Western Balkans from 2020[3]), it is still of particular importance that the Single Market is explicitly mentioned. This opens opportunities to extend the areas of the Single Market that will apply to the WB in the future.

The second element of the New growth plan for the Western Balkans refers to the creation of the **Common Regional Market**. According to the study of the World Bank the Common Regional Market could add 10% to GDP of the countries in the region[4] The SEE countries should prepare, adopt and implement an **Action plan** for this pillar. It is of particular importance that these activities are fully compliant with Single Market regulation

---

[2] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/news/keynote-speech-president-von-der-leyen-globsec-2023-bratislava-forum-2023-05-31_en (access on 15.01.2024).

[3] EU-Western Balkan Summit. *WESTERN BALKANS LEADERS DECLARATION ON COMMON REGIONAL MARKET A catalyst for deeper regional economic integration and a stepping stone towards EU Single Market.* Sofia, 17 May 2018.

[4] Gomez Ortiz Maria Del Mar; Zarate Vasquez,Roman David; Taglioni,Daria. The Economic Effects of Market Integration in the Western Balkans (English). Policy Research working paper; no. WPS 10491 Washington, D.C. : World Bank Group: http://documents.worldbank.org/curated/en/099544006202322289/IDU062c50b5106fe8046d1080530898bbe45d6fa.

and standards. The progress in this pillar should be used as an argument for the demand for full integration of the region in the Single Market. After all, he Ursula von der Leyen at the GLOBSEC emphasized that the Common Regional Market should be based on EU rules and standards, that will „help accelerate accession to our Union".

The harmonization of the regulation in SEE countries with the Single Market, although in the initial period will result in additional costs for the private sector, in the long run it will contribute to improving the efficiency and the competitiveness of the companies from the region. Elimination of non-tariff barriers, the reduction at the expenses of exporters and importers, harmonization of standards will result in reduction of the operation costs of the companies from the region. Also, due to simplifying the customs procedures, trade facilitation and reducing the transportation bottlenecks, the expenses to exporters and importers will decrease.

The third pillar, which refers to fundamental reforms, will have a positive impact on the business climate in SEE countries, as it will contribute to increasing transparency, respect for law predictability in the business climate, reduction of red type and will improve the efficiency of state institutions.

The fourth pillar, which refers to financial assistance to the countries of the region and which provides for 2 billion euros in the form of grants and 4 billion in the form of loans[5], is far behind what the EU member-countries receive for the implementation of the instruments of the EU's economic policy, and for Cohesion policy.

In order to quantify the volume of financial support through this Plan, it is best to analyze how much financial support the EU member-states receive for programs related to the implementation of the economic policy instruments of the European Commission. The main purpose of these instruments is to strengthen the competitiveness of the European economy, to support economic growth and alleviate social disbalances in the underdeveloped regions within the EU.

---

[5] European Commission. *Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions:* ***New growth plan for the Western Balkans.*** Brussels, European Commission, COM(2023) 691 final, 8.11.2023, p. 8.

The European Union financing takes place through the Multiannual Financial Framework (MFF). The current MFF for the period 2021-2027 is 1 210,9 billion €[6]. Due to the Coronavirus pandemic and the need for additional funds, the EU created the new additional budget instrument – NextGenerationEU (NGEU). The European Commission for the NGEU secured an additional 806,9 billion € through the issuance of bonds on the international markets with a maturity between 3 and 30 years, that are issued on the name of the EU[7]. This represents abandoning the principle that required the financing of the EU budget to be exclusively from its own financial sources. The funds provided to the member-states through the NGEU are in two forms: loans and grants: 387,3 billion € are in the form of loans and 419,6 billion € are in the form of grants[8]. Loans will have to be repaid by the EU member states from 2028 to 2058[9].

*Table 1*. EU Budget 2021-2027 (allocations per heading in € billion)

| | MFF | NGEU | TOTAL |
|---|---|---|---|
| 1. Single Market, Innovation and Digital | 149,5 | 11,5 | 161,0 |
| 2. Cohesion, Resilience and Values | 426,7 | 776,5 | 1 203,2 |
| 3. Natural Resources and Environment | 401,0 | 18,9 | 419,9 |
| 4. Migration and Border Management | 25,7 | - | 25,7 |
| 5. Security and Defence | 14,9 | - | 14,9 |
| 6. Neighborhood and the World | 110,6 | - | 110,6 |
| 7. European Public Administration | 82,5 | - | 82,5 |
| TOTAL | 1 210,9 | 806,9 | 2 017,8 |
| TOTAL expressed in 2018 prices | 1 074,3 | 750,0 | 1 824,3 |

***Source***: https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/eu-budget/long-term-eu-budget/2021-2027/spending/headings_en (access 10.01.2024).

[6] European Commission. *MULTIANNUAL FINANCIAL FRAMEWORK 2021-2027 (in commitments) - Current prices*. Brussels, European Commission 22 January 2021.
[7] European Commission. *The EU's 2021-2027 long-term Budget and NextGenerationEU: FACTS AND FIGURES*. Brussels, European Commission, April 2021.
[8] *Ibid*., p. 8.
[9] *Ibid*., p. 22.

Funding of the first three budget lines is for the implementation of the instruments of the EU economic policies and have a direct impact on the national economies of the member-states and therefore they will be subject to the analysis. Total amount for the period 2021-2027 in the MFF for the first three budget lines is 977,2 billion € and in the NGEU 806,9 billion €. If support of economic policies of member-states and strengthening of the cohesion is measured by per capita spending of the first three budget lines, it can be noted the average financial support through MFF is 2179,30 € for 7 years, or 311,33 € per capita annually. If the NGEU funds are added, total per capita support amount will be 3978,81 € for 7 years, or annually 568,4 €. Another factor, as it was stated earlier, should be taken into account that the NGEU funds are in two forms: loans and grants. Taking this into account the EU member-states in the period from 2021 to 2027 will receive annually non-refundable funds per capita in the amount of 445,01 € per, and preferential loans in the amount of 123,9 €.

The funding envisaged by the new growth plan for the Western Balkans amounts to 2 billion € in form of grants and 4 billion € in form of loans for the period 2024-2027. The growth plan for the Western Balkans envisaged 29,22 € support annually per capita in form of grants and 58,43 € in form of loans. The funds received by the WB in the form of grants are only 6,57% of the EU average.

*Chart 1*. Annual per capita funding of EU member states and WB countries



It can be concluded that countries of the SEE are getting only a fraction of what the EU member-states receive.

The Cohesion policy is a very important tool in the EU efforts to support less developed regions. According to the European commission Cohesion policy supports: job creation, business competitiveness, economic growth, sustainable development, improvements to citizens' quality of life of citizens of EU member-states. Almost a third of the total EU budget for the period 2021-2027 has been set aside for the Cohesion policy. Therefore, a comparison of the funding through the Cohesion policy and the funds foreseen in the growth plan for the Western Balkans can provide a good picture of the amount of development support from the European Union to the WB.

*Chart 2*. Funding of Cohesion Policy in some EU member states and WB6 (per capita in €)




The WB countries receive support from the EU through IPA III. In The new growth plan for the Western Balkans, it is not explicitly stated whether the two billion euros are additional funds to IPA III. Namely, IPA III funding for the countries of the Western Balkans and Turkey for the period 2021-2027 is 14,162 billion €, i.e. 19,26 € per capita annually[10]. Even if we assume that the new growth plan for WB provides additional funds, the difference

[10] Calculation by the author using different EU documents.

between the support that the EU member-states and the grant aid that the WB will receive is huge. Although WB countries are gradually reducing the gap between the level of development, it still remains very large. The GDP PPP per capita of the WB is about 40% of the EU average[11]. If the primary role of the cohesion funds is to reduce the differences in development, it is obvious that the WB should receive larger support to strengthen their economic integration in the Single Market.

**Assessment of the new Growth plan for Western Balkans and Conclusions**

1. **The new Growth plan for Western Balkans** (WB) as a good step forward.
2. **Enhanced economic integration of the WB** with the **European Union's single market** is an **important step forward**. The private sector would like to **see full integration of the WB in the Single Market**. It will create an environment **conducive to economic growth, opening new jobs, increasing competitiveness** of the companies from the WB.
3. **Harmonization of foreign trade regimes of the SEE countries with the Single Market will bring benefits to EU and WB companies**, will **reduce the expenses** that are result of elimination of the unnecessary non-tariff trade barriers, as well as from harmonization of the standards and regulations.
4. SEE countries should fully support the **Common Regional Market**. It is important that the creation of the Common Regional Market is **fully based on EU rules and standards**. This process and reforms for the establishment of the Common Regional Market should be **fully in compliance with the regulations of the Single Market**.
5. In order for this process to be successful, it is important to have a clear commitment from the EU that **reforms will lead to full integration of the WB to the Single Market**. The establishment of the Common Regional Market should not be a goal for itself, but it should be aimed at achieving the end goal, integration in the **European Economic Area**.
6 The governments of the SEE should immediately implement reforms envisaged in The new growth plan for Western Balkans and achieve progress in establishing the

[11] Jolevski, Zoran. *Comprehensive Strategy for Enhancing Economic Integration of SEE in Wider Europe (ALI Project)*. Cambridge US, Harvard, 2021 p. 3.

Common Regional Market. **The Action plan for establishment of the Common Regional Market should be adopted**.

7 **The private sector will benefit from these reforms** and should **encourage the governments of the region to proceed with implementing** the reforms requested by the new growth plan for Western Balkans.

8 It is important that the **European Commission in the next phase fully open funding of the instruments in the economic sphere**.

**Bibliography**


1. European Commission (2021). *MULTIANNUAL FINANCIAL FRAMEWORK 2021-2027 (in commitments) - Current prices.* Brussels, European Commission 22 January 2021.
2. European Commission (2021). *The EU's 2021-2027 long-term Budget and NextGenerationEU: FACTS AND FIGURES.* Brussels, European Commission, April 2021.
3. European Commission (2023). *Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions: New growth plan for the Western Balkans*. Brussels, European Commission, COM(2023) 691 final, 8.11.2023.
4. EU-Western Balkan Summit. *WESTERN BALKANS LEADERS DECLARATIO ON COMMON REGIONAL MARKET A catalyst for deeper regional economic integration and a stepping stone towards EU Single Market.* Sofia, 17 May 2018.
5. Gomez, Maria Del Mar; Zarate, Vasquez; Taglioni, Daria. *The Economic Effects of Market Integration in the Western Balkans*. Policy Research working paper; no. WPS 10491. Washington, D.C. : World Bank Group: http://documents.worldbank.org/curated/en/099544006202322289/IDU062c50b5106fe8046d1080530898bb e45d6fa.
6. Jolevski, Zoran. *Comprehensive Strategy for Enhancing Economic Integration of SEE in Wider Europe (ALI Project).* Cambridge US, Harvard, 2021 p. 3.

7. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/news/keynote-speech-president-von-der-leyen-globsec-2023-bratislava-forum-2023-05-31_en (15.01.2024).
8. https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/eu-budget/long-term-eu-budget/2021-2027/spending/headings_en (10.01.2024).

***Проф. д-р Зоран Крстевски***

Факултет за економски науки
Европски универзитет Скопје
E-mail: zoran.krstevski@eurm.edu.mk

# СО ТАЛЕНТ И ЗНАЕЊЕ ДО УСПЕХ

**Апстракт**

Некои луѓе своите таленти ги откриваат порано, некои подоцна, додека некои не ги откриваат никогаш. Но секој е роден барем со една дарба. Имаме единствена дарба која може да го дефинира нашиот позив, работата на нашиот живот. Меѓу многуте дарби со кои сме благословени е и талентот за извршување на професијата на нашиот живот. Треба да го откриеме својот талент, постојано да се надградуваме и да искажеме волја, страст и посветеност во својата професија. Нашата најголема потреба како човечки суштества не е само да преживееме, туку да бидеме во потрага за својата животна цел и да напредуваме користејќи ги своите дадени таленти. Овој процес започнува со откривање на нашите единствени дарби, таленти или способности за творење во професионалната дејност. Кога ги пронаоѓаме нашите дарби, ја откриваме нашата страст. Кога ќе ја откриеме нашата страст, ја пронаоѓаме својата цел. Кога ќе ја пронајдеме својата цел, ја исполнуваме својата животна мисија. Исконската радост и среќа ќе продолжат да нè избегнуваат сè додека не го употребиме својот талент, со цел да станеме успешни во професионалната област за која сме предодредени.

**Клучни зборови:** *етика, талент, знаење, работа, успех, напредок.*

# WITH TALENT AND KNOWLEDGE TO SUCCESS

**Abstract**

Some people discover their talents earlier, some later, while some never discover them. But everyone is born with at least one gift. We have a unique gift that can define our calling, our life's work. Among the many gifts we are blessed with is the talent to pursue our life's profession. We need to discover our talent, constantly upgrade ourselves and express

will, passion and dedication in our profession. Our greatest need, as human beings, is not only to survive, but also to thrive in the pursuit of our life purpose using our given talents. This process begins with the discovery of our unique gifts, talents or creative abilities in professional activity. When we find our gifts, we discover our passion. When we discover our passion, we find our purpose. When we find our purpose, we fulfill our life mission. Primal joy and happiness will continue to elude us until we use our talents to become successful in the professional field for which we are destined.

**Keywords:** *ethics; talent, knowledge, work, success, progress*.

**Вовед**

Лицата кои постигнуваат голем деловен успех знаат да се користат со моќта на визијата, моќта на мислата, моќта на влијанието, моќта на реципроцитетот итн. Голем број луѓе поминуваат повеќе време на работа отколку во други активности во животот, па сепак честопати својата кариера ја препуштаат на случајот. За да станете успешни во која било кариера, мора во потполност да ги совладате следните области: интелектуална надградба; техничка подготвеност; социјални вештини. „Личната желба и мотивацијата мора да бидат ваше погонско гориво за успех во работата“[1].

Треба да ја имаме на ум старата будистичка порака: „Ако се движиме во вистинска насока, сѐ што треба да направиме е да продолжиме да се движиме“. Тоа укажува дека успехот е плод на постојана едукација и надградба на личноста.

Успешните луѓе го сакаат она што го работат и имаат потреба да ги изразат своите креативни потенцијали и работни способности. За нив сосема доволна награда е поместувањето на границата на сопствениот „потенцијал“. На некои исклучително талентирани луѓе им недостасува вистинско насочување и поради тоа се чувствуваат како недоволно реализирани, додека на некои други кои немаат ни половина толку талент или способност, прилично напредуваат. Тоа е така поради факторите упорност, издржливост, посветеност, одговорност и мотивираност низ голем труд и креативна фокусираност да се постигнат високи резултати.

---

[1] Toni Cajs, *Napravite svoje sopstvene merdevine,* Beograd: Leo Commerce, 2006, str. 27.

Треба да се фокусираме кон нештата што можеме да ги постигнеме и да почнеме афирмативно да размислуваме. Успешните луѓе своите мисли ги концентрираат на она што го сакаат во животот – а не на она што не го сакаат.

Проблемите се составен дел од постоењето и тие честопати будат мотив за иницирање значајни промени. Ако не можеме да иницираме промени надвор од нас, должни сме да се усовршуваме и хармонизираме внатре во нас. „Она што е зад нас и она што е пред нас потполно е занемарливо во споредба со она што е во нас“, потенцирал филозофот Ралф Волдо Емерсон. Личната промена е основна за да ги подобриме и состојбите надвор од нас. Незадоволниот, несреќен и фрустриран поединец не може да создаде афирмативен развој на нештата. Тој е под влијание на негативизмот и насекаде шири напнатост и тензична атмосфера. Спротивно на него, среќниот, радосен и исполнет човек својата позитивна енергија им ја пренесува и на другите. Тој е секаде посакуван и добредојден.

На луѓето им е заедничка желбата за подобрување на сопствениот статус и за постигнување повисоки резултати со цел да станат пореализирани, посреќни и поуспешни. Многумина си го поставуваат прашањето: Што е тоа што ќе потврди дека некоја личност ќе постигне извонреден успех?

Доследноста, исполнителноста, упорноста и фокусираноста овозможуваат реализација и напредок во кариерата. Најважната карактеристика на луѓето кои постигнале значаен успех е имањето долгорочна перспектива и чувство дека прават нешто корисно за себе и за заедницата. Најголеми непријатели на успехот и на остварувањето на личните потенцијали најнапред е линијата на помал отпор, а потоа и факторот на моментална корист. Многумина најчесто го избираат најбрзиот и најлесен начин да дојдат до тоа што го сакаат веднаш, при што малку или воопшто не водат сметка за долгорочните последици од своето однесување.

Успехот е плод на личните настојувања произлезени од препознавањето на позитивните можности и вложувањето во надградбата на личноста.

## 1. Моќта на знаењето

Никола Тесла сметал дека мирот и прогресот ќе произлезат од универзалното (духовно) просветление на луѓето. Тој потенцирал дека од сите неразбирливи отпори,

оној што најмногу го оневозможува човековото напредување е незнаењето. Буда, пак, сметал дека неукоста е најголемото зло на светот, а Сократ подучувал дека знаењето е пат кон доброто и хармонично живеење. Дури и во епохата на кинескиот филозоф Конфуциј се знаело дека едуцираноста на населението е најдобар репрезент на една нација и главен предуслов за напредок на општеството.

Задача на секој успешен поединец е да ги поттикнува луѓето кон личниот развој, напредокот и убавите нешта на постоењето. Меѓутоа, колку и да мотивираме кон повисоките вредности, ако кај луѓето не постои интерес за надградба, сето тоа ќе биде јалова работа. На човекот можеме само да му земеме, но не и да му дадеме ако лично не покаже интерес за такво нешто.

„На успешните ’надарени’ луѓе, дарот не им е предаден на сребрен послужавник. Од ден на ден го обликувале, чистеле и обработувале во некоја трајна вредност. Ги усовршувале своите вештини сè додека не станале употребливи за некоја вредна цел“[2].

Ако ги анализирате најдобрите светски изведувачи и успешни луѓе, сигурно ќе забележите една карактеристика заедничка за сите – посветеност на успехот. Тајгер Вудс не излегува на голф-терен само за да би влегол меѓу најдобрите играчи. Опра Винфри не ја прикажува својата емисија секој ден на националната телевизија со надеж дека тоа ќе биде една просечна шоу-програма. Очекува да даде сè од себе. Бара успех. Мајкл Дел, пионер на полето на компјутерите, не се обидува само да го достигне успехот на своите конкуренти. Очекува да ги надмине. Бара успех. Со нивните точки на гледање статус-кво никогаш не е доволно добро решение. Најуспешните поединци не се натпреваруваат со своите современици, се натпреваруваат самите со себе.

Покрај храброста, истрајноста е веројатно најважната карактеристика на успешните луѓе. Треба да ја негуваме храброста за да започнеме нешто, но исто така можеме да имаме и истрајност за да го продолжиме тоа. Без овие две состојки, шансите да го дознаеме рецептот за успех се многу мали. Отсутноста на упорноста е една од најголемата причина на неуспехот. Степенот до кој луѓето истрајуваат е во директна пропорција со интензитетот на нивната желба, а интензитетот на таа желба е во

[2] Брајан Соуза, *Бидете она за што сте предодредени*, Скопје: Наша култура, 2009, стр. 78.

директна пропорција со јасноста на нивниот сон и вербата во самите себе дека ќе успеат.

Целиот живот претставува постојано искуство на учење. Секој успех и секој привремен неуспех служат само да ве подготват за периодот во кој, конечно, ќе го постигнете она што го сакате. Вашите краткорочни и среднорочни цели треба да бидат реални и достижни, а долгорочните цели секогаш треба да ги надминуваат вашите моментални можности.

Како што кажал Оливер Вендел Холмс: „Важна работа на овој свет не е каде сме, туку во која насока тргнуваме". Успехот бара да инвестираме време, труд и напор, но и да се откажеме од многу нешта, со цел да оствариме напредок и да ги реализираме потенцијалите. Самодисциплината, посветеноста и инвестирањето во сопствената надградба се основа на напредокот и без нив не е можен траен успех.

Гранд Кардон запишал дека „понекогаш успехот можеби малку зависи и од тоа дали ќе ве послужи среќата, ама секој човек на кој „му се посреќило" ќе ви рече дека неговата „среќа" е правопропорционална со тоа што го сработил"[3]. Асоцијацијата е дека колку повеќе акции преземаме толку поголеми шанси имаме „да нè послужи среќата".

Причината поради која успешните луѓе изгледаат како да ги служи среќата е тоа што успехот природно овозможува уште повеќе успех. Зиг Зиглар потенцирал дека „многумина не разбираат дека успехот и среќата не се производ на шансата туку на изборот"[4]. Впрочем, секој човек индивидуално одлучува што сака да прави во животот и како ќе се постави кон самиот себеси, кон работата и кон перспективите на сопственото живеење.

## 2. Успехот – главен двигател на животот

Секој човек тежнее да постигне високи професионални остварувања и напредок во животот. Успехот има витална важност, така што исклучително е битно да станеме реализирани и значајни во тоа што го работиме. Мотивацијата за остварување на целите и за реализирање на потенцијалите е насушна потреба на секој поединец кој

[3] Гранд Кардон, *Правилото 10X*, Скопје: Паблишер, 2019, стр. 30.
[4] Zig Ziglar, *Vidimo se na vrhu*, Beograd: Publish, 2005, стр. 31.

дејствува афирмативно, креативно и трудољубиво. Успехот на професионален план е значаен за да се чувствуваме сигурни со самите себе и за да постигнеме финансиска независност и егзистенцијална стабилност. Тој поттикнува самопочитување, почит од заедницата и чувство на исполнетост, нагласувајќи ја важноста на давање личен придонес за напредокот на општеството во кое живееме и компанијата во која работиме.

Клучот на успехот е во утврдувањето на целите, во планирањето, во дисциплината, во упорноста, во мотивацијата, во етиката, во управувањето со промените и во фокусирањето кон позитивните можности на животот.

На успехот мора да му пристапувате од етичка гледна точка. Успехот е ваша должност, обврска и одговорност. Професионалецот треба да дејствува според правилата (етичкиот кодекс) на дејноста, од него се бара да се однесува сообразно на професијата, да ги чува нејзиниот лик и чест. Дел од моралната димензија на деловноста е колегијалноста, блискоста со оние кои работат иста или слична работа, соработката со нив, поврзаноста при дејствувањето, размената на информации, давањето меѓусебна помош[5].

Без оглед кој за какви приоритети ќе се одлучи, успехот не паѓа од небо туку доаѓа како резултат на претходни акции и јасно дефинирани цели.

Професионалната реализација произлегува од ефикасната самоорганизираност, самодисциплината, едукацијата и позитивното искористување на психофизичките капацитети на личноста. Успехот доаѓа како резултат на ментални и духовни напори проследени со преземање на неопходните акции во текот на целиот временски период до конечното постигнување на успехот. Луѓето што се многу успешни – и во професионалниот и во приватниот живот – продолжуваат да работат, да произведуваат и да творат дури и откако успеале. Успехот поттикнува самодоверба, имагинација и чувство на сигурност и ја нагласува важноста на давањето на сопствен придонес.

Според Наполеон Хил: „Ако сакате да постигнете значаен успех, морате да бидете подготвени да се одделите од толпата. Успех постигнува малцинството, а не мнозинството луѓе. Искачувајќи се по скалата на успехот ќе откриете дека има многу

---

[5] Kiril Temkov, *Dobro, bolje, najbolje*, Niš: Bajka, 2003, стр. 190-191.

такви кои, од љубомора или завист, ќе ја намалуваат вредноста на вашите постигнувања. Сепак, ако храбро ги браните своите уверувања, ништо не може да ве помести од патот. Цврстината на своите уверувања ја создавате со сопствените размислувања и со постојаното тестирање на своето знаење“[6].

Луѓето постигнуваат успех кога ќе сфатат дека неуспесите се подготовка за нивната победа.

Многумина не сфаќаат дека големиот успех е резултат на мали успеси постигнати во текот на многу долг временски период. Вистински успешните луѓе размислуваат на долги патеки. Тие знаат дека успехот мораат постапно да го градат и постојано да ги усовршуваат личните методи.

Успехот секогаш е поврзан со константната работна ангажираност, со постојано инвестирање во човечките ресурси, со иновативните, интерактивни и имплементирачки процеси, со професионализмот и со одржувањето високи етички стандарди во работењето.

**Заклучок**

Во мудрите книги е запишано: „За да бидете ѕвезда, мора да сјаете со сопствената светлина, да го следите сопствениот пат и да не се плашите од темнината, бидејќи кога е најтемно - ѕвездите најсилно сјаат“. Како што напишал Елдон Тејлор: „Тоа што го очекувате, тоа и го добивате; тоа од кое стравувате, испаѓа дека е тоа што го создавате; тоа што го замислувате, обично е тоа со кое се сретнувате“.

Моќта на верувањето влијае врз тој што верува, но постои уште една моќ, а тоа е моќта на намерата. Вербата и намерата не само што влијаат на начинот на живот што го водиме, туку имаат влијание и на сè друго. Германскиот филозоф Артур Шопенхауер има кажано: „Човекот поседува капацитет да го реализира тоа што го сака, само треба да одлучи што точно сака“. Со знаењето доаѓа моќта, така што кога знаеме што сакаме, тогаш многу полесно ќе го реализираме тоа што го сакаме. Потсвеста прецизно просудува дали напразно се надеваме или со целото свое битие веруваме дека ќе успееме. „Вербата планини поместува“ е мотивациска максима произлезена од

[6] Наполеон Хил, *Планирање на успехот*, Скопје: Лотос, 2002, стр. 50-51.

Библијата – таа покажува дека успехот зависи од степенот на вербата и од позитивниот пристап кон нештата.

Суштината е да бидеме во состојба да го одржуваме успехот, а не само да го постигнеме. Не е доволно само да учествуваме во работниот процес, многу е важно да научиме константно да постигнуваме значајни резултати и постојано да се надградуваме.

**Conclusion**

It is written in the wise books: “To be a star, you must shine with your own light, follow your own path and not be afraid of the dark, because when it is darkest the stars shine brightest.” As Eldon Taylor wrote: “What you expect is what you get; what you fear turns out to be what you create; what you imagine is usually what you meet.”

The power of belief affects the believer, but there is another power, and that is the power of intention. Belief and intention not only influence the way we live, but influence everything else. The German philosopher Arthur Schopenhauer said: “Man has the capacity to realize what he wants, he just needs to decide what exactly he wants.” With knowledge comes power, so when we know what we want, then it will be much easier to realize what we want. The subconscious accurately judges whether we hope in vain or believe with all our being that we will succeed. “Faith moves mountains” is a motivational maxim derived from the Bible - it shows that success depends on the degree of faith and a positive approach to things.

The point is to be able to sustain success, not just achieve it. It is not enough to just participate in the work process, it is very important to learn to constantly achieve significant results and constantly upgrade.

**Користена литература:**

1. Cajs, Toni. „*Napravite svoje sopstvene merdevine*“, Beograd: Leo Commerce, 2006.
2. Хил, Наполеон. „*Планирање на успехот*“, Скопје: Лотос, 2002.
3. Кардон, Грант. „*Правилото 10X*“, Скопје: Паблишер, 2019.
4. Карнеги, Дејл. „*Психологија на успехот*“, Скопје: Наша култура, 2008.
5. Крстевски, Зоран. „*Излез од криза*“, Скопје, 2020.

6. Соуза, Брајан. „*Бидете она за што сте предодредени*“, Скопје: Наша култура, 2009.
7. Шопенхауер, Артур. „*Етика*“, Скопје: Култура, 1998.
8. Tejlor, Eldon. „*Programiranje uma*“, Beograd: Leo Commerce, 2015.
9. Temkov, Kiril. „*Dobro, bolje, najbolje*“, Niš: Bajka, 2003.
10. Трејси, Брајан. „*Без оправдувања*“, Скопје: Паблишер, 2011.
11. Ziglar, Zig. „*Vidimo se na vrhu*“. Beograd: Publish, 2005.

*Проф. д-р Ана Белазелковска-Грежловска*[1],
*доц. д-р Емилија Костадиновска*[1], *ас. д-р Дијана Јошева*[1]
[1]Факултет за дентална медицина
[1]Европски универзитет Скопје
E-mail: ana.belazelkovska@eurm.edu.mk, emilija.kostadinovska@eurm.edu.mk, dijana.angeleska@eurm.edu.mk

# СПОСОБНОСТА ЗА КРИТИЧКО РАСУДУВАЊЕ И ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНА СОРАБОТКА – ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕХ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА

**Апстракт**

Стоматологијата постојано напредува, но, сепак, генерално, пациентите и стоматолозите не успеваат да извлечат оптимална корист од научниот напредок. Стоматолозите често рутински поставуваат дијагноза и план на третман изолирано, во голема мера потпирајќи се на нивните сопствени способности за донесување одлуки. Во денешно време, пак, од стоматолозите се очекува не само да го надградуваат своето знаење доживотно, туку и да бидат умешни при критичкото размислување и да ги користат научните докази за клиничко решавање на денталните проблеми во практиката. Во рамките на современата стоматологија, повеќе специјалности на стоматологијата делат блиска и нераскинлива врска во повеќе аспекти, вклучувајќи го планот за третман, извршување на тераписките процедури, постигнување на исходот и одржување на постигнатите резултати. Притоа, добрата интердисциплинарна соработка и критичкото расудување можат да му овозможат на пациентот оптимален третман и долгорочен поволен исход.

**Клучни зборови:** *стоматологија, знаење, критичко расудување, интердисциплинарна соработка.*

# THE ABILITY FOR CRITICAL REASONING AND INTERDISCIPLINARY COLLABORATION – A PREREQUISITE FOR SUCCESS IN DENTISTRY

**Abstract**

Dentistry is constantly advancing, yet in general, patients and dentists fail to derive optimal benefit from scientific advances. Dentists often routinely diagnose and plan treatment in isolation, relying heavily on their own decision-making abilities. Nowadays, dentists are expected not only to upgrade their knowledge for life, but also to be adept at critical thinking and using scientific evidence to clinically solve dental problems in practice. Within contemporary dentistry, multiple dental specialties share an intimate and inextricable relationship in multiple aspects, including the treatment plan, the execution of the therapeutic procedures, the achievement of the outcome and the maintenance of the achieved results. Good interdisciplinary cooperation and critical judgment can provide the patient with optimal treatment and a long-term favorable outcome.

**Keywords:** *dentistry, knowledge, critical thinking, interdisciplinary cooperation.*

Комбинацијата од напредокот во технологијата и зголемената свесност на пациентите создаде предизвик за стоматолошката професија. Денес од стоматолозите се очекува да бидат толку вешти во дијагнозата, планирањето на третманот и да понудат прогнози за долгорочен успех.

Стоматолошките потреби на пациентите се често сложени и бараат голема посветеност, па и стоматолозите треба да поседуваат сестрани вештини за да можат да обезбедат внимателна и висококвалитетна грижа за презентираните проблеми. Не е доволно само да се идентификува проблемот.

Стоматолозите мора да бидат способни да ги споредат предностите и недостатоците на различните начини на третман кога даваат препораки. Притоа мора и да ги предвидат медицинските и/или системските импликации на препорачаниот третман.

Стоматолозите во практиката се соочуваат со пациенти од различни возрасти, очекувања, тешкотии и степени на здравје.

При формирањето на планот на терапија, покрај оптималната функција на стоматогнатниот систем, естетските барања имаат сѐ поважна улога во многу случаи. Секој пациент различно ги вреднува своите естетските барања, во зависност од возраста, полот, професијата, социјалната положба и други варијабли. Затоа е потребно стоматологот многу внимателно да го процени и да го земи предвид конечниот резултат од терапијата, оној што ќе биде естетски прифатлив за пациентот без да ги загрозува основните напори за постигнување на оралното здравје.

Стоматологот мора да биде вешт во воспоставувањето на добар однос лекар-пациент. Тој мора да биде искрен, полн со разбирање и мора да биде способен да го канализира размислувањето на својот пациент во конструктивни процеси. Тој мора да биде вешт во дијагностиката, не само за оралните делови што тој предлага да ги замени, туку и за односот на целата личност со крајната функција што се обидува да ја подобри. Се разбира, тој мора да има познавање од основните и клиничките науки, а исто така мора да може да ги употреби. Тој мора да има длабинско знаење за општата практика и за другите специјалности.

Клиничкото донесување одлука за дијагностицирање и лекување на оралните и денталните болести консолидира повеќе извори на сложени информации, но сепак индивидуалните клинички одлуки често се прават интуитивно или врз основа на ограничено критичко расудување за да се поедностави одлучувањето, што може да доведе до погрешно донесени одлуки  штетни за пациентите.(1)

На докторите по дентална медицина им е обврска да можат критички да ги проценат достапните клинички истражувања и потоа да ги поврзат тие информации со различни препораки за третман.

Во сите овие области, вештините за критичко размислување се клучни. Во отсуство на критичко размислување и расудување, пациентите нема да бидат насочени кон оптимални решенија за третман. Всушност, да се има правилен процес на размислување е исто толку важно како и да се дојде до конечната дијагноза и препорачаниот третман.

За да се намали јазот помеѓу она што го знаат и она што го применуваат во практиката, наодите од истражувањето мора да се преточат од знаење на дело. Ваквите практики подобро им овозможуваат на стоматолозите да донесуваат одлуки засновани на докази наместо лични идеи и пресуди.(2)

Преводот на знаењето (Knowledge translatation) се однесува на примената на најдобрите достапни докази за да имаат корист за здравјето и благосостојбата. Ова е суштински процес кој вклучува низа засегнати страни во интеракција во здравствениот систем.(2)

Стоматологијата заснована на докази (Evidence Based Dentistry), од друга страна, е процес на комбинирање на најдобрите достапни научни докази и клиничката експертиза на стоматолозите со потребите и преференциите на пациентите со цел да послужи како основа за клиничка нега.(2)

Се тврди дека дури и премногу зафатените стоматолози можат лесно да ја имплементираат стоматологијата базирана на докази со употреба на технологија и електронски ресурси. Стоматологијата базирана на докази е особено важна во планирањето на третманот, што е процес во кој се носат критичните одлуки за грижата за пациентот.

Планирањето на  третман заснован на докази во стоматологијата има за цел да им помогне на докторите да обезбедат најсовремен третман што ќе биде оправдан со порационалното резонирање во врска со темелниот преглед на алтернативни третмани, дијагностичките информации, желбите на пациентите и податоците за исходот базиран на докази.

Планот на терапија ги опфаќа сите мерки и зафати кои е потребно да се преземат кај одреден пациент за да се постигне саканата цел на терапија.

За жал, имплементацијата на практиката базирана на докази (EBD) од страна на стоматолозите е многу ограничена поради нејзината сложеност.(2)

Кога се генерира иновациско знаење, не мора да значи дека ќе стане широко прифатено или ќе има влијание врз здравствениот сектор тоа знаење од истражувачката средина да се преточи во практиката.

Синтезата на знаењето и етички здравата примена на знаењето во практиката обезбедува поефикасни здравствени услуги.

За да се намали јазот помеѓу она што го знаеме и она што го правиме, наодите од истражувањето треба да се преведат од знаење на дело, но на разумен начин.

Некои од причините за важноста на развојот на превод на знаењето (Knowledge translation) се следниве:

- околу една третина (30-45%) од пациентите не се лекуваат со интервенции со докажана ефикасност;(3)
- околу една четвртина (20-25%) од пациентите добиваат непотребни или ризични интервенции;(4,5)
- дури три четвртини од пациентите не ги добиваат соодветните информации за донесување одлуки;(6)
- дури половина од лекарите не ги користат доказите потребни за донесување одлуки.(5,7)

Општо земено, пациентите и лекарите не успеваат да извлечат оптимална корист од научниот и медицинскиот напредок.(2)

Индивидуалната клиничка експертиза се однесува на умешноста и расудувањето што лекарите ги добиваат преку клиничкото искуство и практика. Разгледувањето на потребите и преференциите на пациентот, како и употребата на тековните најдобри докази е исто така составен дел од практиката на стоматологијата базирана на докази.

Со цел да понудат најдобри можни третмани за оптимално здравје на пациентот, стоматолозите би требало да бидат посветени на креирање на клиничка практика понаучна и емпириски заснована како и совесно и разумно користење на тековните најдобри клинички докази од стручните истражувања во донесувањето одлуки за грижата за поединечни пациенти, притоа почитувајќи ги нивните права и преференци.

Американската стоматолошка асоцијација има сеопфатна дефиниција за стоматологијата базирана на докази (EBD) (8): „Стоматологијата базирана на докази е пристап кон грижата за оралното здравје кој бара разумна интеграција на систематски

проценки на клинички релевантни научни докази, кои се однесуваат на оралната и медицинската состојба и историјата на пациентот, со клиничката експертиза на стоматологот и потребите и преференциите за третман на пациентот“.

Стоматологијата базирана на докази, исто така, може накратко да се дефинира како (9,10): „Интеграцијата на науката, искуството на лекарите и вредностите на пациентот кои служат како основа за клиничката нега“.

Дефиницијата за стоматологијата базирана на докази има три главни компоненти (11):

- најдобрите актуелни докази;
- експертизата на клиничарот;
- вредностите и преференциите на пациентот.

Вештините за критичка проценка се предуслови за компетентност во стоматологијата базирана на докази (12,13) и стоматолозите треба да бидат способни да ги применат во секојдневната клиничка практика. Но сепак не сите стоматолози, вклучително и стоматолошки едукатори, се обучени за критичка проценка на литературата.

Во професионалната практика, критичкото размислување му овозможува на стоматологот да ги идентификува информациите, да ги препознае релевантните докази и да донесе соодветни одлуки врз основа на логичен и со отворен ум преглед на достапните опции. На таков начин стоматологот потоа може да ги процени и резултатите од неговите дијагностички и терапевтски одлуки. Еден вообичаен пример е координацијата и комуникацијата што се случува помеѓу стоматологот и ортодонтот за да се обезбеди оптимален третман за пациентот.

Критичното размислување е интелектуален процес на синтеза и примена на знаења, ставови и вештини и е суштински дел од можноста прецизно да се дијагностицираат состојбите, да се советуваат пациентите и да се интегрираат нови стоматолошки цели.

Критичкото размислување подразбира дека некој има база на знаење од која може да расудува и способност да анализира и оценува докази.(14) Примена на академско знаење и вештини за критичко размислување е императив при лекување на

стоматолошки пациенти, од одлучување за вистинскиот третман до управување и/или спречување на медицински компликации.

Анализирањето на комплексниот сет на информации за пациентите, вклучувајќи ги и главните поплаки и изразени грижи на пациентите и нивната медицинска и стоматолошка историја, како и објективните податоци, му овозможува на стоматологот да дојде до листата на проблеми кои треба да се решат и планови за лекување кои им служат на комплексните потреби на пациентите. Притоа да го смета пациентот како личност, да биде чувствителен на улогата на културните фактори и да размислува за збир на фактори кои се поврзани со научното знаење презентирано од различни дисциплини.

Фактори фокусирани на пациентот: очекувањата на пациентите, претходните стоматолошки искуства и денталниот страв и факторите што се однесуваат на културната заднина на пациентите: нивната етничка припадност/раса, социоекономски статус и социјални влијанија.

Важно е да се напомни фактот дека дури и искусните лекари не секогаш се согласуваат за секој план за лекување.

Критичкото размислување не доаѓа природно; потребно е одредено ниво на вештина, но и труд. Сепак, докторите развиваат процеси на расудување кои им овозможуваат да бидат поефикасни и попрецизни во дијагнозата и планирањето на третманот како што напредуваат од тоа да се биде само почетник до тоа да се биде експерт.(15) Crespo и соработниците покажаа дека стручните стоматолози користеле вештини за критичко расудување кои биле квалитативно различни од оние на почетните и компетентни лекари.

Постојат студии кои покажаа дека нивото на свеста и знаењето е помало кај стоматолозите кои работат во државните здравствени установи и приватни стоматолошки ординации.(16) Тоа се должи на поголемата стапка на следење на тековни научни публикации и списанија, како и поголемата комуникација помеѓу различните специјалистички оддели на стоматолозите кои се вработени на универзитет. Нивото на знаење за ендопериодонталните лезии се покажа како прилично ниско кај општите стоматолози и стоматолозите од други специјалности наспроти специјалистите по пародонтологија и ендодонција.(16,17,18) Поголемото ниво на

познавање на ендодонтите и пародонтолозите се претпоставува дека се должи на тоа што овие лезии се константна проблематика во рамките на нивната специјалност.

Меѓусебната поврзаност помеѓу пародонталната и ендодонтската болест отсекогаш предизвикувала конфузија, прашања и контроверзии: Разграничувањето помеѓу пародонтална и ендодонтска лезија, дали има болка од пародонтално и/или пулпално потекло, од витално значење е да се постави правилна дијагноза за да се обезбеди соодветен третман. Третманот на овие лезии е еден од почестите предизвици со кои се соочуваат стоматолозите во секојдневната клиничка практика и при планирањето на третманот треба да се земе предвид степенот на инфламација и на пародонтот и на пулпата. Ендодонтско-пародонталните лезии се одговорни за повеќе од 50% од загубата на забите.(19) Покрај дијагнозата многу важна е и точно поставената прогноза, бидејќи врз неа се темели и рационалниот план за третман. Често недоволното познавање на стоматолозите доведува до започнување на третман на заби со безнадежна прогноза.

Исто така, една студија покажа дека 21,1% од стоматолозите пријавиле погрешно вадење заби.(20)

Ова е уште еден пример за потребата од критичко расудување, примена на стоматологија базирана на докази и вклучување на различни специјалности за примена на најсоодветен третман. Исто така постојат студии кои укажуваат на ниско ниво на познавање и свесност за оралниот карцином, темпоромандибуларните дисфункции и медикаментозно индуцирана остеонекроза на вилиците кај општи стоматолози кои и поретко се соочуваат со такви состојби во својата практика.(21,22,23) Здравственото знаење за статусот поврзан со пародонталната болест е сè уште на многу ниско ниво во одредени земји.(24)

Од суштинско значење за стоматолозите е да го ажурираат своето знаење одвреме-навреме. Општите стоматолози мора да бидат ажурирани со новите терминологии и класификации на болестите бидејќи тоа ќе им овозможи подобра комуникација со колегите и попрецизна дијагноза за нивните пациенти. Иако умерено низок процент на стоматолози покажаа познавање и употреба за најновата класификација на пародонтална болест.(25)

Како последица на намалувањето на преваленцата на кариесот и третманот на пародонталната болест, сè поголем број стари лица сè уште имаат неколку природни заби. Пред неколку децении, повеќе беше правило отколку исклучок дека на крајот на животот луѓето немаа ниту еден или многу малку преостанати природни заби, со или без мобилни протези, во зависност од општеството во кое живееле. Меѓутоа, во последните 10 години станува сè понеприфатливо за пациентите да се носи мобилна протеза.

Неодамнешните случувања во пародонталната и конзервативната стоматологија доведоа до редефинирање на целта на третманот. Во рамките на пародонтологијата, целта на третманот повеќе не е ограничена на запирање на деструктивниот процес, туку за повторно воспоставување на изгубениот периодонциум преку принципот на водена регенерација и/или примена на фактори на раст(26).

Во рамките на протетиката, изгубените заби кои вообичаено беа заменети со протези или мостови, во денешно време почесто се заменуваат со интраосеални импланти. Одредени студија испитувајќи ги свеста, ставот и знаењето на пациенти од урбаната популација во врска со третманот со дентални импланти покажа дека пациентите немаат многу точно познавање за материјалот и начинот на поставувањето на имплантите, туку се потпираат на нивниот стоматолог за целокупниот успех при нивното поставување и притоа имаат големи очекувања за естетика.(27)

Протетските изработки може да бидат корисни или штетни во зависност од напреднатото планирање што е направено. Напредно планирање значи да се земат предвид идните околности или потреби и една од целите е да се минимизира бројот на идни неизвесности што би можеле да се појават. Најдобри услови за изработка на протетска конструкција се добива со консултации за преттретман помеѓу пародонтолог и протетичар.

Ова ќе го спречи непотребното лекување на забите кои се од сомнителна вредност или непотребното вадење на забите што би можело да се покажат како витални за долгорочни цели. Ова, исто така, претставува извонредна можност за професионална соработка.

Во присуство на малоклузија, ортодонцијата е неопходна компонента на вкупниот третман, кој вклучува соработка помеѓу различни специјалности.

Ортодонтскиот третман денес оправдано може да послужи како дел од на процедурите за пародонтален третман во голем број ситуации. Земањето предвид и на оклузалните соодноси кај пациенти со компромитирано пародонтално здравје е значајно во насока на донесување одлука дали ќе се прави оклузално состружување и приспособување, реставративно протетско или ортодонтско решавање, шинирање или корекција на бруксизам и парафункции. Ортодонтските процедури со подобрување на положбата на неправилно поставените заби ќе овозможат редукција на акумулацијата на дентален плак, корекција на абнормалната положба на гингивата, корекција на коскените дефекти како последица на ортодонтски стимулираната остеогена активност и подобрена естетика. Со вака создадените оптимални морфолошки и функционални услови се олеснуваат условите за извршување на другите стоматолошки процедури и на протетичарот и пародонтологот им се обезбедува поголеми можности за продолжување на животот на забите.

Во рамките на современата стоматологија, повеќе специјалности на стоматологијата делат интимна и нераскинлива врска во повеќе аспекти, вклучувајќи го планот за третман, извршување на тераписките процедури, постигнување на исходот и одржување на постигнатите резултати.

За жал, многу стоматолози не се свесни за тоа како да ја инкорпорираат комуникацијата и соработката со други специјалности во нивната практика. За пациентите е фрустрирачки кога ќе добијат мислење за одреден третман од еден стоматолог, па од кои било причини при посета на друг стоматолог да добијат сосема спротивно второ мислење.

Предложениот третман од страна на еден стоматолог можеби не е најдобро решение за пациентот или е во спротивност со предрасудите на друг стоматолог или преференците и желбите на пациентот.

Како резултат на тоа, пациентите со високи естетски очекувања, но со малку разбирање на опсегот на нивните реални потреби, можат да станат жртви на несоодветен супстандарден третман и/или непотребни повеќекратни третмани, оставајќи ги разочарани и вознемирени во најдобар случај или може да го загрози нивното здравје во најлош случај.

Овој аспект не треба да варира од стоматолог до стоматолог бидејќи дијагнозата на проблемот е прилично објективна. Сепак постојат различни техники за постигнување на секој третман. Некои од проблемите на пациентот можат да се решат само со специфични процедури. Други имаат алтернативни решенија, а исто така и стоматолозите имаат свои преференции за тоа како сакаат да го завршат третманот врз основа на нивното искуството, способноста за клиничко расудување и експертиза. Ова често може да биде вознемирувачко за пациентите кога ќе сретнат двајца стоматолози кои размислуваат многу поинаку.

Понекогаш стоматолозите можат правилно да дијагностицираат проблем, но потоа да понудат неефикасен или несоодветен третман. Во некои случаи, тие може да не понудат никаков третман, ако погрешно утврдат дека состојбата не е сериозна.

Одлуката за третман некогаш е едноставна, но често е сложен процес. Врз одлуката за изборот и имплементација на одреден третман влијаат клинички фактори поврзани со статусот на оралното и системското здравје на пациентот но и неклинички фактори како што се: социекономскиот статус на пациентот, финансиските можности на пациентот но и други лични карактеристики кои се однесуваат и на пациентот и на докторот како возраста и искуството.

Одредени фактори како научните истражувања за меѓусебната врска помеѓу оралните болести и медицинските болести, но и мултикултурното општество имаат силно влијание и врз стоматолошката заштита но и врз стоматолошката едукација.(28) Оралното здравје е критично за целокупното здравје. Одредена студија покажа дека само половина односно 54% од испитаниците биле свесни за заедничката поврзаност помеѓу пародонталната болест и дијабетесот, а само 42% биле свесни дека одредени лекови се поврзани со ксеростомија.(29)

Соработката помеѓу докторите по дентална медицина и докторите по општа медицина има големо значење и голем потенцијал за менаџирање на влијанието на оралното здравје врз целокупното здравје како и денталниот третман на медицински имунокомпромитирани лица.

Мноштвото знаци, симптоми, медицинска и дентална историја, но и опциите за третман често се сложени и донесувањето правилна одлука претставува вистински предизвик.

Стоматологијата постојано напредува и се преселивме во нова ера во која стоматологијата повеќе не може да се практикува во изолирани специјализирани оддели за да се задоволат севкупните потреби на пациентите. Стоматологијата е разновидна област која се состои од различни гранки. Возможно и потребно е да се користат различните дисциплини во стоматологијата за да се обезбеди највисоко ниво на стоматолошка заштита на секој пациент. Особено кога стандардниот третман не придонесува до подобрување на состојбата, стоматологот не треба да се двоуми да го упати пациентот до специјалист.

Напредокот во стоматологијата доведе и до редифинирање на целта на третманот. Третманот треба да ги следи индивидуалните карактеристики на пациентот, како и нивните очекувања во однос на клиничкиот успех.

Пристапот кон третманот може да биде индивидуален, мултидисциплинарен или интердисциплинарен.

Секој пристап варира во однос на степенот на софистицираност и степенот на успех.

Индивидуалниот или унидисциплинарен пристап е кога стоматологот се обидува да третира сложен проблем изолирано при тоа обидувајќи се да пружи нега во обемот на различни специјалности без вештини и знаења потребни за да се земат предвид сите ризици и да ја испорачаат соодветната терапија според очекуваниот стандард и придобивките од различните терапии. Унидисциплинарната стоматологија вклучува мала или никаква соработка и честопати игнорирање на другите дисциплини.
Секој пациент е единствен и често грижата не може и не треба да зависи од индивидуалните вештини на ниту еден доктор без разлика дали е општ или специјалист од одредена област. Иако многу стоматолози може да поседуваат доволно знаење и вештини за лекување на одредени состојби, сепак недостаток на овој пристап е тесната професионална перспектива и поголема можност за грешки како пропуштање на одредени симптоми и алтернативни пристапи.

Да се идентификува и да се цени она што другите специјалистички дисциплини го нудат е во најдобар интерес за пациентот. Превидувањето на нешто или погрешното дијагностицирање на пациентот може да доведе до недостаток на третман или

непотребни повеќекратни третмани, кои во најдобар случај може да бидат неефикасни и во најлош случај штетни.

Така на пример, бидејќи ортодонтскиот третман често резултира со несакани пародонтални промени, вклучувањето на пародонтолог и пародонтална нега рутински како составен дел од ортодонтската терапија е неизбежно, иако многу често се занемарува во пракса. Разбирањето на ортоперио релацијата помага во извршувањето на најдобри можни резултати кај ортодонтските пациенти.

Пародонтологијата и протетиката пак имаат една од помоќните и блиски корелации од сите дисциплини на модерната стоматологија. Во одредени случаи може да доведе до уривање на хармонијата помеѓу пародонтот и протетската реставрација се доведува до промени во меките ткива како боја, големина, текстура и конзистентност на гингивата што доведува до нарушен естетски исход. Кај пациентите со пародонтопатија од особена важност е да се примени сеопфатен третман, а унидисциплинарниот пристап е штетен. Во вакви случаи посебно со тек на време сложеноста расте, а експоненцијално со тоа расте и цената на третманот но и се намалуваат опциите за третман.

На пациентите со пародонтопатија, пациентите со сложена медицинска или дентална историја, но и на пациентите генерално може да им се даде подобар исход и квалитет со мулти или интердисциплинарен пристап.

Се чини дека не е посебно посветено внимание на разликувањето помеѓу зборовите интердисциплинарно и мултидисциплинарно. Меѓутоа, постои фундаментална разлика во значењето на двата поима.

Зборот мултидисциплинарно означува само дека се вклучени повеќе од една дисциплина - чинот што треба да се изврши е составен од неколку различни гранки на специјалност. Мултидисциплинарната нега не нагласува интегриран пристап кон грижата, бидејќи секој член на тимот ја користи својата експертиза за да развие индивидуални цели за нега. Зборот интердисциплинарен, од друга страна, укажува на интеракција помеѓу вклучените дисциплини, интеракција која е потребна и во фазата на планирање и за време на третманот.

Познавањето барем дел од другите дисциплини е неопходен услов за претворање на мултидисциплинарната работа во интердисциплинарна работа.

Интердисциплинарниот пристап бара повеќе или помалку интеграција, па дури и модификација на дисциплинските придонеси.

Мултидисциплинарната стоматологија вклучува свесност за другите стоматолошки дисциплини но, сепак, постои неструктурирана соработка помеѓу општите стоматолози и специјалистите или специјалисти од различни области и тие не мора да имаат заеднички цели за лекување. „Неструктурирана“ се однесува на тоа дека секој стоматолог ги извршува интервенциите во својата специјалност и притоа проблемите на пациентот се поделени и се третираат паралелно, при што секој доктор е одговорен само за својата област. Соодветни експерти од различни професии самостојно се справуваат со различни аспекти од случајот на пациентот.

Интердисциплинарната стоматологија вклучува структурирана соработка помеѓу општите стоматолози и специјалисти вклучени во третман на пациентите; понатаму, постои заедничко работно знаење меѓу сите страни. Тука постои повисок степен на интеракција и координација отколку типична консултација. Интердисциплинарниот пристап ги користи сите членови на стоматолошкиот тим, од административен до специјалист, и им помага на пациентите да направат едукативен избор врз основа на сите опции за третман.

„Структурирана соработка“ се однесува на тоа дека донесувањето одлука, планирањето и извршувањето на третманот се структурирани и дискутирани заедно помеѓу сите вклучени доктори кои работат заедно во хармонија со иста визијата. Овој пристап сугерира вкрстени линии на комуникација и соработка и интеграција на дисциплините кои придонесуваат.

Интердисциплинарниот пристап е тренд за сеопфатен стоматолошки третман.(30)

**Заклучок**

Оптималниот успех во стоматологијата не доаѓа од индивидуален напор, туку од заеднички тимски напор. Разликите помеѓу стагнирачка и успешна напредувачка стоматологија можат да бидат вкоренети во недостатокот на соработката помеѓу различните гранки на стоматологијата и гледање на оралното здравје од тимска

перспектива како критичен фактор за да се постигне долгорочно стабилно здравје на пациентите.

Стоматолозите и лекарите треба да го стават фокусот на соработката помеѓу различните гранки на стоматологијата и да ја прифатат идејата за гледање на оралното здравје од тимска перспектива како критичен фактор за да се постигне долгорочно стабилно здравје на пациентите.

Стоматолошката и медицинската практика често бара интердисциплинарен пристап кој ги интегрира знаењата, вештините и искуството на сите дисциплини на стоматологијата, медицината и нејзините поврзани области во сеопфатен третман за да се максимизираат резултатите. Брзиот и сеопфатен научен и технолошки напредок им отежна на стоматолошките и медицинските практичари да бидат ажурирани во нивните области; така што за да се намали фрустрацијата на лекарите и да се зголемат придобивките од пациентите, интердисциплинарниот пристап стана суштински.

Стоматолозите се одговорни за здравјето на нивните пациенти и тоа секако е одговорност чија важност не треба да се потценува. За да им се обезбеди на пациентите најдобра, најточна и најсовремена нега базирана на докази, мора стоматолозите да се стремат кон критичко расудување. Предизвикот за секој стоматолог е постојано да ги негува своите вештини за критичко размислување и расудување.

Стоматолозите е неопходно секогаш да бидат отворени за проширување на нивната база на знаење за да можат најдобро да им служат на потребите на пациентите.

## Conclusion

Optimal success in dentistry does not come from an individual effort, but from a joint team effort. The differences between stagnant and successful progressive dentistry can be rooted in the lack of cooperation between the different branches of dentistry and viewing oral health from a team perspective as a critical factor to long-term stable health of patients is achieved.

Dentists and physicians should focus on collaboration between the different branches of dentistry and embrace the idea of viewing oral health from a team perspective as a critical factor in achieving long-term stable patient health.

Dental and medical practice often requires an interdisciplinary approach that integrates the knowledge, skills and experience of all disciplines of dentistry, medicine and its related fields in a comprehensive treatment to maximize results. Rapid and pervasive scientific and technological advances have made it difficult for dental and medical practitioners to stay up-to-date in their fields; thus, to reduce physician frustration and increase patient benefits, an interdisciplinary approach has become essential.

Dentists are responsible for the health of their patients and this is certainly a responsibility whose importance should not be underestimated. To provide patients the best, most accurate and up-to-date evidence-based care, dentists must strive for critical judgment. The challenge for any dentist is to continually cultivate their critical thinking and reasoning skills.

Dentists must always be open to expanding their knowledge base in order to best serve the patient's needs.

**Користена литература**

1. Murdoch AIK et al. Determinants of Clinical Decision Making under Uncertainty in Dentistry: A Scoping Review. Diagnostics (Basel). 2023 Mar 13;13(6):1076. doi: 10.3390/diagnostics13061076. PMID: 36980383; PMCID: PMC10047498.
2. Kelvin I. Afrashtehfar , Mansour K. Assery .From dental science to clinical practice: Knowledge translation and evidence-based dentistry principles. The Saudi Dental Journal (2017) 29, 83–92 .
3. Grol.R.2001.Successes and failures in the implementation of evidence-based guidelines for clinical practice. Med. Care 39 (8), II46–II54.
4. Grimshaw, J.M., Eccles, M.P., Lavis, J.N., Hill, S.J., Squires, J.E., 2012. Knowledge translation of research findings. Implement Sci. 7, 50.
5. Schuster, M.A., McGlynn, E.A., Brook, R.H., 2005. How good is the quality of health care in the United States? 1998. Milbank Q. 83 (4), 843–895.
6. Straus, S., Tetroe, J., Graham, I.D., Leung, E. Knowledge to Action: What It Is and What It Isn't. CIHR IRSC.

7. McGlynn, E.A., Asch, S.M., Adams, J., Keesey, J., Hicks, J., DeCristofaro, A., Kerr, E.A., 2003. The quality of health care delivered to adults in the United States. N. Engl. J. Med. 348 (26), 2635–2645.
8. Younossi, Z., Guyatt, G., 1999. Evidence-based medicine: a method for solving clinical problems in hepatology. Hepatology 30 (4), 829–832.
9. Niederman, R., Clarkson, J., Richards, D., 2011. The Affordable Care Act and evidence-based care. J. Am. Dent. Assoc. 142 (4), 364–367.
10. Ismail, A.I., Bader, J.D.ADA Council on Scientific Affairs and Division of Science; Journal of the American Dental Association, 2004. Evidence-based dentistry in clinical practice. J. Am. Dent. Assoc. 135 (1), 78–83.
11. Sackett, D.L., Rosenberg, W.M., Gray, J.A., Haynes, R.B., Richard- son, W.S., 1996. Evidence based medicine: what it is and what it isn't. BMJ 312 (7023), 71–72.
12. Horsley, T., Hyde, C., Santesso, N., Parkes, J., Milne, R., Stewart, R., 2011. Teaching critical appraisal skills in healthcare settings. Cochrane Database Syst. Rev. (11) CD001270.
13. Parkes, J., Hyde, C., Deeks, J., Milne, R., 2001. Teaching critical appraisal skills in health care settings. Cochrane Database Syst. Rev. (3) CD001270.
14. Benner P, Hughes RG, Sutphen M. Clinical Reasoning, Decisionmaking, and Action: Thinking Critically and Clinically. In: Hughes RG, editor. Patient Safety and Quality: An Evidence-Based Handbook for Nurses.Rockville (MD): Agency for Healthcare Research and Quality (US); 2008 Apr. Chapter 6.
15. Crespo KE, Torres JE, Recio ME. Reasoning process char- acteristics in the diagnostic skills of beginner, competent, and expert dentists. J Dent Educ 2004;68(12):1235-44.
16. Yılmaz Çırakoğlu N, Karayürek F. Knowledge and awareness levels of dentists ' about the endo-perio lesions: the questionnaire-based research.. ADYÜ Sağlık Bilimleri Derg. 2021;7(1):64-70.doi:10.30569.adiyamansaglik.815597.
17. Grudianov A, Makeeva MK. Endo-perio lesions prevalence and awareness of dentists about diagnostics and treatment. Stomatologiia. 2014;93(3):11-14.

18. Khandelwal A, Billore J, Gupta B, Jaroli S, Agrawal N.Knowledge, attitude and perception on endo-perio lesions inpracticing dentists- A qualitative research study. J Adv Med DentScie Res. 2020;8(11):31-34.
19. Bender IB. Factors influencing the radiographic appearance of bony lesions. J Endod. 1997; 23(1):5-14.
20. Jan, A.; Albenayan, R.; Alsharkawi, D.; Jadu, F. The prevalence and causes of wrong tooth extraction. Niger. J. Clin. Pract. 2019, 22, 1706.
21. Patil V, Acharya S, Vineetha R, Nikhil K. Awareness AboutMedication-Related Osteonecrosis of the Jaw Among Dental Professionals: A Multicentre Study. Oral Health Prev Dent.2020;18(3):505–509.
22. Gadotti IC, Hulse C, Vlassov J, Sanders D, Biasotte-Gonzalez DA. Dentists ’ Awareness of Physical Therapy in the Treatmentof Temporomandibular Disorders: A Preliminary Study. PainRes Manag. 2018 2018:1563716.
23. Khattab NMA, Elheeny AAH, Tony GA. Oral-cancer knowledge, practice, and attitude assessment of dentists in UpperEgypt: A cross-sectional study. Clin Exp Dent Res. 2019;5(2):121–127.
24. El-Qaderi SS, Quteish Ta'ani D. Assessment of periodontal knowledge and periodontal status of an adult population in Jordan. Int J Dent Hyg. 2004 Aug;2(3):132-6. doi: 10.1111/j.1601-5037.2004.00080.x. PMID: 16451477.
25. Abdullah Saleh Almutairi.Assessment of General Dentists' Knowledge of the newClassification of Periodontal and Peri-implant Diseases andConditions 2017: A Cross-Sectional study in Saudi Arabia.DOI: https://doi.org/10.53350/pjmhs22162540
26. Venezia E, Goldstein M, Boyan BD, Schwartz Z. The use of enamel matrix derivative in the treatment of periodontal defects: a literature review and meta-analysis. Crit Rev Oral Biol Med. 2004 Nov 1;15(6):382-402. doi: 10.1177/154411130401500605. PMID: 15574680.
27. Öztürk HP, Özgedik HS, Avsever H, et al. Awareness, attitude, and knowledge of dental patients regarding dental implant treatment in an urban population: a cross-sectional study in Turkey. Journal of Stomatology. 2019;72(3):112-117. doi:10.5114/jos.2019.87526.

28. Hendricson WD, Cohen PA. Oral health care in the 21st century: implications for dental and medical education. Acad Med. 2001 Dec;76(12):1181-206. doi: 10.1097/00001888-200112000-00009. PMID: 11739041.
29. Nadia Laniado, Megan Cloidt, Brian Altonen & Victor Badner (2021) Interprofessional Oral Health Collaboration: A Survey of Knowledge and Practice Behaviors of Hospital-Based Primary Care Medical Providers in New York City, Advances in Medical Education and Practice, 12:, 1211-1218, DOI: 10.2147/AMEP.S332797
30. Yung-Ting Hsu.The relationship between periodontics and prosthodontics: the two-way street. Journal of Prosthodontics and Implantology.2015.4(1):02-09.

*Проф. д-р Васко Стамевски[1], проф. д-р Ѓорѓи Сламков[2]*
[1]Факултет за правни науки, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе
[2]Факултет за правни науки, Европски универзитет – Скопје
E-mail: vasko.stamevski1@gmai.com, gjorgi.slamkov@eurm.edu.mk

# УСЛОВИ ЗА УСТАВНО, ЗАКОНСКО И ОДГОВОРНО ВРШЕЊЕ НА ВЛАСТА – ПРАВНА ДРЖАВА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

**Апстракт**

Демократијата се заснова врз владеењето на правото и судската независност, а спроведувањето на законите мора да ѝ служи на потребата за правда и правичност. Оттука и потребата на систем на правда кој ќе ги штити основните слободи и права и заедничкиот систем на вредности.

Од друга страна за да постои владеење на правото, сите граѓани треба да имаат правна сигурност, односно да постојат правни гаранции за заштита на правото во случај на повреда на истото. Ова значи дека државата мора да води грижа за квалитетот на законите и за начинот на нивното донесување, а правната држава треба да обезбеди нивно почитување.

Важно е да се спомене и тоа дека секое спроведување на законите не е во согласност со потребите на граѓаните, па оттука, потребен е систем на контрола врз спроведување на правото и законите во државата.

**Клучни зборови:** *демократија, правна држава, правен систем, контрола.*

# CONDITIONS FOR CONSTITUTIONAL, LEGAL AND RESPONSIBLE EXERCISE OF POWER – LEGAL STATE AND THE RULE OF LAW

**Abstract**

Democracy is based on the rule of law and judicial independence, and the implementation of laws must serve the need for justice and fairness. Hence the need for a justice system that will protect basic freedoms and rights and the common system of values.

On the other hand, for the rule of law to exist, all citizens should have legal certainty, that is, there should be legal guarantees for the protection of the law in case of violation of the same. This means that the state must take care of the quality of the laws and the manner of their adoption, and the rule of law should ensure their respect.

It is important to mention that any enforcement of laws is not in accordance with the needs of the citizens, therefore, a system of control over the enforcement of law and laws in the country is needed.

**Keywords:** *democracy, legal state, legal system, control*.

**Правна држава и владеењето на правото**

Како што поделбата на власта во државата, за обичниот граѓанин, изгледа попрегледна и му го олеснува пристапот кон правната држава, така и правната држава на граѓанинот му дава мерка и форма, со што му се овозможува да претпостави какво ќе биде нејзиното дејствување, врз основ на што ќе треба своето однесување да го адаптира, односно координира, во согласност со тоа очекувано дејствување на државата.

Во демократската правна држава, за правото и законите, врзани се оние кои ја имаат државната власт, но сепак пред законот и правото сите се еднакви и секој може да го артикулира своето право, иако тоа може да му го оспорат политичките инстанци. Смислата на правната држава е овие права да бидат обезбедени, па заради тоа таа ја ограничува активноста на државата во корист на слободите на граѓаните. Државните органи можат да дејствуваат, само ако, со закон им е дадена надлежност за

постапување, но не можат да се стават над законот и сопствената област на дејствување.[1]

Идејата која се движи во насока на тоа дека, јавната власт треба да биде ограничена, а не самоволна, а што може да се постигне со нејзината поврзаност со правото, се манифестира преку добро познатото начело на правната држава (герм. Rechtsstaatsprinzip) и ова начело првпат било формулирано во германската правна теорија на почетокот на 19 век и од тогаш тоа претставува едно од темелните поими на државно правната мисла.[2] Од друга страна, англиската политичка традиција многу порано истакнува слично барање, кое има малку поинаков опсег и значење. Тоа е владеењето на правото (rule of law, due process of law), за кое слободно може да се каже и да се означи како конституционализам. Оваа разлика помеѓу двата поими е од суштинска природа, од причини што идејата за владеењето на правото го поминува опсегот на правната држава и упатува на други начела кои се наоѓаат надвор од позитивниот правен поредок[3] Во контекст на горенаведеното треба да се спомене дека, правната држава подразбира „демократски воспоставена, со право ограничена и контролирана политичка власт, власт во која правото и слободите дејствуваат како клучни елементи на демократскиот легалитет“.[4]

Во политичката теорија се користат два поима на правната држава и тоа: потесен и поширок. *Потесниот* (формален) поим на правната држава содржи два елемента: подредување на извршната власт под законот и обезбедување на законитост во нејзиното работење. Карактеристично за овој поим е што тој произлегува од германската правна традиција според која „правна држава е онаа држава, во која патиштата и границите на нејзиното дејствување се одредени со помош на правото, односно со помош на стриктната примена на законите“.[5] *Поширокиот* (материјален) поим на правната држава произлегува од идејата за „владеење на правото“ (Rule of Law), која е формулирана од англосаксонската правна и политичка теорија.

---

[1] Види повеќе: Waldemar, Besson / Gotthard Jasper: *Vodič kroz modernu demokratiju, Sastavni elementi slobodne demokratične/demokratske države*, Bonn, 1990.
[2] Овој израз за првпат го употребил Роберт Фон Мол, 1829.
[3] Vrban Duško, *Država i pravo*, Zagreb 2003, стр. 43.
[4] Цитирано кај: С., Климовски, Т., Каракамишева, Р., Дескоска, *Полиūички сисūем*, Скопје, 2009, стр. 218 -219.
[5] Neumann Franc, *Demokratska i autoritarna drzava*, Zagreb, 1974, str. 95.

Покрај доследната примена на законските прописи, независно какви и да се, овде се претставени „точно определени, недвосмислени формулирани правила, кои не дозволуваат никаква произволност или навлегување во правата и слободите на граѓаните“.[6] Така, според претставникот на овој пристап, Нојман, „државата мора да биде држава на правото, ...патиштата и границите на сопственото дејствување, како и приватната сфера на граѓаните, таа точно ги одредува и безусловно ги осигурува, на правен начин, при што моралните идеи на државата не смеат да излезат надвор од границите на правната сфера, односно од нејнеопходното ограничување“.[7]

Како инструменти за спречување на тоталитарно распространување и неконтролирано искористување на државната власт служат принципите на владеењето на правото. Имено, за да се гарантираат индивидуалните слободи и права и за да се спречи државното самоволие, пред сѐ мора да се обезбеди државната власт да функционира со конкретна поделба на функциите и според правилата на игра. Потребно е да се вопостават судски и други контролни постапки за успешно канализирање на формите на државно владеење, а се карактеризираат како принципи на „формално“ владеење на правото.[8]

Свеста за владеењето на правото и за значењето на законите и општествените правила на однесување е документирана, уште во делата на филозофите од Античка Грција. Платон го промовирал ваквото размислување кажувајќи дека: „Таму каде што правото е поданик на некој друг авторитет и нема сопствен авторитет, распадот на државата не е далеку, но ако правото е господар на власта и власта е негов роб, тогаш ситуацијата е полна со изгледи, луѓето да ги уживаат сите подобства...“[9] Аристотел, пак, потенцирал дека „...владеењето на правото повеќе се цени, отколку владеењето на индивидуите. Според истиот принцип, доколку е подобро конкретни индивидуи да владеат, тие треба да бидат само заштитници или слуги на правото... Правото е разум, врз кој не извршила влијание желбата.“[10] исто така, според него , „најважниот услов за

---

[6] Климовски, С., Каракамишева Т., Дескоска Р., *Политички систем*, Скопје, 2009, стр. 203-204.
[7] Neumann, Franc, *Demokratska i autoritarna drzava*, Zagreb, 1974, str. 96.
[8] Види повеќе: Ципелиус, Рајнхолд, Краток учебник од областа на правото, *Општа теорија за државата, Политички науки*, Скопје, 2011, стр. 235.
[9] Платон, *За законите*, (Лондон: Пингвин, 1970), стр. 174 .
[10] Аристотел, *Политика*, Книга III, 1286, стр. 78.

владеење на правото, кој мора да биде прифатен од сите кои донесуваат правни одлуки, е начинот да се размислува силогистички, а притоа да се исклучат страстите“.[11] „Тие и тогаш правеле разлика помеѓу добри и лоши закони, праведни и неправедни, објаснувајќи ги добрите закони како такви, кои служат за доброто на целата држава или општество“.[12] Цицерон сметал дека постои „исправен“ закон од кој владарот или народот можат да изведат свој сопствен закон, но доколку не се придржуваат кој него, законот нема вистински правен карактер[13]. „Законот треба да „владее“, во смисла на тоа, што со него се воспоставува рамка, според која сите се раководат и се однесуваат и која подеднакво важи за сите членови на општеството, без разлика дали тие се граѓани или јавни службеници“.[14]

Основна детерминанта за „владеењето на правото“ претставува еднаквоста пред законот, што само по себе значи, заштита на поединецот, како субјект во едно демократско општество, од самоволието на извршната власт (или од другите сегменти на власта), кои под закрила на општиот, јавен интерес, многупати ги злоупотребува своите јавни ингеренции и овластувања, преку своите службеници - носители на власта. Идејата за овој концепт е „превласта“ на законодавната над извршната и судската власт, така што овој принцип е кохерентен со парламентарната демократија, но и во другите системи, каде што поделбата на власта е конзистентна и постои рамнотежа помеѓу носителите на трите вида на власт. „Концептот на „владеењето на правото“ во себе вклучува три значајни фактори, и тоа: Владеење на правото, односно на уставот и уставниот поредок; неприкосновеноста на личните и политичките слободи и права; и независност на судството, односно правосудството“.[15] Преку овој концепт, „граѓаните се заштитуваат од дискреционите овластувања на управната власт, но и од евентуални незаконски интервенции на кралската власт“.[16]

---

[11] Исто.
[12] Брајан, З., Таманаха, *За владеењето на правото, Историја, политика, теорија*, Кембриџ, стр. 9.
[13] Ciceron, De *Republica*, 111, 33.; F. H. Hinsley: *Suverenitet*, A Cesarec, Zagreb, 1992, p. 96, (Šišak, M., *Pojam zakona u političkoj filozofiji* Nokole Gučetiča, Hrvatski Studiji Zagreb, 1994 стр. 62).
[14] Хејвуд, Ендрју, *Политика*, Скопје, 2009, стр. 345.
[15] Цитирано според: *Vucina, Vasovic, Savremene demokratije 1*, JP, „Sluzbeni glasnik“, Beograd, 2006, стр. 72-75.
[16] A.,V., Dicey, *Introducion to the Study of the Law of the Constitution* (1885), London: Macmillan 8$^{th}$ ed., 1915, стр. 34.

Една централна дефиниција, која би била во служба на целта на владеењето на правото, би ги содржела следниве елементи: напор да се открие која комбинација на општествени сили или каква форма на владеење би изнудила сочинување на добри и еднакви закони; непристрасно спроведување на законите и верно толкување на истите, така што граѓаните ќе можат постојано да уживаат корист од нив и да бидат сигурни во нивната постојаност“.[17]

Понатаму, Дајси (Disey) содржината на принципот на владеењето на правото, ја концентрира во неколку елементи, меѓу кои: отсуството на донесување на арбитрарни одлуки од страна на органите на власта (овде се вбројуваат индискреционите овластувања на органите на власта); понатаму, начелно потполната правна еднаквост, која го вклучува и административното право, кое претставува збир на норми кои во себе содржи регулација која се однесува на постапките на носителите на јавните функции; правната сигурност, која се однесува на поставените уставните норми, кои се последица или резултат на озаконувањето основните права и слободи итн.[18]

Имајќи предвид дека, принципите за правната држава и владеењето на правото немаат само негативна функција која ја ограничува државната власт, туку тие имаат и конститутивна функција, тие како демократски структурни принципи, спаѓаат во постоењето на нормите, во чие извршуваање се формира политичка заедница.[19]

За да се одговори на прашањето како јавната власт да биде ограничена, како и да се избегне самоволието или постапување на штета или во корист на поединецот, треба да се погледне во вековните принципи и институти: поделба на власта, одговорност на владата и парламентот, парламентарната контрола врз власта, проверка на уставноста и законитоста која ја спроведува уставниот суд итн. Сепак, еден од основните елементи кои се однесуваат на ограничување на власта е постапување според правото, односно, спрема законот (начело на законитост). Супериорноста на правото, како средство на општествената регулација и начелата на општественото делување, се постигнува доколку правото се поставува и применува врз основа на

[17] Мортимер, Селерс, Џејмс, Р., Максајнер, *Владеењето на правото во компаративна перспектива*, Спрингер, 2010, стр. 4-6 и 8.
[18] A. V. Dicey, *Introducion to the Study of the Law of the Constitution*, London, 1885.
[19] Види повеќе: Ципелиус, Рајнхолд, Краток учебник од областа на правото, *Општа теорија за државата, Политички науки*, Скопје, 2011, стр. 239.

општите норми, кои се апстрактни и генерални и не се однесуваат на поединечни случаи, туку подеднакво ги зафаќаат сите луѓе и ситуации. Законите овозможуваат кон сите да се постапува еднакво, и може да се земе како предуслов за правна сигурност, но и како остварување на начелото на праведливост, при што, еднакво се елиминираат привилегиите и дискриминациите.[20]

Во демократска правна држава, „процесите на донесување на одлуки по пат на поделби и ограничувања на надлежностите и со процесните правила се класифицирани на тој начин што течат како контролирано случување, во таа смисла сите одлуки се носат според надлежностите за регулирање, кои се распределени на тој начин што постои организаторска поделба на власта, ограничување на власта и контрола на власта“.[21]

Имено, за да може да функционира еден воспоставен систем на власт, тој во себе мора да содржи некакви ограничувања и механизми кои ќе го контролираат тој систем. Тие ограничувања и механизми произлегуваат од потребата да се воспостави правилно функционирање на правниот систем, со посебен акцент врз функционирањето на начелото на владеење на правото и начелото на заштита на основните права и слободи на човекот и граѓанинот.

Во таа насока, потребно е формирање институционални механизми за контрола и надзор врз работата власта, но исто така, потребно е да постојат и вонинституционални механизми, кои функционираат надвор од системот на власта, но сепак се релевантен фактор кој придонесува кон остварување на веќе споменатите начела. Секако, функционирањето на еден систем на власт, детерминира определени предуслови и каде што, во него „никој не би бил принудуван да прави нешта на кои не е обврзан според законот, ниту пак, би бил попречуван да ги прави нештата што законот го дозволува“.[22]

---

[20] Види повеќе: Vrban, Duško, *Država i pravo*, Zagreb, 2003, стр. 46.
[21] Ципелиус, Рајнхолд, Краток учебник од областа на правото, *Општа теорија за државата, Политички науки*, Скопје, 2011, стр. 240.
[22] Montesqieu, *The spirit of Law*, Chikago: William Benton, 1952.

## Заклучок

За да постојат услови за уставно, законито и одговорно вршење на власта пред се треба да се воспостави систем на заемна контрола и ограничување на различните власти заедно со нивните носители, при вршењето на нивните функции, кои им се дадени согласно Уставот и законите. Ова е всушност и основата на начелото на поделба на власта, при што, самото ограничување на власта имплицира и одговорност на нејзините носители, каде што прашањето на ограничувањето на власта и одговорност е прашање на јасно определување на две страни: страната (субјектот) која е ограничена во своето овластување и која одговара, и страната (субјектот) кој ја ограничува и пред кого одговара. Оттука треба да се потенцира дека во системот на власта, потребно е носителите на власта меѓусебно да се контролираат и ограничуваат.

И на крајот можеме да резимираме дека: во една демократска правна држава, во која функционира начелото на владеење на правото, сите државни органи, се врзани за неговиот основен постулат - ограничување на моќта на политиката и власта во корист на индивидуалните слободи и права, на граѓаните. И, конечно, само за држава во која се почитуваат правата и слободите на човекот и граѓанинот може да се каже дека е правна или држава каде што сите службени лица дејствуваат само врз основа на демократски донесените и контролирани правните норми, а не на самоволен и незаконски начин.

## Conclusion

In order for there to be conditions for the constitutional, legal and responsible exercise of power, first of all, a system of mutual control and limitation of the various authorities should be established together with their holders, during the performance of their functions, which are given to them according to the Constitution and the laws. This is actually the basis of the principle of separation of powers, where the very limitation of power implies the responsibility of its holders, where the issue of limitation of power and responsibility is a matter of clear determination of two parties: the party (subject) that is limited in its authority and which is responsible, and the party (subject) who limits it and to whom it is responsible.

Hence, it should be emphasized that in the government system, it is necessary for the holders of power to control and limit each other.

And finally we can summarize that: in a democratic legal state, in which the rule of law principle works, all state organs are bound to its basic postulate - limiting the power of politics and government in favor of individual freedoms and rights, of the citizens. And finally, only a state in which the rights and freedoms of man and citizen are respected can be said to be legal or a state where all officials act only on the basis of democratically adopted and controlled legal norms, and not in an arbitrary and illegal manner.

**Користена литература**


1. Аристотел, *Политика*, Книга III, 1286;
2. Брајан, З., Таманаха, *За владеењето на правото, Историја, политика, теорија*, Кембриџ;
3. Ciceron, De *Republica,* 111, 33.; F. H. Hinsley: *Suverenitet,* A Cesarec, Zagreb, 1992;
4. Ципелиус, Рајнхолд, Краток учебник од областа на правото, *Општа теорија за државата, Политички науки*, Скопје, 2011;
5. Хејвуд, Ендрју, *Политика*, Скопје, 2009;
6. A.,V., Dicey, *Introducion to the Study of the Law of the Constitution* (1885), London: Macmillan 8th ed., 1915;
7. Мортимер, Селерс, Џејмс, Р., Максајнер, *Владеењето на правото во компаративна перспектива*, Спрингер, 2010;
8. Климовски, С. и др. *Политички систем*, Скопје, 2009;
9. Montesqieu, *The spirit of Law*, Chikago: William Benton, 1952;
10. Neumann Franc, *Demokratska i autoritarna drzava,* Zagreb, 1974;
11. Платон, *За законите*, Лондон: Пингвин, 1970;
12. Vrban Duško, *Država i pravo*, Zagreb 2003;
13. Waldemar, Besson, Gotthard Jasper: *Vodič kroz modernu demokratiju, Sastavni elementi slobodne demokratične/demokratske države*, Bonn, 1990.

***Проф. д-р Ѓорѓи Сламков[1], проф. д-р Васко Стамевски[2]***
[1]Факултет за правни науки, Европски универзитет Скопје
[2]Факултет за правни науки, Меѓународен славјански универзитет – Св. Николе
E-mail: gjorgi.slamkov@eurm.edu.mk, gj.slamkov@yahoo.com,
vasko.stamevski1@gmail.com

# СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ АНТИКОРУПЦИСКИ ДОКУМЕНТ КАКО ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

**Апстракт**

Во рамките на трудот, авторот го обработува проблемот со ниската имплементација на македонската стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за периодот 2021-2025 година.

Се потенцира значењето на основниот антикорупциски документ во јакнење на напорите за намалување на корупцијата, градење на одржливи и функционални институции и остварување на правата на граѓаните. Имено, авторот потенцира дека Националната стратегија е базата, фундаментот од каде што се насочуваат идните нормативни и институционални напори за спречување на корупцијата и судирот на интереси, дека без нејзино имплементирање нема простор да се очекува успех во борбата против корупцијата.

Авторот ги потенцира меѓународните документи од кои се создадоа правни основи за изготвување на стратешки антикорупциски акти.

Се презентираат податоци за слабата имплементација на Националната стратегија во 2021 и 2022 и притоа авторот го истакнува сопствениот предлог за подобрување на состојбата со имплементацијата на Националната стратегија.

Имено, авторот предлага формирање на Национален совет за следење на имплементација на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси во рамките на Собранието на Република Северна Македонија, притоа презентирајќи го начинот на негово компонирање и аргументите зошто таквото решение ќе креира резултати.

Авторот го потенцира значењето на политичката волја како во имплементацијата на Националната Стратегија така и во севкупната борба против корупцијата.

**Клучни зборови:** *кривични дела, корупција, стратегија, владеење на право, јавен интерес.*

# THE DEGREE OF IMPLEMENTATION OF STRATEGIC ANTI-CORRUPTION DOCUMENT AS AN INDICATOR OF SUCCESS IN THE FIGHT AGAINST CORRUPTION

**Abstract**

Within the framework of the paper, the author deals with the problem of the low implementation of the Macedonian strategy for the prevention of corruption and the conflict of interests for the period 2021-2025.

The importance of the basic anti-corruption document in strengthening efforts to reduce corruption, building sustainable and functional institutions and realizing the rights of citizens is emphasized. Namely, the author emphasizes that the National Strategy is the base, the foundation from which the future normative and institutional efforts to prevent corruption and the conflict of interests are directed, that without its implementation there is no space to expect success in the fight against corruption.

The author emphasizes the international documents from which legal bases were created for drafting strategic anti-corruption acts.

Data on the poor implementation of the National Strategy in 2021 and 2022 are presented, and the author highlights his own proposal for improving the situation with the implementation of the National Strategy.

Namely, the author proposes the formation of a National Council for monitoring the implementation of the National Strategy for the Prevention of Corruption and Conflict of Interest within the Assembly of the Republic of North Macedonia, while presenting the way of its composition and the arguments why such a solution will create results.

The author emphasizes the importance of political will both in the implementation of the National Strategy and in the overall fight against corruption.

**Keywords:** *crimes, corruption, strategy, rule of law, public interest*.

**Вовед**

Државите со системска корупција имаат поголеми тешкотии во справувањето со неа, бидејќи станува збор за состојба која релативно долго време е присутна во секојдневниот живот, институциите имаат слаби превентивни перформанси, значаен дел од носителите на јавни функции настојуваат да се стекнат со лична материјална корист, злоупотребувајќи ја јавната позиција, додека кај граѓаните се создава свест дека таквата состојба тешко може да се промени.

„Фаќањето на врски или барањето на пријател" е синоним за нефункционалноста на системот и заобиколување на утврдените процедури за работење на институциите. Во таков систем најчести жртви се лицата со интегритет кои сакаат да функционира систем кој ќе продуцира ред, правичност, почитување на правилата, односно каде што ќе има предвидливост.

Кога се зборува за корупција се мисли на широк спектар на противправни и неетички дејствија но во прв ред се кривичните дела во кои се злоупотребува јавната функција, т.е., довереното право да се одлучува во името на државата, односно граѓаните.

Во македонското казнено право не постои кривично дело под законски назив корупција туку постојат повеќе коруптивни кривични дела кои како објект на заштита ја имаат службената должност. Во групата на коруптивни кривични дела спаѓаат: злоупотреба на службена положба и овластување, проневера во служба, несовесно работење во службата, измама во служба, послужување во служба, примање поткуп, давање поткуп, давање награда за противзаконито влијание, примање награда за противзаконито влијание, противправно стекнување и прикривање имот, прикривање на потекло на несразмерно стекнат имот. Заедничко за сите наведени кривични дела е фактот дека со нивното извршување се прави штета на јавниот интерес – законито извршување на службената позиција за сметка на противправно стекнување на имотна корист за лични цели.

Преку извршувањето на коруптивно кривично дело сторителот ги оштетува сите граѓани на државата бидејќи во нивно име ги врши јавните (државните) овластувања, стекнува противправна лична корист за сметка на другите граѓани кои од него очекуваат постапување во рамките на законите. Затоа државата треба да реагира преку кривични дела а ефикасното санкционирање ќе ја оствари целта на казнувањето, т.е., освен постигнување на правда ќе има специјална превенција (лично ќе ги почувствува последиците за неговото противправно поведение) но и генерална превенција (сите граѓани ќе се уверат дека системот функционира).

Но прашањето е што ако изостане ефикасното санкционирање, каков заклучок ќе извлечат граѓаните, дали тоа ќе „охрабри" и други лица да влезат во криминал или тоа ќе значи полесно донесување на одлуката за иселување на оние граѓани кои не сакаат да вршат кривични дела, но сакаат да живеат во систем каде што владее правото, односно се почитуваат законите.

Позитивен момент е фактот дека борбата против корупцијата е глобален проблем, со постоење на нормативни и организациони механизми кои влијаат на справувањето со корупцијата во секоја држава. Се разбира дека резултатите не може да бидат исти, бидејќи бројни и различни може да бидат факторите за корупцијата, но има можности за споредување, влијание, подобрување.

На меѓународен план проблемот со корупцијата е високо на агендата во последните две-три децении што резултираше со усвојување на глобални и регионални антикорупциски акти. Од наш интерес посебно значење имаат Казнената конвенција против корупција[1] и Граѓанската конвенција против корупција[2] на Совет на Европа и Конвенцијата против корупција[3] на ООН.

Казнената конвенција против корупција на Советот на Европа се фокусира на криминализација на коруптивните практики и унапредување на меѓународната соработка во гонењето на корупциски дела. Иако Конвенцијата првенствено се однесува на правните мерки, таа индиректно ја поттикнува и поддржува имплементацијата на ефективни антикорупциски стратегии на национално ниво. Ова

---

[1] Criminal Law Convention on Corruption, 1999 Council of Europe, https://rm.coe.int/168007f3f5.
[2] Civil Law Convention on Corruption, 1999 Council of Europe, https://rm.coe.int/168007f3f6.
[3] United Nations Convention against Corruption, 2003, https://www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/Publications/Convention/08-50026_E.pdf.

особено е потенцирано во членовите 5 и 6 од Конвенцијата, од каде што се повикувана на креирање и имплементација на сеопфатни антикорупциски стратегии на национално ниво преку кои ќе се јакне интегритетот, отчетноста и транспарентноста во јавниот и приватниот сектор.

Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (UNCAC) е сеопфатен меѓународен инструмент дизајниран да се справи со корупцијата и во јавниот и во приватниот сектор. Конвенцијата обезбедува рамка за земјите да развијат и имплементираат ефективни антикорупциски стратегии. Иако самата Конвенција не пропишува конкретни стратегии, сепак ги наведува клучните принципи и мерки што земјите можат да ги вклучат во нивните национални напори за борба против корупцијата. Посебно во член 5 од Конвенцијата е нагласена важноста од промовирање и зајакнување на превентивните мерки за борба против корупцијата како и важноста од развој на сеопфатни антикорупциски политики и практики, вклучувајќи мерки за зголемување на транспарентноста и отчетноста и во јавниот и во приватниот сектор.

Наведените меѓународни конвенции содржат генерални насоки за креирање на национални стратегии за борба против корупцијата чија содржина ќе зависи од обемот и појавните форми на коруптивно однесување во одредена држава. Покрај тоа, секоја национална стратегија за борба против корупцијата мора да биде проследена со акциски план за имплементација на предвидените мерки и активности, со прецизно дефинирани носители на обврски, временска рамка, како и индикатори за успех.

Во продолжение ќе биде презентиран степенот на имплементација на македонската стратегија за периодот 2021-2025 година.[4]

## Предизвици во имплементацијата на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025

Македонскиот стратешки антикорупциски документ е структуриран во неколку сегменти, најпрво има краток осврт на проценката на ризици од корупција, визија, мисија и стратешки цели за нивна реализација, потоа е суштинскиот дел на

[4] Во периодот 2003-2019, ДКСК има усвоено четири државни програми, Националната стратегија 2021-2025 е донесена од ДКСК и усвоена од Собранието на Република Северна Македонија, (https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf).

Стратегијата – приоритетните хоризонтални области (јавни набавки и вработувања) и приоритетните проблеми во 13 сектори (Политички систем, Правосудство, Органи за спроведување на законот, Здравство, Образование, Труд и социјална политика, Урбанизам и просторно планирање, Животна средина, Земјоделство, Спорт, Економија и бизнис, Јавни претпријатија и Медиуми и граѓанско општество). Потоа се внесени носителите на борбата против корупција и судир на интереси, како и Акцискиот план за нејзиното спроведување.

Стратегијата е дизајнирана да се дејствува првенствено превентивно што подразбира намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори.

Стратегијата е заснована на реални процеси и цели кои треба да резултираат со континуирано намалување на корупцијата, а нејзината имплементација треба да испрати силна порака до македонското општество дека борбата против корупцијата се остварува. Во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 се утврдени 54 проблеми, за чие надминување се предвидени 111 мерки и 191 активности.

Основна цел на македонската стратегија е да придонесе да се намали нивото на корупција, да се подобри интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите сектори на општеството, а со тоа да се обезбеди јавноста да има повисока доверба во работата на законодавната, судската и извршната власт.

За секој документ, посебно стратешки, најзначаен сегмент е имплементацијата, а токму тоа е проблемот со Националната стратегија. Имено, во 2021 година од вкупно предвидените активности за тековната година беа реализирани само 20%[5]. При тоа треба да се потенцира дека носители на обврските за реализација на активностите се околу 30-ина највисоки државни институции, и тоа, Собранието на Северна Македонија, Владата, министерствата, агенции, бироа, инспекторати, управи и

[5] Годишен извештај за спроведување на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидени за реализација во 2021 година, Државна комисија за спречување на корупцијата, 2022 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2022/03/Godisen-izvestaj-za-sproveduvanje-na-NS-vo-2021.pdf.

фондови. Во годишниот извештај за имплементација на активностите од Националната Стратегија е потенцирано дека одредени министерства не комуницирале со Државната комисија за спречување на корупцијата во однос на имплементацијата на активностите за кои биле носители ниту пак поднесувале извештаи.[6]

Недостатокот на комуникација и координација помеѓу институциите при исполнувањето на активностите е сериозен проблем, односно колку и да ви е добар стратешкиот документ за борба против корупцијата доколку не се имплементира произлегува дека во реалноста немаме стратешки дефинирана борба против корупцијата.

Имплементацијата на активностите од Националната стратегија во 2022 година беше послаба од претходната 2021 година. Имено, во 2022 година се реализирани само 10% од предвидените активности[7], податок што е исклучително незадоволителен и од него се извлекува заклучокот дека Националната Стратегија речиси и да не се имплементира. Ова е поразителен заклучок за борбата против корупцијата, означува дека државата не презема стратешки чекори во реалноста па според тоа нема и од каде да се очекуваат подобри резултати во борбата против корупцијата. Едноставно кажано системот е оставен сам на себе во структура која ја има а од Националната Стратегија не може да се очекуваат бенефити, бидејќи истата не се имплементира. Се наметнува прашањето како да се надмине овој сериозен проблем?

Според законот[8] Државната комисија ја донесува петгодишната национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акционен план за нејзино спроведување, врз основа на претходно изготвена анализа на ризиците од корупција, со учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми, и потоа Националната стратегија се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

---

6 *Ibid*. стр. 13-14.
7 Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период 01.01.2022 – 31.12.2022 година, Државна комисија за спречување на корупцијата, 2023 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/03/Годишен-извештај-НССКСИ_финален.pdf.
8 Закон за спречување на корупција и судир на интереси, Службен весник на Република Македонија бр.12/19, член 18.

Покрај тоа, Државната комисија го следи спроведувањето на мерките од Националната стратегија и подготвува годишни извештаи за спроведувањето на националната стратегија и истите ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија. Доколку смета дека е потребно Државната комисија донесува одлука за изменување на Националната стратегија врз основа на спроведени анализи или согледувања од годишните извештаи за нејзиното спроведување. Измената на Националната стратегија Државната комисија ја поднесува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Суштината на проблемот е во одговорноста на лицата – раководители на институциите носители на обврските кои не ги реализираат предвидените активности. Имено, станува збор за околу 30-ина највисоки државни институции со кои раководат лица избрани или именувани од Собранието на Република Северна Македонија или Владата.

За надминување на проблемот потребно е надзорот над имплементацијата на Националната Стратегија и одговорноста на раководните лица за неисполнување на активностите да се пренесе во Собранието на Република Северна Македонија.

Имено, потребно е формирање на Национален совет за следење на имплементација на Националната Стратегија за спречување на корупција и судир на интереси во рамките на Собранието на Република Северна Македонија[9]. Во неговиот состав треба да има пратеници од позиција и опозиција, претставници од академија, медиуми, бизнис-заедница, синдикати, како и здруженија на граѓани кои работат во областа на борба против корупција. Претседателот на Советот треба да биде пратеник од опозицијата, додека заменик-претседател да биде од позицијата, мандатот на Советот треба да се пресликува со мандатот на парламентарниот состав, опозицијата треба да има еден пратеник повеќе споредено со позицијата, на пример, тројца спроти двајца. Националниот совет ќе треба да ги координира сите државни институции кои имаат предвидени активности во Националната стратегија. Ова подразбира измени на Закон за спречување корупција и судир на интереси во делот за надлежностите на Државната комисија како и во одредбите за Националната стратегија.

[9] Во моментов во Собранието на Република Северна Македонија има три совети, https://sobranie.mk/soveti.nspx.

Преку ваквото решение се создаваат поголеми можности за имплементација на активностите предвидени во Националната Стратегија бидејќи на пратениците им стојат на располагање механизми за барање одговорност од носители на јавни функции, на пример, интерпелација, а овде е многу корисен и институтот пратенички прашања. Покрај тоа, една од основните теми во политичката борба помеѓу политичките партии е корупцијата односно сите скандали поврзани со злоупотреба на јавни овластувања или поточно јавни финансии.

Нискиот степен на имплементација на македонската национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси е и показател за немањето на политичка волја за борба против корупцијата. Под ова се подразбира волја на оние политички структури кои ја имаат власта во даден временски период и затоа идејата за формирање на Национален совет за следење  на имплементација на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси е подобро решение од актуелното бидејќи преку неговото структурирање, со раководење од страна на пратеник од опозицијата ќе се создаде механизам за внатрешен притисок и зголемување на транспарентноста при имплементацијата на Националната стратегија. Во целиот процес многу значајна ќе биде и улогата на членовите на Националниот совет од редовите на граѓанското општество, медиумите, академијата, бизнис-заедницата и синдикатите.

**Заклучок**

Секое општество борбата против корупцијата ја поставува по триаголникот: превенција – репресија – јакнење на свеста. За постигнување на резултати потребно е донесување и имплементирање на стратешки документи, главно во форма на стратегии.

Во стратешките документи за борба против корупцијата, кои се изготвуваат по спроведени истражувања и посебни методологии, се дефинираат секторите кои се подложни на корупција, проблемите кои постојат во практика, мерките за нивно надминување и секако активности преку кои ќе се постигнат дефинираните цели.

Стратегиите се првиот документ од каде се тргнува во борбата против корупцијата, потоа следува донесување на закони и подзаконски акти, обуки или

јакнење на капацитети, реформи во институции и други мерки кои се сметаат за релевантни.

Степенот на имплементацијата на стратешкиот антикорупциски документ е показател за подготвеноста на едно општество за борба против корупцијата, постоењето на политичка волја, како и за очекувањата во однос на владеењето на правото во дадено општество на среден рок.

Република Северна Македонија има сериозни проблеми со борбата против корупцијата, функционирањето на институциите и генерално со владеењето на правото. Слабата имплементација на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси е потврда за таквата состојба и аларм дека во однос на борбата против корупцијата состојбата треба суштински да се подобри.

## Conclusion

Every society sets the fight against corruption according to the triangle: prevention – repression – raising awareness. Achieving results requires adopting and implementing strategic documents, mainly in the form of strategies.

The strategic documents for the fight against corruption, which are prepared after conducted research and special methodologies, define the sectors that are susceptible to corruption, the problems that exist in practice, the measures to overcome them and, of course, activities through which the defined goals will be achieved.

Strategies are the first document from which the fight against corruption starts, followed by the adoption of laws and by-laws, training or strengthening of capacities, reforms in institutions and other measures that are considered relevant.

The degree of implementation of the strategic anti-corruption document is an indicator of a society's readiness to fight corruption, the existence of political will, as well as the expectations regarding the rule of law in a given society in the medium term.

The Republic of North Macedonia has serious problems with the fight against corruption, the functioning of institutions and generally with the rule of law. The weak implementation of the National Strategy for the Prevention of Corruption and Conflict of

Interest is a confirmation of such a situation and an alarm that in terms of the fight against corruption the situation should be substantially improved.

**Користена литература**


1. Годишен извештај за спроведување на мерките од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидени за реализација во 2021 година, Државна комисија за спречување на корупцијата, 2022 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2022/03/Godisen-izvestaj-za-sproveduvanje-na-NS-vo-2021.pdf.
2. Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период 01.1.2022 – 31.12.2022 година, Државна комисија за спречување на корупцијата, 2023 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/03/Годишен-извештај-НССКСИ_финален.pdf.
3. Закон за спречување на корупција и судир на интереси, Службен весник на Република Македонија бр.12/19.
4. Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf.
5. Criminal Law Convention on Corruption, 1999 Council of Europe, https://rm.coe.int/168007f3f5.
6. Civil Law Convention on Corruption, 1999 Council of Europe, https://rm.coe.int/168007f3f6.
7. United Nations Convention against Corruption, 2003, https://www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/Publications/Convention/08-50026_E.pdf.
8. https://sobranie.mk/soveti.nspx (22.1.2024).

***Asst. Prof. Elena Soklevska Ilievski, PhD***

Faculty of Detectives and Criminalistics
European University Skopje
North Macedonia
E-mail: elena.soklevska@eurm.edu.mk

# BEGINNING A SPORTS CAREER IN CHILDREN: A THEORETICAL OVERVIEW

**Abstract**

The changes that have taken place in recent years in all spheres of human life and functioning have led to great changes in the world of sports training and sports in general. They changed the way athletes were treated, from a different perspective, and as a result of the change, a training model primarily based on the subject and their particularities was established. In this overall process of building a child athlete from the earliest age, many factors influence such as genetic predispositions, environmental factors, psycho-emotional factors, the conditions under which his talent will develop, then parents, peers, coaches, and all parties involved in the process. The sociocultural upbringing of athletes shapes who they become as individuals, in particular during their developmental phases, which Wylleman, P., & De Knop, P. (1998)[17] observe to be unavoidable. However, during athletic development, it is vital to understand how a child may progress through the various stages as well as understand the complexities that a child athlete will face in a high-performance non-athletic career. Through a comprehensive strategy that attends to the physical, psychological, and intellectual requirements of youth athletes, educators, parents, and sports psychologists may collaborate to establish a setting that fosters the whole development and welfare of these young people (Sackett & Gano-Overway, 2017)[10].

**Keywords:** *child athlete, factors, development, sports career.*

## Introduction

The human being is a dynamic creature that is always changing and interacting with its surroundings. For this reason, there must be ongoing adaptability. As children begin to

explore the world of sports, it is crucial to comprehend the various stages they may navigate during their athletic development (Ochi & Campbell, 2009)[11]. This includes recognizing the complexities they may face when pursuing a high-performance non-athletic career. Green, (2005)[2] spoke about the pyramid model of sports development serves as a foundational framework for understanding the progression of child athletes. This model emphasizes the importance of athlete recruitment, retention, and transition across different levels of participation. Recruitment requires the support of all other important parties involved in the process, such as parents and coaches, as well as the availability of various sports programs at the local level. These programs should be tailored to the developmental level of the child, incorporating modifications such as smaller equipment, frequent position changes, shorter games and practices, and a focus on fun (Purcell, 2005)[7]. Ensuring the holistic development of child athletes is a crucial aspect of promoting their overall well-being and long-term success. One key strategy is to adopt a balanced approach that addresses the physical, psychological, and educational needs of these young individuals. By understanding these stages and complexities, and by implementing strategies to address them, we can help young athletes navigate their development and transition smoothly into successful sports careers.

**Content**

Athletes who began competing internationally at a young age are still not well-studied, despite some prospective studies indicating that many successful young athletes do not continue to achieve the same level of success as adults. Only one-third of worldwide pre-junior athletes returned as senior athletes, according to the results, demonstrating the challenges of making late success predictions based on early discovery and selection (Barreiros, A., Côté, J., & Fonseca, A. M. 2014)[1]. The goal of talent development programs is to assist athletes in becoming senior international athletes. One may consider the transition from junior to senior athletes to be typical. However, this shift is probably going to be a complicated process, and in order to help people in charge of talent development, they need to have some knowledge of how complicated it is. The purpose of this study was to ascertain why some highly skilled junior athletes succeed as senior athletes while others of comparable potential fail to do so (Hollings, S. C., Mallett, C. J., & Hume, P. A. 2014)[4].

**Navigating the multifaceted pathway of sports career development**

Starting a sports career is a complex process that involves several stages of professional and personal development. Aspiring athletes have different chances and problems at every point of their journey, from the first athletic level to the psychological and psychosocial domains and finally the academic-vocational level. To succeed in their chosen activity, athletes need to have the requisite physical capabilities, methods, and tactical aptitude (Stambulova et al., 2020)[14]. As they go to higher levels of competition, such as collegiate or professional leagues, athletes frequently struggle to adjust to the more rigorous training regimens, increasing competitive pressure, and the need to balance their commitments to their academics, professions, and athletics.

In order for athletes to succeed in sports, they must manage both the psychological and emotional sides of their trip. Sustained success requires the development of coping mechanisms, the maintenance of motivation, and the management of stress and anxiety (Stambulova et al., 2009)[15]. “During the last decade, sport psychology career scholars worked on structuring the athlete career knowledge and consolidating it into the athlete career discourse,” according to research published by the International Society of Sport Psychology (Citation, Stambulova et al.2020)[14], (Stambulova et al., 2009)[15]. There is a connection between the psychological and psychosocial elements of sports career growth. The influence of coaches, teammates, families, and the greater sports community may have a significant impact on an athlete's sense of self, social identity, and overall well-being.

Athletes also need to think about the academic-vocational level of sports career development since they need to make plans for their post-athletic life. According to the piece titled “Redefining the Scholar-Athlete,” “Scholar-Athletes have the potential to be physically, intellectually and emotionally committed to high-level achievement in both their academic and sport endeavors.” Athletes may ensure a seamless transition after their playing days by developing transferable abilities and exploring alternate job possibilities through a careful balance of their academic and athletic endeavors. In summary, the process of developing a sports career is complex and involves elements from the athletic, psychological, psychosocial, and academic-vocational domains. An athlete may increase their prospects of long-term success and personal fulfillment during and after their athletic career by navigating these

many factors holistically (Stambulova et al., 2009)[15], (Stambulova et al., 2020)[14], (Cross & Fouke, 2019)[6], (Vickers & Morris, 2021)[3].

*Figure 1*. Mind Map




**Source:** *Mind Map*, Elena Soklevska Ilievski, 2024.

Starting a sports career entails a number of developmental elements that support general health and athletic success. An outline of the essential areas of growth required for a fruitful sports career is provided below:

1. *Sports level* – beginning, development, achievement of excellence and retirement. Right from the very introduction to sports activities, one should find interest in them, pleasure in participating in them in the early stages of childhood so that the interest in sports can be maintained for a long period of time. Transitioning through all these levels is a difficult and long-term process and also requires support and assistance which means ensuring athletes always have access to coaches, mentors, sports psychologists and other support networks so that excellence can be achieved and made easier. the period of giving up the sports career.

2. *Psychological level* – psychological development is a complex and multifaceted journey that encompasses the entire life course, from childhood to adolescence, youth and adulthood. All stages of this journey present unique challenges and opportunities, shaping an individual's cognitive, emotional, and social experiences in ways that enable them to meet and achieve those challenges.

3. *Psychosocial development* – this involves the interaction between social and psychological factors and includes: self-esteem and confidence, building a positive self-image through achievements and feedback. Developing social skills, developing relationships with parents, peers, coaches and opponents and resistance to negative environmental influences.

4. *Academic and professional level* – which covers the period of the athlete's education, from elementary to the academic level, as well as leading a dual career, that is, training and work. While achieving peak performance and being viewed as an athlete is a key aspect of an athlete's identity, it is not the only one. Numerous researches have shown that athletes do not perceive themselves as one-dimensional entities and therefore such a perception of others towards them is undesirable. That is why they strive for achievement in both sports and post-sports careers.

**Conclusion**

A comprehensive training strategy is necessary to successfully include these developmental elements. By addressing every facet of an athlete's development—from technical skills and physical fitness to career planning and mental toughness – this holistic

method produces athletes who are resilient and well-built as individuals. Through emphasis on these areas of growth, players may establish a solid basis for a prosperous and long-lasting career in sports.

## References


1. Barreiros, A., Côté, J., & Fonseca, A. M. (2014). From Early to Adult Sport Success: Analysing athletes' progression in national squads. *European Journal of Sport Science*, 14(sup1), S178–S182. Retrieved from https://doi.org/10.1080/17461391.2012.671368.
2. Ch., Green, (2005) Building Sport Programs to Optimize Athlete Recruitment, Retention, and Transition: Toward a Normative Theory of Sport Development, Journal of Sport Management 19(19):233-253, 19(19):233-253, DOI: 10.1123/jsm.19.3.233.
3. E., Vickers & R., Morris, (2021). Pathway decisions during the student-athlete transition out of university in the United Kingdom, Journal of Applied Sport Psychology, Volume 34, 2022 – Issue 4, Pages 803-824, Published online: 25 Feb 2021.
4. Hollings, S. C., Mallett, C. J., & Hume, P. A. (2014). The Transition from Elite Junior Track-and-Field Athlete to Successful Senior Athlete: Why Some Do, Why Others Don't. *International Journal of Sports Science & Coaching*, 9(3), 457-471. Retrieved from https://doi.org/10.1260/1747-9541.9.3.457.
5. J., Wiley & Sons. Gordon, S., Lavallee, D., & Grove, J. R. (2006). Career assistance program interventions in sport. In D. Hackfort, R. Lidor, & J. Duda (Eds.), Handbook of research in applied sport psychology (pp. 233-243). Morgantown, WV: Fitness Information Technology.
6. J. L.,Cross & B., Fouke, (2019) Redefining the Scholar-Athlete, Frontiers in Sports and Active Living 1, DOI: 10.3389/fspor.2019.00010, ResearchGate.
7. L., Purcell, (2005). Sport readiness in children and youth, National Library of medicine, 10(6): 343–344. PMCID: PMC2722975, PMID: 19675844.
8. M., Thompson & A., Hilliard, (2021). Developing Mental Skills in Youth Athletes, A Journal for Physical and Sport Educators, Volume 34, 2021 – Issue 3, Pages 23-28.

9. M.S. Álvarez, I. Balaguer, I. Castillo, J.L. Duda (2012), The coach-created motivational climate, young athletes' well-being, and intentions to continue participation Journal of Clinical Sport Psychology, 6 , pp. 166-179, 10.1123/jcsp.6.2.166.
10. S.C., Sackett and L.A. Gano Overway (2017). Coaching life skills development: Best practices and high school tennis coach exemplar, International Sport Coaching Journal, https://journals.humankinetics.com.
11. S.,Ochi & M.J., Campbell, (2009) The Progressive Physical Development of a High-Performance Tennis Player, Strength & Conditioning Journal 31(4):59-68, 31(4): 59-68, DOI: 10.1519/SSC.0b013e3181af8053.
12. Stambulova, N., B. (2010), Counseling Athletes in Career Transitions: The Five-Step Career Planning Strategy, Citation 2007, Journal of Sport Psychology in Action, 1:95–105.
13. Stambulova N.,B., Ryba, T.,V., K. Hendriksen (2021), Career development and transitions of athletes: the International Society of Sport Psychology Position Stand Revisited, p.524-550, International Journal of sport and exercise psychology. Vol. 19, Iss.4.
14. Stambulova N.,B. and R.,D., Samuel (2020), "Career transitions." The Routledge international encyclopedia of sport and exercise psychology. Routledge, 119-134.
15. Stambulova, N. (2009). Talent development in sport: The perspective of career transitions. In E. Tsung-Min Hung, R. Lidor, & D. Hackfort (Eds.), Psychology of sport excellence (pp. 63-74), Morgantown, WV: Fitness Information Technology.
16. Stråhlman, O. (2023), Elite sport career processes, Department of Sport Science, Linnaeus University, Växjö, Sweden.
17. Wylleman, P., & De Knop,P. (1998,). Athletes' interpersonal perceptions of the "parent-coach" in competitive youth sport 28th Congress of the International Association of Applied Psychology, San Francisco, CA.
18. Williams, J. M. & Krane, V. (2015). Applied Sport Psychology: personal growth to peak performance. 7th edition. McGraw- Hill, New York.

*Доц. д-р Мики Рунтев*

Факултет за економски науки
Европски универзитет Скопје
Република Северна Македонија
E-mail: miki.runtev@eurm.edu.mk

# ФИНАНСИСКИ, ТЕХНОЛОШКИ И ТЕХНИЧКИ ШТЕТИ ВО БЕЗБЕДНОСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

**Апстракт**

Овој труд го опишува процесот на движење на глобалната еколошка опасност, која ѝ се заканува не само на рамнотежата во биосферата, туку и на зачувувањето на човековата цивилизација, кое ја принудува светската заедница да бара начини за излез од оваа кризна ситуација. Додека, од друга страна, неконтролираниот раст на така наречената техносфера, предизвикан од човековата активност, постепено го прекинува затворениот циклус на природните процеси.

Во оваа насока, се прави обид да се одговори на прашањето колку влијаеја можностите и средствата за нормализација на преовладувачките пазарни односи кои помогнаа да се имплементират иновациите и да се зголеми економската ефикасност, а со цел да се создадат услови за подобрување на квалитетот на животот на човештвото. Меѓутоа, овие односи не беа доволно флексибилни за да се земат предвид и прецизно да се одразат и да спречат штетите предизвикани на животната средина во процесот на производство со користењето на разновидните стоки и услуги.

Различни мотиви се причина за домашните и за меѓународните тенденции, промени и ефекти од надминувањето на растечките еколошки кризи.

Овој труд ги поврзува прашањата за односите помеѓу движењата на финансиско-технолошките и техничките штети при безбедноста на домашната животна средина во компарација со меѓународната практика.

Основното истражувачко прашање е со какви предизвици, бариери и влијанија се соочуваше научната и технолошката револуција, која се покажа како интеракција меѓу општеството и природата.

Целта на овој труд е да прикаже низ каков процес поминува опасноста од развој на нови еколошки кризи, совпаѓајќи се со научната и технолошката револуција. Притоа, еколошките последици од спроведените макроекономски политики или воопшто не се земаат предвид, или им се придава минимално значење.

Од истражувањето се очекува дека економскиот раст и подигањето на општествената свест кај различни општествени групи во светот е еден од условите за поефикасното користење на енергетските суровини и другите материјални ресурси, а со цел намалување на нивоата на загадување на животната средина.

**Клучни зборови:** *предизвици, предвидувања, екологија, финансии, климатски промени.*

# FINANCIAL, TECHNOLOGICAL AND TECHNICAL DAMAGES IN ENVIRONMENTAL SECURITY AND SOCIAL DEVELOPMENT

**Abstract**

This paper describes the process of movement of the global ecological danger, which threatens not only the balance in the biosphere, but also the preservation of human civilization, which forces the world community to look for ways out of this crisis situation. While, on the other hand, the uncontrolled growth of the so-called technosphere, caused by human activity, is gradually breaking the closed cycle of natural processes.

In this direction, an attempt is made to answer the question of how much the opportunities and means for normalization of the prevailing market relations have influenced, which helped to implement innovations and increase economic efficiency, with the aim of creating conditions for improving the quality of life of humanity. However, these relations were not flexible enough to take into account and accurately reflect and prevent the damage caused to the environment in the production process by the use of various goods and services.

Different motives are the reason for the domestic and international tendencies, changes and effects of overcoming the growing environmental crises.

This paper connects the issues of relations between the movements of financial-technological and technical damages in the safety of the domestic environment in comparison with the international practice.

The basic research question is what challenges, barriers and influences faced the scientific and technological revolution, which turned out to be an interaction between society and nature.

The purpose of this paper is to show the process through which the danger of developing new environmental crises coincides with the scientific and technological revolution. At the same time, the environmental consequences of implemented macroeconomic policies are either not taken into account at all, or they are given minimal importance.

From the research, it is expected that economic growth and the raising of social awareness among different social groups in the world is one of the conditions for the more efficient use of energy raw materials and other material resources, with the aim of reducing the levels of environmental pollution.

**Keywords:** *challenges, predictions, ecology, finance, climate change*.

**Вовед**

Како резултат на отстранувањето на внатрешните ограничувања на развојот на производството, новата спротиставеност добива исклучително акутна форма помеѓу внатрешните неограничени можности за развој на производството и природно ограничените можности на животната средина. Овие спротиставености, како и оние што се појавија порано, можат да се решат само во овој случај, ако природните услови на животот на општеството сè повеќе се опфатени со можноста за регулирање од луѓето преку вештачки средства.

Имено, оние што одлучуваат во современата економија, приоритет имаат макроекономските настани и интереси, кои се одлучувачки за економскиот развој, стапките на економски раст и растот на благосостојбата на населението. Додека, за еколошките последици врз животната средина се придава минимално значење.

Поради ова, со овој труд се истражува улогата и важноста од еколошката научна содржина, како и улогата на техничката револуција, а со цел подобар општествен економски развој и зачувување на природата. Со кое, зголемувањето на единиците за посредување на интеракцијата помеѓу општеството и природата, се влошува потребата за свесна контрола и регулирање на целокупниот сет на антропогени процеси во самото општество и во природната средина. Оваа потреба особено нагло порасна со почетокот на научно-техничката револуција.

Предмет на трудот е претставување на новите финансиски, технолошки и технички штети во безбедноста на животната средина и општествениот развој, со посебен осврт на екологијата и економијата која го проучува односот на човекот кон природните ресурси.

Така, овој труд од повеќе страни предупредува за опасноста од фактот што расипничкиот карактер на човековиот однос кон природата, особено кон современата научно-техничка револуција и засилувањето на конкурентската борба ја доведе до крајност желбата на приватниот бизнис да обезбеди профит по секоја цена.

За таа цел, генерално, трудот е поделен на два дела, кои ги опфаќаат теоретските структурно-методолошки изучувања, со кое се извлекуваат заклучоци. Имено, се опишуваат предизвиците, проблемите и состојбите на домашните и глобалните процеси што ги карактеризираат влијанијата на климатските промени.

Затоа, целта на трудот е да се идентификуваат негативните влијанија на техноструктурите врз природата, особено на тешките метали, како и потребата да се проучува социјалната екологија како задолжителна независна дисциплина. Обновливите извори, исто така, може да се сметаат како ресурси за општа употреба, но и како ресурси за специфична употреба т.е. за јавна и комерцијална употреба. Ова е целосно независно поле на знаење, кое може да ги проучува специфичните закони за компатибилност на општеството и природата во рамките на единствениот општествено-природен систем.

Токму и тоа е основната хипотеза на трудот, дека главниот принцип во менацирањето на вкупните суровини се однесува на помалото користење на необновливите ресурси и на поголем обем на рециклирање. Ова означува воведување

на технологии за заштеда на ресурси и потоа рециклирање или повторна употреба на ресурсите кои веќе се во економска циркулација.

Како проблем за тоа може да се издвои, а во контекст на глобалните предизвици и состојби, дека од особено значајно за стопанството и природните ресурси е искористувањето на дел од нив, кој како резултат на производството и потрошувачката се зафрлуваат како непотребен отпад. Имено, од особено значајно е да се разберат приоритетите на државите, како на домашно, така и на регионално ниво, а со цел кон нивно побрзо глобално користење на ресурсите, вклучително и управувањето со отпадот и рециклирањето. Сепак, многу анализи кои покажуваат дека постојат алтернативи за користење на животната средина и ресурсите, а општеството е тоа што, потпирајќи се на пазарните механизми и надминувајќи ги нивните несовршености, мора да процени како да користи даден ресурс.

## 1. Државата и пазарните механизми во заштита на животната средина

Значителните субвенции за индустриите што се користат за природата, како и отсуството на реални финансиски вложувања или употребата на минимални финансиски вложувања за природните ресурси доведуваше до нивна прекумерна експлоатација. Отсуството на не доволната контрола за заштита на животната средина и неискористените ресурси, како и многу други недостатоци, исто така, доведоа до формирање на техноген тип на економски развој со голем број кризни еколошки појави, со кое, формирањето на концептот за одржлив развој и екологизација на економијата, главно беше прашањето за механизмите на реализација на таквиот концепт. Генерално, светското искуство, во последните 10 и повеќе години, се сведуваше на три можни механизми за реализација на еколошко-економските цели. Обично, во пракса, тие се разликуваат според пристапите:[1]

- *директно регулирање* – поврзано со влијанието на државата преку нормативно-правни, административно-контролни мерки, директно регулирање и слично;

[1] V. Boffa, E. Montoneri, R. Mendichi, M.R. Chierotti, R. Gobetto, C. Medana & E. Prenesti, *International Journal of Sustainable Development and Planning*, Vol.4, Issue 4, internet archive, 55-56.

- *економска стимулација* – која е поврзана со развојот на пазарните механизми;
- *мешани механизми* – комбинирање според горенаведените два пристапа.

Сето ова, не дава причини да се одржи илузијата дека е можно да се премине кон одржлив развој само на сметка на чисто пазарните механизми. Неуспехот на чисто пазарните механизми за заштита на животната средина во остатокот од светот, препознаен и од научниците и од политичарите, ја доведе до израз потребата да се развие концептот за одржлив развој.

Така, генерално, може да се истакнат неколку главни причини за неуспеси на пазарот во сферата на животната средина и тоа:[2] • *присуство на надворешни ефекти;* • *отсуство/намалување на цените на природните добра и отсуство на пазари;* • *отворен пристап до природните ресурси;* • *трансакциски трошоци;* • *правата на сопственост;* • *неизвесност и кратковидост (ориентација кон добивање брзи резултати и профити, без да се земат предвид долгорочните штети и придобивки).*

Имено, во концептуален план, пазарните неуспеси во заштитата на животната средина се поврзани, пред сè, со практичната неможност соодветно да се земат предвид надворешните ефекти, социјалните трошоци на општеството од деградацијата на животната средина, проблемите со отворен пристап до природните ресурси, недоволен обем на финансии одделени од буџетот итн.

Типичен пример, за негативните еколошки последици од владините интервенции се недоволниот број на субвенции. Според, податоците на Светска банка, годишно во светот се трошат повеќе од 300 милијарди долари за субвенционирање на енергијата. Но, голем број на процентите повеќе од половина од загадувањето на воздухот е како резултат на лошото формирање на цените.

Без разлика на недостатоците на државната интервенција, улогата на државата во заштитата на животната средина е голема и треба да расте во иднина. Државата, врз основа на директно или индиректно регулирање, треба да се стреми кон развивање на пазарни механизми во насока на општествено ориентирано производство, остварувајќи

[2] https://www.witpress.com/elibrary/sdp-volumes/15/1/2568.

ги интересите на општеството. Суштинска е улогата на државата во определувањето на различни видови прописи и стандарди за заштита на животната средина, а на прво место се супстанциите кои се особено опасни по природата и здравјето на луѓето. Сепак, водечката улога и припаѓа на државата за спроведување на алтернативни опции за решавање на еколошките проблеми. Во услови на пазарни односи, искуството на некои од развиените земји во последната деценија сведочи за потребата кон структурно преструктуирање на економиите.

Денес, во светот постојат повеќе од 80 различни економски регулаторни инструменти за стимулирање на активностите за заштита на животната средина. Со кое, во заштитата на животната средина се создава еден вид симбиоза на административни и пазарни механизми.

Но, во моментов може да се зборува само за основни принципи во пристапите кон создавање на нов економски механизам за односот меѓу општеството и природата. Ова особено важи за земјите во развој. Поради што, во светот не постои готов и добро функционален модел на таков механизам.

Современите околности бараат сите економски решенија да имаат висок степен на еколошка сигурност и безбедност. Но, очигледно е дека во услови на конкуренција, масовни банкроти, тешка финансиска состојба за претпријатијата и државите, кризата со пандемијата и новата криза со војната во Украина и Израел, се едни од првите жртви во борбата за опстанок на природата.

Имено, многу претпријатија настојуваат да заштедат на сметка на мерките за заштита на животната средина преку набавка на опрема за животна средина, бидејќи трошоците за животната средина не го зголемуваат главниот производствен производ. Исто така, се прават обиди тајно да се фрли загадувачкиот отпад, за да се избегнат нивните плаќања и казни.

Сепак, при спроведувањето на ефективна економска политика, важно е да се разбере нивото и подреденоста на активностите, како и обемот и границите на нивните влијанија. Со кое, во практиката се разликуваат две групи на влијанија и тоа:[3] *прва*

[3] *Екология и икономика на прага на новото столетие (единство или несъвместимост)* 2016, проф. д-р. инж. Здравко Гаргаров, New Bulgarian university – Sofia, стр. 59.

*група, макроекономски мерки; втора група, влијанија кои имаат своја еколошка ориентација.*

*Првата група*, се однесува на мерки кои се спроведуваат во рамките на целата економија или на ниво на одделни сектори. Карактеристичното е што тие може или не мора да имаат очигледни еколошки цели. Меѓу овие влијанија, може да се издвојат следниве други:[4] *структурна реконструкција; промена на курсот на националната валута; намалување на дефицитот на државниот буџет; соодветна финансиска и кредитна политика; либерализација на надворешната трговија; зајакнување на улогата на приватниот сектор; институционални трансформации (приватизација и демонополизација); реформирање на цените и програмите за оданочување и субвенции во главните сектори на економијата (енергетиката, индустријата, земјоделството итн.); создавање услови за странски инвестиции и сл.*

Сите овие мерки, механизми и реформи се неминовно во еден или друг степен фактори кои влијание на еколошката состојба во државата.

Додека, во *втората група*, мерките со јасно изразена *еколошка ориентација* се делат на:

- *воведување на еколошки даноци, различни видови плаќања и казни за загадување на животната средина;*
- *усвојување на стандарди и прописи за заштита на животната средина;*
- *спроведување на секторски или регионални програми за животна средина.*

Овие влијанија/препораки се насочени кон заштита на животната средина и подобрување на користењето на природните ресурси. Сепак, треба да се земе предвид дека овие мерки имаат во најголем број случаи, помошно, компензаторно и локално дејство во однос на макроекономските мерки.

Според тоа, во современата економија, за оние кои превземаат решенија, приоритет имаат макроекономските влијанија, кои се одлучувачки за економскиот развој, стапките на економски раст и растот на благосостојбата на населението. Притоа,

[4] *Ibid.*, стр. 63.

еколошките последици од спроведената макроекономска политика или воопшто не се земаат предвид, или им се придава минимално значење.

Доколку, се појават негативни еколошки ефекти од спроведувањето на главната економска политика, државата треба да биде принудена да спроведе дополнителни еколошки програми или мерки за стабилизирање на влошената еколошка состојба.

Исто така, меѓу главните причини за негативното влијание врз животната средина на голем број макроекономски мерки, може да се издвојат и следниве:[5] *неефективност на државната политика; шокови на пазарот; институционална неефикасност; намалувањето на буџетскиот дефицит на државата.*

Со економскиот раст предизвикан од економските реформи, во најголем број случаи има зголемување на еколошката штета. Причините може да лежат и во турбуленциите на пазарниот механизам на државите. Како, на пример, за ова може да се издвои, неефикасната државна политика во аграрниот сектор. Со кое, се уште посотојат добри намери кон ублажување на состојбата на земјоделските производители, но и кон зголемување на производството преку обезбедување значителни субвенции за набавка на хемиски препарати. Така, со користење на ниски цени на водата во наводнуваните површини доведуваат до значително намалување на водните ресурси и нивно исцрпување. Друг пример, може да бидат намерно загадените води, со пуштање на токсични материјали во нив од страна на фабриките. Поради тоа, се бара посебни еколошки програми, економски и правни мерки за нивно спречување.

Важноста на овој проблем во економската теорија ја анализирал американскиот економист Р. Коузо.[6] Имено, тој ги застапувал предностите на пазарот во однос на државната регулатива во постигнувањето на општествено оптимално ниво на загадување. Но, пазарната економија го постигнува ова, пред сè, благодарение на соодветниот правен систем кој гарантира сопственост на природните ресурси со силата на законот.

---

[5] *Екология и икономика на прага на новото столетие (единство или несъвместимост)* 2016, проф. д-р. инж. Здравко Гаргаров, New Bulgarian university – Sofia, стр. 67.
[6]https://ru.wikipedia.org/wiki/%D0%A3%D0%BD%D0%BE,_%D0%9A%D0%BE%D0%B4%D0%B7%D0%BE

## 2. Финансиски механизми за заштита на животната средина

Аспектите на еколошки ориентираниот финансиски менаџмент во светот се движат со брзиот развој на технологии и процеси поврзани со влијанието врз животната средина, а исто така, и со забрзаното формирање на пазарот за еколошки услуги. Главните финансиски насоки во оваа област вклучуваат:[7]

- формирање на финансиски структури за поддршка на еколошките акции;
- финансиско-еколошка процена (ревизија) на нивото на влијание врз животната средина, според можностите за државата;
- финансиско-еколошко осигурување на активностите на компаниите;
- промени во формата на известување во активностите на производителите;
- примена на нови методи за финансирање;
- формирање на нови трговски принципи (на пример, продажба на еколошки чисти производи).

Имено, финансискиот механизам за заштита на животната средина се заснова на база на пазарни методи. Како на пример, финансиска регулатива; економски стимулации; систем за плаќање на загадувањето; распределба на надоместоци за загадување и исплати за компензација.

Споменатите методи треба да се користат во различни фази од финансискиот процесот што влијае на животната средина. Ова влијание зависи од составот на примарните ресурси, спецификите на производствениот процес и применетите технологии за заштита на животната средина.

Посебна улога имаат плаќањата и данокот за загадување. Тоа се индиректни инструменти на влијание и се изразуваат во определувањето за плаќањето на штетни емисии, за користење на примарните ресурси, за финално производство и технологија итн. Даноците и плаќањата за загадување обезбедуваат максимална слобода на загадувачот во изборот на стратегија за комбинирање на степенот на чистење и плаќање за преостанатите штетни емисии.[8] На пример, ако трошоците за животната средина се ниски, фирмата значително ќе ги намали емисиите наместо да плаќа данок.

---

[7] *Екология и икономика на прага на новото столетие (единство или несъвместимост)* 2016, проф. д-р. инж. Здравко Гаргаров, New Bulgarian university – Sofia, стр.75.

[8] Ass. Prof. Dr. Miki Runtev, PhD of economics, direction of international financial management.

Така, корисникот на ресурсите ќе плаќа за него на ист начин како и за стекнатите суровини, електрична енергија итн.

*Важно е да се користат пазарни методи кои во најголема мера може да придонесат за поефективно решавање на еколошките проблеми.*[9]

Теоријата и практиката ја докажаа ефективноста на компоненти за формирање на економско-финансиски механизам на користење на природата во пазарни услови, како што се: плаќања за користење на природата; систем на економски стимулации за активност за заштита на животната средина; плаќања за загадување на животната средина; создавање пазар за природни ресурси; подобрување на финансиите земајќи го предвид еколошкиот фактор; еколошки фондови; програми за животна средина; продажба на права за загадување; систем „залог-враќање“; еколошко осигурување.

Во оваа насока, при менаџирањето на финансиските пристапи кои се користат за зачувување на природата се издвојуваат неколку и тоа:[10]

*Првиот финансиски пристап,* овозможува отфрлање на единствените технички барања за изворите на загадување и овозможува можност за избор на формата на различни начини за постигнување на општите норми за емисиите.

*Вториот финансиски пристап,* се однесува кон регулативата на регионално ниво кои ги вклучува директни трансакции помеѓу фирмите. Ова особено е важно за новите бизниси или за оние постојните кои се модернизираат. Пред да бидат пуштени во употреба новите капацитети во индустриски развиените подрачја, потребно е претприемачите, како компензација за еколошката штета, да го намалат нивото на загадување на некои од претпријатијата кои работат во волумен еквивалентен на воведениот нов извор на загадување. Овој принцип овозможува дозволи за нова градба и е неопходен кога се купуваат правата за загадување од компании кои успеале да постигнат намалување на емисиите под утврдените норми.

*Третиот финансиски пристап*, сугерира дека фирмите кои отстапуваат од изградба на сопствена опрема за прочистување треба да се обврзат да платат дел од вредноста на слична опрема што веќе функционира во други претпријатија, со кое ќе се

[9] *Ibid.*
[10] *Ibid.*

обезбеди ниво на загадување на животната средина во областа во рамките на општите норми.

Од особено важно се истакнува, дека сите влади и засегнати страни да ги разберат и да ги проценат финансиските потреби онаму каде што е потребно, на пример во земјите во развој, како и да разберат како може да се мобилизираат овие финансиски ресурси.[11] Обезбедувањето ресурси, исто така, треба да има за цел да постигне рамнотежа помеѓу адаптацијата и ублажувањето.

Во насока на обезбедување на широк дијапазон и разновидни климатски акции, обезбедувањето на доволен обем на финансиски средства за нивно финансирање е од клучно значење. Земјите кои преземаат решителни чекори во борбата со климатските промени имаат развиени механизми кои се специјализирани за финансирање на климатски акции. Покрај средствата од сопствениот буџет кои се определени и наменети за финансирање на климатски активности, националните и локалните авторитети потребно е да воспостават нови механизми по примерот на останатите земји во светот. Во таа насока, се одделуваат два клучни механизми, кои би можеле да се применат и во РС Македонија:[12]

- воспоставување на национален климатски фонд;
- воспоставување на национални и локални климатски/зелени финансиски инструменти.

Покрај овие два, во различни земји во светот постојат и други специјализирани механизми кои обезбедуваат средства за климатски активности, како на пример, фонд за управување со енергетска ефикасност и побарувачка.

За да се ограничи порастот на глобалната температура на многу под 2°C над прединдустриските нивоа, како што е договорено во Парискиот договор, сите земји мора да ги намалат своите емисии, за што ќе бидат потребни значителни инвестиции. Развиените земји се обврзаа колективно да ги поддржат земјите во развој во нивните мерки за ублажување на климата и нивна адаптација.

[11] Ass. Prof. Dr. Miki Runtev, PhD of economics, direction of international financial management.
[12] https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2023/754616/EPRS_BRI(2023)754616_EN.pdf.

Генерално, напорите според Парискиот договор[13] се водени од неговата цел да ги направи финансиските текови конзистентни со патеката кон ниски емисии на стакленички гасови и развој отпорен на климата. Оценувањето на напредокот во обезбедувањето и мобилизирањето на поддршката е, исто така, дел од глобалното преземање на акции според Договорот. Парискиот договор, исто така, става акцент на транспарентноста и зголемената предвидливост на финансиската поддршка.

Сепак, карактерно е што со Парискиот договор се дава можност на конкретен патоказ постигнување на целта од 2020 година и се согласија дека пред 2025 година, Конференцијата на страните членки на Парискиот договор (CMA) ќе постави нова колективна квантифицирана цел од 100 милијарди американски долари годишно.[14]

Важно е да се напомни, дека и Меѓународната агенција за енергија проектира дека инвестициите за ублажување на климата треба да се зголемат до два трилиони долари годишно до 2030 година во пазарите во развој и економиите во развој. Тоа изнесува некаде околу 12% од вкупните инвестиции во овие земји, значително повеќе од сегашните 3%.[15]

Исто така, се проценува дека приватниот сектор треба да ги покрие поголемиот дел од потребите за инвестиции за ублажување на климата во пазарите во развој и економиите во развој помеѓу 80 и 90%, во зависност од тоа дали е вклучена Кина-бидејќи се предвидува дека растот на јавните инвестиции ќе биде ограничен.[16]

Сепак, пазарите во развој и економиите во развој се соочуваат со значителни предизвици во привлекувањето приватен капитал. Многумина имаат кредитен рејтинг од подинвестициско ниво, што ја ограничува нивната потенцијална база на инвеститори и тоа резултира со високи финансиски трошоци.[17]

Поради тоа, се препорачува, дека со постапното исфрлање на јагленот е неопходно за да се постигнат климатските цели, но сепак е предизвик бидејќи многу пазарите во развој зависат од јагленот. Во оваа насока се истакнува дека со постепено исфрлање на електраните на јаглен ќе бидат потребни значителни приватни инвестиции

[13] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D0%B4%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80_(2015).
[14] https://unfccc.int/topics/introduction-to-climate-finance.
[15] *Ibid.*
[16] *Ibid.*
[17] Ass. Prof. Dr. Miki Runtev, PhD of economics, direction of international financial management.

и јавна поддршка. Додека, од друга страна, климатските политики и обврски на големите банки и осигурителни компании сè уште не се усогласени со целите за нето нула емисии, со што се намалува усогласувањето на приватните финансиски текови со климатската транзиција.

**Заклучок**

Со развојот на општествените односи се доаѓа до ситуација кога *целта на производството не станува само за задоволување на потребите, туку добивање на сè поголем и поголем профит*. Потрошувачката, за која производството историски настана, почна да се манифестира како споредна, а не главна цел. Затоа во современото општество, во кое сè е подредено на богатењето, се спроведуваат само оние проекти кои во иднина ќе донесат најголеми финансиски резултати.

За таа цел, неопходно е да се направат значителни измени во системот на образование и обука на кадри за разумна и свесна промена на условите за живот на луѓето и формирање на порационални принципи на потрошувачка. Човекот, и покрај сета своја рационалност, не ја поседува главната сопственост задолжителна за ниту еден жив организам, својството на еколошка самодоволност.

За да се надмине растечката еколошка криза и да се разрешат острите противречности во односот меѓу општеството и природата, како и технологијата како главен и индиректен инструмент во овие односи, потребен е нов начин на размислување, транзиција кон позеленување на економијата и производството и во перспектива на еколошки ориентирана цивилизација.

Како заклучок во овој труд може да се определи дека со имплементацијата за климатските проекти и активности, но и со барање на јасни стратегии за финансирање ќе се добие можност од мобилизирање на ресурсите, како од јавниот така и од приватниот сектор.

Поради тоа, особено важно е да се заклучи дека, меѓународното финансирање на климатските промени ќе има клучна улога и ќе биде најефективно кога ќе се усогласи во рамките на домашниот буџет и ќе биде во процес на искористување од дополнителни приватни финансии.

Но, како најзначајни заклучоци од најновите емпириски истражувања кои се спомнуваат во текот трудот, утврдија дека со силен домашен буџет ориентиран кон перформансите кој го интегрира климатскиот ризик и ги намалува емисиите на стакленички гасови ќе овозможи усогласување на меѓународните и приватните финансиски текови. Во однос на адаптацијата на климатските промени, повеќето климатски активности ќе треба да бидат управувани од националните и локалните власти преку нивните домашни буџети.

Кажаното до сега во овој труд, ја утврдува потребата за пишување на она кое се очекува во иднина, дека со мониторирање на имплементацијата и отчетноста се од суштинско значење за да се обезбеди ефикасно управување со ресурсите поврзани со климатските промени во насока на градење на одржливи, отпорни и правични општества. Важен составен дел на економскиот механизам на користење на природата и екологизација на економијата се наменети да бидат еколошките финансиски фондови. Нивното формирање овозможува да се спроведат дополнителни активности за заштита на животната средина над средствата предвидени за оваа намена во државниот буџет.

Исто така, се заклучува дека, услов за премин кон еколошки развој е решавањето на проблемите на пазарните механизми за плаќање на средства за користење на природата.

Како суштински проблем се издвојува дека еден од тешките проблеми на социјалната екологија, кој влијае на самата основа на економијата и е поврзана со екологијата, е промената во структурата и стереотипот на потребите и потрошувачката на луѓето. Но, најтешко се надминуваат стереотипите за престижната потрошувачка.

Во оваа насока, најчестите еколошки проблеми се гледаат низ призмата како ризик врз здравјето на луѓето; еколошки – економски ризик; ризик за квалитетот на животот, итн. Управувањето со ризикот често е поврзано со економската анализа на „резултат на трошоци/ефикасност“.

## Conclusion

With the development of social relations, *a situation is reached where the goal of production becomes not only the satisfaction of needs, but obtaining greater and greater profit*. Consumption, for which production historically arose, began to manifest itself as a

secondary rather than a main goal. That's why in modern society, in which everything is subordinated to getting rich, only those projects are implemented that will bring the greatest financial results in the future.

For this purpose, it is necessary to make significant changes in the system of education and training of personnel for a reasonable and conscious change in people's living conditions and the formation of more rational principles of consumption. Man, despite all his rationality, does not possess the main property obligatory for any living organism, the property of ecological self-sufficiency.

In order to overcome the growing environmental crisis and to resolve the sharp contradictions in the relationship between society and nature, as well as technology as the main and indirect instrument in these relationships, a new way of thinking is needed, a transition to the greening of the economy and production, and in the perspective of ecologically oriented civilization.

As a conclusion in this paper, it can be determined that with the implementation of climate projects and activities, but also with the request for clear financing strategies, an opportunity will be obtained from mobilizing resources, both from the public and from the private sector.

Therefore, it is particularly important to conclude that international climate change financing will play a key role and will be most effective when matched within the domestic budget and in the process of leveraging additional private finance.

But, as the most significant conclusions from the latest empirical research mentioned in the paper, they found that a strong performance-oriented domestic budget that integrates climate risk and reduces greenhouse gas emissions will enable reconciliation of international and private financial flows. In terms of climate change adaptation, most climate action will need to be managed by national and local governments through their domestic budgets.

What has been said so far in this paper establishes the need to write what is expected in the future, that by monitoring the implementation and accountability are essential to ensure efficient management of resources related to climate change in the direction of building sustainable, resilient and just societies. Ecological financial funds are intended to be an important integral part of the economic mechanism of using nature and greening the

economy. Their establishment allows to carry out additional activities for environmental protection over the funds provided for this purpose in the state budget.

It is also concluded that a condition for the transition to ecological development is the solving of the problems of the market mechanisms for payment of funds for the use of nature.

As an essential problem, it stands out that one of the difficult problems of social ecology, which affects the very basis of the economy and is related to ecology, is the change in the structure and stereotype of people's needs and consumption. But stereotypes about prestige consumption are the most difficult to overcome.

In this direction, the most common environmental problems are seen through the prism of a risk to human health; environmental – economic risk; risk to quality of life, etc. Risk management is often associated with economic analysis of "cost/effectiveness."

**Користена литература**

1. *Можности за примена на концептот на зелена економија во МСП во Република Северна Македонија*, д-р Неда Петроска-Ангеловска, д-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, Издавач: Економски институт-Скопје 2021 година https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/08/kniga-Zelena-ekonomija-web.pdf;
2. *Долгорочна стратегија за климатска акција со акциски план* https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/2ba0633b4385d2538862b16572bff16d13ad0895665ee2729d24e177022ace27.pdf;
3. *Државен завод за ревизија на РС Македонија* https://dzr.mk/sites/default/files/202207/68_RU_Prezemeni_merki_politiki_ublazuvanje_klimatski_promeni_KOMPLET_2022.pdf;
4. The Ecological City Planning Aspects of the South Ural State, S. Shabiev, *South Ural State University, 76, Lenin Avenue, Chelyabinsk, 454080, The Russian Federation* International Conference on Industrial Engineering, Science Direct, ICIE 2016 University Main Building Complex Reconstruction;
5. *Climate Finance Taking a Position on Climate Futures*, Gareth Bryant, Sophie Webber, Agenda Publishing, March 2024;

6. *Climate Finance: Taking a Position on Climate Futures (Economic Transformations)* By Gareth Bryant, Sophie Webber;
7. *Climate Finance: Taking a Position on Climate Futures*, Dr Gareth Bryant, Dr Sophie Webber Mar 26, 2024;
8. *Global financial stability report* file:///C:/Users/Miki%20Runtev/Downloads/ch3.pdf 2023;
9. https://unfccc.int/topics/introduction-to-climate-finance;
10. https://prezi.com/wrluduksgola/faktoret-ekologjike/.

***Доц. д-р Павле Трпески[1], проф. д-р Елизабета Стамевска[1], д-р Гордана Стојменовиќ[2], м-р Марио Чачиќ[3]***

[1]Факултет за економски науки, Европски универзитет Скопје
[2]Београдска академија пословних и уметничких струковних студија
[3]Универзитет Скопје
E-mail: pavle.trpeski@eurm.edu.mk, elizabeta.stamevska@eurm.edu.mk, gordana.stojmenovic@bbs.edu.rs, m.cacic@utms.edu.mk

# ВЛИЈАНИЕ НА ГЛОБАЛНИТЕ МИКРОТРЕНДОВИ ВРЗ МЕНАЏИРАЊЕТО СО ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ

**Abstract**

Глобалните макротрендови и фактот што посткризно (ковид-кризата, воениот конфликт помеѓу Русија и Украина, воените дејствија на Блискиот Исток во Појасот Газа) светската економска состојба е во транзиција, во потрага по нов еквилибриум, вниманието треба да се сврти повеќе кон корисниците на пазарот на капитал (корпорациите, пензиските фондови, друштвата за управување со средства, небанкарските финансиски институции) така што менаџирањето со пазарот на капитал несомнено мора да има нови текови и извори на финансирање кои во голем дел нема да бидат како досегашните традиционални.

**Клучни зборови:** *пазар, менаџирање, капитал, кризи, макротрендови.*

# IMPACT OF GLOBAL MICRO TRENDS ON CAPITAL MARKET MANAGEMENT

**Abstract**

Global macro trends and the post-crisis state (due to the military conflict between russia and ukraine and military action in the middle east in the Gaza strip) the world's economics situation is transitioning and is in the search for a new equilibrium. The attention should br turned more towards the users and the market of capital (corporations, pension funds, asset management companies, non-banking financial institutions) so that managing

with the market of capital must undoubtably have new flows and sources of financing that will massively be different from the traditional ones.

**Keywords:** *market, management, capital, crises, macrotrends*.

Пазарот на капитал (англиски: *capital market*) претставува збир на односите помеѓу понудата и побарувачката на финансиски средства од разни извори. Преку пазарот на капитал доаѓа до размена на паричните средства од тие што ги имаат на тие на кои им се потребни, при што корисниците на средствата им плаќаат одреден надомест на позајмувачите во вид на камата (што ја добиваат сопствениците на средствата), дивиденда (што ја добиваат сопствениците на акциите) или слични исплати, како што е капиталната добивка која одговара на разликата меѓу продажната и куповната цена на хартиите од вредност.

За развојот на капиталните пазари од клучно значење се четири глобални макротрендови и тоа:

- глобалната нестабилност;
- зајакнувањето на државниот интервенционизам;
- технологијата; и
- војната за ресурси.

Освен тоа, треба да се напомене дека овие трендови се раководени од регулативата, фискалните притисоци и политички и социјални немири и, како такви имаат големо влијание врз пазарните учесници.

1. Глобалната нестабилност се смета за силен фактор на промени. Неизвесноста и нестабилноста се главни карактеристики и на пазарот на капитал и на светот пошироко.

Оваа нестабилност главно произлегува од светската финансиска криза која започна во 2008-2009 година и сè уште трае заради влијанието на пандемијата предизвикана од ковид-19 кризата и големиот раст на цената на енергенсите и нафтата од крајот на 2021 година.

Оттука макрогеополитичките трендови и зголеменото користење на финансиските пазари како политички инструмент, долеваат сегашна и идна

нестабилност. Преочигледни се геополитичките тензии во земјите, како Русија, Иран, Сирија и Средниот Исток кои претставуваат регион со висок глобален ризик.

При анализата на ваквата глобална нестабилност како клучни би се издвоиле четири структурни фактори.

Прво, тоа се континуираните геополитички тензии и конфликти кои го зголемуваат ризикот одредени земји да немаат пристап до пазарите на капитал или финансиската инфраструктура.

Второ, тоа е развивањето на регулацијата во дивергентни регионални насоки.

Трето, по значење се смета развојот на фискалната политика.

Поради сите овие состојби, многу влади се принудени да се откажат од фискалните стимулации, а со тоа да ја поткопуваат кревката стабилност на финансиските пазари.

И последно, но не и најважно во оваа насока, се смета дека се политичките и социјалните немири во светот кои произлегуваат од голем број фактори, вклучувајќи фискално штедење, недостаток на ресурси, корупција, социјални медиумии верски конфликти, а кои евидентно е дека ќе продолжат да ги предизвикуваат постојните политички структури и да придонесуваат за глобалната економска и пазарна нестабилност.

Ниските просечни стапки на раст и ниските каматни стапки ги принудуваат инвеститорите (институционалните и малопродажните) очајно да бараат алтернативи за инвестирање и да се изложуваат на ризици.

Сѐ претходно наведеното упатува на веројатност дека на среден и долг рок нема да има стабилност на пазарите и дека учесниците треба да бидат многу претпазливи, особено во однос на sovereign risks/владините ризици (примерите на Грција и САД) кои се на историски највисоко ниво.

Зголемената банкарска регулација, исто така, влијае врз зголемување на цената на капиталот и до регулаторни рестрикции. Трендовите одат во насока на редуцирање на обемот на трансакциите и воведување продажни иновации како дилерски трговски платформи (“Ebay-ification” или тргување на шалтери), вкрстени конзорциуми и оптимални колатерали, главно безопасни преку оптимизација на тековните глобални залихи.

Ефектот на овие промени ќе биде преголем и ќе има поголемо влијание од едноставна банкарска регулација, креирајќи можности за појава на нови пазарни учесници (како на пример, финансиско-информатички компании и пазарни корисници).

Слично сценарио се одвива и во финансирањето. Континуирано се намалува зајмувачкиот капацитет на неприоритетните клиенти. За сметка на тоа се појавуваат нови алтернативи на пазарот на капитал. Така банкарските кредити се заменуваат со зголемена употреба на секјуритизацијата и директен пристап до пазарот.

Корисниците на пазарот на капитал како што се: пензиските фондови, хеџ-фондовите, приватните акционерски фирми како и другите небанкарски финансиски институции ќе играат сѐ поголема улога.

Ќе се зголемува улогата и на регионалните и националните банки. На краток рок макроекономското окружување ќе ги диктира правците на промени. И покрај значајното намалување на трошоците на големите компании (агресивниот аутсорсинг, супериорната технологија и организационите модели), финансиската индустрија не може да се врати во истата форма од пред кризата.

Ќе се отворат можности за други финансиски институции, како клириншки куќи, електронски трговски платформи, финансиски технолошки компании, нови банки во сенка (shadow banking)/сиво банкарство.

Хеџ-фондовите и друштвата за управување со фондови ќе бидат сѐ покритични извори на капитал и ќе бараат патишта за директни врски со корисниците на капитал без банки и други посредници, односно директно на берзите, по пониски трошоци и зголемувајќи ја вкупната ликвидност.

Оттука, може да се очекува зголемен обем на финансиски можности кои ќе доаѓаат од традиционалните и новите извори на капитал (разни финансиски партнерства, приноси од секјуритизацијата и владини камати, хеџ-фондови, приватен капитал, компании за развој на бизниси, инвестициски фондови и сл.).

Јакнењето на државниот капитализам првенствено ќе резултира со јакнење на контролата над домашните финансиски системи и институции.

Регулацијата ќе биде насочена кон промовирање на домашната политичка агенда (како, борба со тероризмот и надворешните геополитички сили, поддршка на

домашниот пазар на недвижности, обезбедување раст на одредени сегменти од економијата и сл.) и заштита на суверенитетот, пред обезбедување мобилност на глобалните капитални текови.

Полето на дејствување ќе се помести од глобално на локално ниво. Националните и регионалните институции ќе бидат доминантни. Пристапот до локалните финансиски пазари ќе се ограничува за прекуграничните институции.

Класичен пример за тоа е еврозоната која спротивно на глобалните трендови со воспоставувањето на Единствениот супервизорски механизам и други чекори нотирани во Европската зелена книга, гради единствен пазар на капитал. Потоа големината на банкарскиот сектор ќе биде корелирана со БДП. Финансиските перформанси на учесниците на пазарот на капитал ќе бидат поврзани во поголем обем со домашната побарувачка и динамиката на домашниот раст.

Државно поддржаните банки ќе го достигнат својот врв преку владините политики. Минатите три децении имаше подем на појава на државни банки посебно во новопојавените економии каде што врз основа на политичките цели се канализираа кредитите. Се смета дека финансиската криза ја зголеми државната сопственост, па дури и во развиените економии. Се очекува овој тренд да продолжи во комбинација со мерки за сузбивање на нефункционалните кредити, капитални ограничувања и други ограничувања за деловните банки. Амбициите на глобалните играчи на пазарот на капитал ќе се стават под контрола на државно поддржаните банки и под притисок на локалните актери. Лидерските институции ќе бидат во позиција да практицираат повеќе проактивен регулаторен менаџмент.

За последните 50 години, технологијата го промени општеството во голема мера. Овие промени имаа силно влијание на самиот пазар на капитал но и на технолошката платформа на пазарните учесници и корисници.

Во однос на самиот пазар на капитал, како што е веќе истакнато погоре во текстот, технологијата имаше силно влијание врз креирањето нови компании, финансиски инструменти и на цените на основните стоки. На страната на пазарните корисници и учесници, технологијата исто така имаше силно влијание. За да опстојат финансиските институции ќе мора да се приспособат на овие промени и да поттикнуваат иновации особено на пазарот на капитал.

Сè уште не е познато како ќе се движат промените како на пример, каков ефект врз финансиките пазари ќе има масовната употреба на биткоинот и електронските пари. За таа цел се разгледуваат следниве сценарија:

- операциите и технологијата да ја формираат основата на следната генерација главни, наспроти споредни функции;
- виртуелизацијата широко ќе се прифати како начин за намалување на оперативните трошоци и примена на ИТ;
- појава на нови платформи за едновремено тргување со повеќе средства кои на пазарните учесници ќе им обезбедат единствен извор за финансирање за различни трговски транскации или потреби за управување со ризици;
- технолошките иновации ќе ја нарушат конкурентната предност на учесниците на пазарот на капитал;
- искористувањето на масовни податоци ќе биде првенствено во функција на одржување на конкурентноста на пазарот на капитал;
- технолошкиот ризик ќе се помести од оперативниот менаџмент кон контрола на сајбер-ризици итн.

Недостигот на ресурси и влијанието на климатските промени имаат првенствена важност. Повеќе од очигледно е дека растот на популацијата и рапидната урбанизација прават неодржлив притисок врз глобалните ресурси.

„Војната за ресурси“ (како на пример: за вода, храна, минерали и капитал) ќе ја зголеми пазарната нестабилност, генерирајќи нова регулатива и јакнење на протекционистичко однесување во многу земји и региони.

Можностите на финансискиот сектор за поддршка на транзицијата ќе бидат значителни и тоа во насока на:

- Обезбедување масовни финансии преку пазарите на капитал за невидена серија на инфраструктурни проекти пројавени заради растечката урбанизација (главно од транспортен карактер, но и од природните ресурси). Според одредени проценки на ОЕЦД2 до 2030 година само за светската инфраструктура ќе бидат потребни околу 50 трилиони американски долари. Притоа, имајќи предвид дека јавните финансии по последната светска финансиска криза се насекаде во лоша

состојба, ќе се создаваат големи јазови кои ќе се пополнуваат од страна на институционалните инвеститори.

- Ќе се креираат ефективни пазари за олеснување на размената на климатски врзани инструменти. Поради зголемениот владин притисок преку оданочување и други иницијативи се јавува потреба од нови финансиски пазари поврзани со продлабочената трговија на јагленородни кредити и деривати за тргување со вода. Затоа се смета дека климатско поврзаните пазари и инструменти ќе останат во голема мера неефикасни и неефективни со податоци.
- Пазарот на капитал ќе нуди иновации за цените и алокација на ретките стоки, посебно за храна и вода. Евидентно е дека наспроти нестабилноста, светските цени на храната постојано растат. Водата е сѐ пооскудна – се проценува дека побарувачката на вода во 2030 година ќе се дуплира во однос на 2015 година, што е значително повеќе во однос на постоечкото снабдување. Притоа, се има предвид дека и тековните водоснабдувачки и потрошувачки методи придонесуваат за огромна загуба на водни ресурси.

Во таа насока, имајќи ја предвид ургентноста од овие два вида стоки, пазарот на капитал треба да најде решение:

- прво, со олеснување на инвестициите во земјоделството и нови технологии; и
- второ, со олеснување на трговијата за реалоцирање на овие ресурси таму каде што се најпотребни.

И на крај голема група на фактори кои исто така доведуваат до значителни промени кои имаат глобален одраз врз пазарот на капитал претставуваат т.н. потенцијални нарушувања.

Тие настануваат заради поместувања на глобалните ресурси, војните, технологијата, владини кризи, покачување на каматните стапки, регулативата и финансиските кризи. Секој од овие фактори станува сѐ поизразен.

Па така сѐ попроблематично е на пример, снабдувањето со потребните ресурси на најголемите светски економии или опстанокот на земјите богати со нафта и гас ако тие не се продаваат. Прашање е како финансиските пазари ќе реагираат и ќе се

развиваат. Уште поголема загриженост предизвикуваат терористичките напади како и воените дејствија во Украина и на Блискиот исток (Појасот Газа).

Финансиските и економските санкции се користат сè повеќе како глобално политичко оружје. Па оттука легитимни се прашањата од типот:

- како ќе работат финансиските институции во двополарен свет или блоковска поделеност;
- што ќе дозволуваат националните власти во вакви констелации;
- дали тие можат да се изолираат од финансиските пазари во време на глобално непријателство;
- дали ќе се определат да бидат дел од глобалната безбедност на финансиските пазари;
- дали големите финансиски институции се изложени на сајбер напади итн.

Од останатите фактори со исклучок на факторите за кои предходно веќе беше елаборирано како технологијата, регулативата и владините кризи, се очекува значајни нарушувања и проблеми на пазарот на капитал да се појават заради покачување на каматните стапки и инфлацијата.

Оправдано се стравува дека тоа може да се случи во блиска перспектива и дека тоа ќе биде проблем за централните банки и дека властите не ќе можат да ги сервисираат презадолжените економии, а прашање е што ќе се случи во такви ситуации со глобалната економија и со финансискиот сектор.

Какви ќе бидат изгледите за глобалното закрепнување? И најпосле заради бројните потенцијални ризици (од потенцијалните владини кризи во еврозоната до повторна појава на должничката криза во новопојавените пазари), прашањето е: дали е на повидок нова финансиска криза. Таа би била посилна од сите предходни, вистински предизвик и не само за финансиските институции низ целиот свет туку и за седумдецениските поствоен геополитички поредок.

Оттука час поскоро е императивно да се пристапи кон промени. Главната опомена доаѓа од актуелните состојби на пазарот на капитал кои во голем дел се последица на последната светска финансиска криза. Таа стивна благодарение на силните тактички напори на пазарните учесници, како одговор на глобалната битка за

гаснење на пожари. Сега треба да се види како посткризно ќе се обликува пазарот на капитал.

Новата регулација е далекосежна и нападна и е главен белег на новиот лик на пазарот на капитал. Глобалниот економски раст останува непостојан и во одредени региони неостварлив. Пазарите на капитал ги зголемуваат производите и услугите. Напорите за намалување на трошоците се краткорочно успешни, но не се одржливо профитабилни за банките. Како кулминација на овие трендови банкарските приноси се зголемуваат но сепак остануваат под цената на капиталот во поголем дел од светот. На пример од 2009 година најголемите 13 банки фокусирани на пазарот на капитал во САД и ЕУ до 2016 година имаа планирано намалување на трошоците (главно преку намалување на вработените и користење аутсорсинг и офшор) за над 50 милијарди САД долари.

Овие заштеди во индустријата се едвај над нејзините капитални трошоци и затоа тие мора да имплементираат нови иницијативи кон суштински реинженеринг и стратешко обновување на дејноста. Пазарните ученици треба да гледаат поинаку на нивната дејност и да ги усогласат трошковните заштеди и развојните агенди со нивните корпоративни стратегии и оперативни способности.

Ова воедно е повик за промени така што финансиските институции ќе треба симултано да го следат развојот на регулацијата, барањата на клиентите, интерните оперативни барања, стагнантниот раст и императивите за иновации за да останат конкурентни подолг временски период.

Очекувањата од пазарот се огромни. Перспективно успехот на пазарните ученици ќе зависи од нивната јасна определба - дали да се преобликуваат или да го следат развојот на лидерите. Лидерите мораат да имаат јасна стратегија за справување со сите погоренаведени предизвици и приоритети.

За такви се сметаат следниве шест, на кои треба да се фокусираат финансиските институции во иднина:

1) проактивно менаџирање на ризикот, регулативата и капиталот;
2) воведување построга култура и однесување;
3) редефинирање на деловниот модел;
4) стратешко обновување на оперативниот модел;

5) овозможување иновации и способности за нивно поттикнување; и
6) стекнување информациони предности.

Со оглед на фактот што посткризно светската економска состојба е во транзиција во потрага по нов еквилибриум, вниманието треба да се сврти повеќе кон корисниците на пазарот на капитал (корпорациите, пензиските фондови, друштвата за управување со средства, небанкарските финансиски институции).

Овие субјекти имаат голема улога во обезбедување на стабилност и ефикасност како на пазарот на капитал така и на реалната економија. За таа цел тие исто така треба јасно да ги постават своите приоритети наспроти перспективите на пазарот на капитал.

Освен безбедност и стабилност на корисниците ќе им требаат извори за финансирање, како неопходна поддршка на реалната економија. Пазарните ученици, особено прекуграничните, ќе бараат конзистентност и пристап до широк спектар на производи од кој ќе го прават изборот за финансирање.

Но во посткризниот период, трендовите се движат во обратна насока. Како резултат на национализациите државната помош и регулацијата имаме зголемена фрагментираност на финансискиот систем и само неколку небанкарски институции кои можат да обезбедат глобална покриеност на корпаративните и институционалните клиенти.

Оттука се чини дека заради ваквиот економски амбиент формирањето глобални алијанси и партнерства меѓу различни финансиски институции ќе биде императив за лесно обезбедување на прекугранични услуги. Притоа, евидентно е дека нема праведни цени туку пазарот на капитал е постојано под ценовен притисок.

**Заклучок**

Благодарение на зголемената регулација и трошоци како и намалената конкуренција, цените на капиталот растат. Ова понатаму има големи импликации во економијата.

Самото поскапување на капиталот ја доведува во прашање исплатливоста на многу бизниси ако нема можност за контрола на основните трошоци и за нови

производи и партнерства за опстојување. Со тоа уште еднаш се потврдува претходната констатација дека глобалниот пазар на капитал станува прекомплексен.

## Conclusion

Thanks to increased regulation and costs as well as reduced competition, the capital prices are rising. This further has great implications in the economy.

The increase in the cost of capital alone brings into question the profitability of many businesses if there is no possibility to control the basic costs and gurantee the survuval of new products and partnerships. This once again confirms the previous finding that the global capital market is becoming too complex

## Користена литература

1. A.D.Joseph, 2022, *Global Finansial Management*. Harlow. UK.;
2. Arnold, Glen. 2007. *Essentials of Corporate Financial Management*. Harlow. UK;
3. Arnold, Glen. 2008. *Corporate Financial Management*, 4th edn. Harlow. UK;
4. Atrill, Peter. 2007. *Financial Management for Decision Makers*, Harlow. UK;
5. Ivanovski, Zoran. 2008. *Finansiski menagment*. EURM. Skopje;
6. Ivanovski, Zoran. 2011. *Analiza na finansiski izvestai*. UTMS. Skopje;
7. Ivanovski, Zoran. 2012. *Investicii*. UTMS. Skopje;
8. Сашо Арсов, *Финансиски менаџмент*, Економски факултет - Скопје, 2008, стр. 180;
9. Сашо Арсов, *Финансиски менаџмент*, Економски факултет - Скопје, 2008, стр. 180-181;
10. Сашо Арсов, *Финансиски менаџмент*, Економски факултет - Скопје, 2008, стр. 181;
11. Сашо Арсов, *Финансиски менаџмент*, Економски факултет - Скопје, 2008, стр. 181;
12. Љупчо Трпески, *Банкарство и банкарско работење* (прво издание), Економски факултет - Скопје, 2009, стр. 201;
13. T. Pavle, K. Vesna. 2021. *Financial managament-goals and function*;

14. T. Pavle, K. Vesna, G. Stojmenovic, M. Smelcerovic. 2021. *Financial managament-purposes and function*.

*Доц. д-р Александар Трајковски*
СОУ „Таки Даскало“
Р. Македонија
E-mail: aleksandartrajkovski05@yahoo.com

# СОВРЕМЕНАТА ТЕХНОЛОГИЈА И ЕКОНОМСКИТЕ ПРОЦЕСИ КАКО УСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ВИРТУЕЛНА КОМПАНИЈА

**Апстракт**

На крајот на 20 век, деловниот свет беше зафатен од длабоки промени директно поврзани со појавата на современите информатички и комуникациски технологии. Со развојот на производствените и транспортните технологии и информациски системи, сѐ повеќе се занемарува традиционалната, класична економија и се влегува во светот на виртуелната економија. Благодарение на многуте предности што ни ги даваат достапните информации и нови технологии, во виртуелената економија овозможено е виртуелно работење на сосема нов, до неодамна незамислив начин. Виртуелното работење презема поголем дел од современиот работен (деловен живот). Се отвораат многу нови работни (деловни) можности. Компаниите и претприемачите сѐ повеќе користат виртуелни работни места, и таков начин на водење бизнис затоа што им се отвораат многубројни предности во однос на досегашниот начин на работа, како и поголем економски бенефит. На појавата и развојот на виртуелната економија влијаеле сите деловни концепти создадени на крајот на 20 век и преминот во 21 век. Виртуелната економија е цврсто поврзана со глобализацијата и вмрежувањето во економијата. Посебен акцент е ставен на знаењето, па може да се смета дека виртуелната економија претставува продолжување на трендот на економијата на знаење, популарна на преминот од 20 век во 21 век. Исто како и во случајот со економијата на знаење пред десет години и виртуелната економија денес го дели истото мислење, неопходноста од создавање компании на знаење.

**Клучни зборови**: *виртуелни компании, информатички и комуникациски технологии, виртуелна економија.*

# MODERN TECHNOLOGY AND ECONOMIC PROCESSES AS A CONDITION FOR THE DEVELOPMENT OF A VIRTUAL COMPANY


**Abstract**

At the end of the 20th century, the business world was affected by deep changes directly related to the emergence of modern information and communication technologies. With the development of production and transport technologies and information systems, the traditional, classic economy is increasingly being neglected and the world of the virtual economy is being entered. Thanks to the many advantages that available information and new technologies give us, in the virtual economy it is possible to work virtually in a completely new, until recently unimaginable way. Virtual work takes over most of the modern working (business) life. Numerous new work (business) opportunities are opening up. Companies and entrepreneurs are increasingly using virtual workplaces, and such a way of doing business because it opens up numerous advantages over the previous way of working, as well as a greater economic benefit. The emergence and development of the virtual economy was influenced by all the business concepts created at the end of the 20th century and the transition into the 21st century. The virtual economy is tightly linked to globalization and networking in the economy. Special emphasis is placed on knowledge, so it can be considered that the virtual economy represents a continuation of the trend of the knowledge economy, popular at the turn of the 20th century into the 21st century. Just as in the case of the knowledge economy ten years ago and the virtual economy today shares the same opinion, the necessity of creating knowledge companies.



**Keywords:** *virtual companies, information and communication technologies, virtual economy*.


**Вовед**

Предмет на овој труд е „Современата технологија и економските процеси услов за развој на виртуелна компанија“ Откако деловниот свет доживеа радикални промени директно поврзани со појавата на модерните информатички и комуникациски

технологии, се појави нова виртуелна економија. Традиционалните компании мораа да изнајдат нови начини за приспособување на современите деловни услови, а со тоа традиционалниот менаџмент мораше да се приспособи со развивање на современи пристапи кои се темели на развој на специфичен модел на управување на виртуелни компании.

## Нови услови во работењето во виртуелната економија

Генерално, може да се каже дека е постигнат единствен консензус и дека знаењето денес е најважниот економски ресурс и стручните квалитетни човечки ресурси се најбарани на пазарот на ресурсите. Покрај знаењето, особено важен извор е претприемништвото (претприемничката способност), да препознаат нови можности кои доаѓаат од опкружувањето, обликување на старите идеи на нови начини и нивно гледање во поширок контекст. Покрај знаењето и претприемачката способност, уште еден важен извор се информациите во современиот бизнис. Информацијата како ресурс кој нема јасна финансиска вредност, ниту пак се троши со употреба во деловниот процес, суштински ја промени економската теорија на ресурсите. Класични деловни фактори, како што се земјиштето, трудот и капиталот се заменуваат со нови, што е прикажано во табела 1.1[1]

*Табела 1.1*

| Класични услови на работење | Современи услови на работење |
|---|---|
| **ЗЕМЈА –** како место за водење бизнис активности и како извор на енергетски и неенергетски ресурси | **ВИРТУЕЛЕН ПРОСТОР** – (интернет) како „место“ на водење бизнис и непресушен извор на информации и идеи |
| **РАБОТА** – традиционална работа мерена по број на човечки ресурси и времето поминато во канцеларија, фабрики... | **TELEWORK –** „работа на далечина“, различни облици на работа на далечина и појава на нови видови работници |
| **КАПИТАЛ** – (фабрики, згради, машини...) и финансиски (пари ) | **ИНТЕЛЕКТУАЛЕН КАПИТАЛ** – човечки, структурен и потрошувачки капитал |

***Извор:*** Kolaković, M. (2010) *Virtualna ekonomija: kako poslovati u uvjetima globalne krize,* str. 9.

[1] Колаковиќ, М. (2010) *Виртуелна економија: како да се води бизнис во услови на глобална криза*, Загреб, Стратегија, стр. 1-8.

Во услови на глобализација и голема примена на информатичко-комуникациската технологија и напредок во транспортната технологија, овозможија промени во изборот на локација за производство. Други фактори кои влијаат на изборот на локација се пристапноста до специјализираните знаења и вештини. Специјализирани „ресурси на знаење" и нивните вештини го претставуваат тој критичен ресурс што ги разликува успешните компании денес од неуспешните. Поддршка за создавање и развој на виртуелната економија даваат и бројни други економски, социјални и институционални фактори.[2] Современите технологии како предуслов за појава на виртуелна економија. Силниот тренд на развој на информатичката технологија во последните години го услови нејзиното влијание врз развојот на економијата. Создадени се нови можности на пазарот, се создаде потреба од нови производи и услуги, трошоците се намалуваат, зголемена е ефикасноста и ефективноста и квалитетот на производите и услугите. Информатичката технологија овозможи примена на еден вид парадокс во бизнисот, а тоа е употребата на индуктивната логика во развојот на процесот. Имено, класичната економија поаѓа од дедуктивно размислување. Прво се утврдува проблемот, а потоа се избираат најдобрите можни решенија. Информатичката технологија овозможува спротивен начин на гледање на деловниот проблем. Прво се создава нова технологија, а потоа се бара нејзина примена во решавањето на постојниот бизнис проблем. Ваквиот начин на размислување и примена на логика е „виновникот" за силната експанзија на информатичките технологии и создавањето на нови потреби на пазарот.[3] Информациите имаа значително влијание врз создавањето на виртуелен организација, а можеме да кажеме и дека современите виртуелни организации се резултат на развојот на информатички технологии. Развојот на веб-технологиите и е-бизнисот отвори нови можности за креирање деловни процеси. На пример, компанијата Амазон ги виде предностите на веб-бизнис преку нудење книги и обезбедување на нивна испорака. На овој начин се елиминираа трошоците за посредници, купувањето стана полесно и глобално достапно, а нарачките беа проследени директно до издавачите. Виртуелни

[2] Kolaković, M. (2010) *Virtualna ekonomija: kako poslovati u uvjetima globalne krize*, Zagreb, Strategija, str. 10.
[3] Šuber, B. (2005) „*Unapređenje poslovnih procesa pomoću informacijske tehnologije*", Ekonomski vjesnik, vol. XVIII, br. 1-2, str. 97-98. Dostupno na https://hrcak.srce.hr/199766.

организации во производството на еден производ, во кој постои поделба на работните места и задачите според компетенциите на ресурсите, исто така ги елиминираат непотребните трошоци и создаваат производи приспособени на потребите на пазарот.[4] Според Чан, информатичките технологии можат да се поделат на одредени улоги. Улогите на информатичките технологии може да се поделат на:

- улогата на иницијатор (eng. initiator);
- улогата на лидер (eng. facilitator);
- улога на овозможувач (eng. enabler).

10. Topuzovska Latkovic, M, Borota Popovska, M, Serafimovska, E, Cekic, A & Starova, N. (2019). *Study for Young of Northern Macedonia 2018/2019*, Friedrich Ebert Stiftung, Skopje, 65;
11. Weber, R. (2012). *Evaluating Entrepreneurship Education*, Springer Gabler, Wiesbaden, 57;
12. Yanamandra, R. & Indiran, L. (2023). *Handbook of Research on Designing Sustainable Strategies to Develop Entrepreneurial Intention.* IGI Global, 352.

*Ас. м-р Славица Танеска*

Факултет за арт и дизајн
Европски универзитет Скопје
E-mail: slavica.taneska@eurm.edu.mk

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ И РАЗВОЈНАТА ПАТЕКА НА ТАЛЕНТИТЕ

**Апстракт**

Во овој труд ги опфаќам поимите талент, креативност и надареност. Кои се значењата на овие поими и како може да се препознаат во раната возраст. Сите овие термини имаат различно значење и кон секој од овие типови потребен е различен пристап со цел да излезе на површина она најдоброто од поединецот. Правилниот развој уште од најрана возраст е гаранција за успех во животот.

Начинот на мислење е значаен, бидејќи она што ќе се вгради како начин на решавање на проблем во раната возраст понатаму, тоа се користи како модел и за целиот живот. Самиот труд најмногу ќе се осврне на аспектите од ликовната педагогија и методика бидејќи преку овие дисциплини како и преку самата ликовна уметност се развиваат ***способностите за решавање на проблем***, бидејќи во уметноста секогаш се решава некаков проблем. Проблем да се отслика стварноста, времето во коешто живееме или човекот на нашето време. Како да се пристапи и да се комуницира со човекот, кои алатки, медиуми и можности се проблем за уметникот кој низ различните времиња ги решавал на различен начин, одговарајќи секогаш на нов начин на „проблемот“ кој бил зададен, односно на самото време.

Во секој случај ***креативноста*** е оној начин на ***мислење*** кој може да помогне во решавање на многу проблеми во животот бидејќи самата нуди повеќе можности. Можности кои не се стандардни и дефинирани, кои излегуваат од границите и произведуваат нови решенија. Една од задачите на ликовното образование е токму развојот на креативноста и дивергентното мислење како клучна за успех во животот. Преку ликовното образование се откриваат различните консталации на личноста и различните типови. Со правилен педагошки пристап тие може да се развиваат, да се

мотивираат и насочуваат. Цртањето е еден од најзначајните инструменти во учењето. Творечкото мислење, пак, е посебен процес кој се случува кај талентираните поединци кое, исто така, има своја развојна патека што исто така треба да се познава и развива како единствен пат за стигнување до нови решенија.

Во завршницата давам осврт и на образовните институции во Македонија, пропустите во развојот на талентите од ликовната уметност, пропустите кои се појавуваат во недоволното познавање на младите на својата култура. Културата е белег на еден народ, а доколку не ја познаваме не можеме да се познаваме себеси, а човек кој не се познава себе не може ни да се почитува. Тогаш доколку не се познава и почитува себе, не може да запознава ниту други култури и да ги почитува ниту да очекува почит од кој било друг.

**Клучни зборови:** *талент, креативност, надареност, развој, творечки процес, мотивација, дивергентно мислење.*

# THE SIGNIFICANCE OF FINE ART AND THE TALENT DEVELOPMENT PATH

**Abstract**

In this paper I cover the concepts of talent, creativity and giftedness. What are the meanings of these terms and how can they be recognized at an early age. All these terms have different meanings and each of these types requires a different approach in order to bring out the best in the individual. Proper development from an early age is a guarantee of success in life.

The way of thinking is significant because what is incorporated as a way of solving a problem at an early age is later used as a model for the whole life. The paper itself will mostly refer to the aspects of art pedagogy and methodology, because through these disciplines, as well as through art itself, the ***ability to solve a problem*** is developed, because in art, some kind of problem is always solved. A problem to reflect reality, the time in which we live or the man of our time. How to approach and communicate with man, through which tools, media and opportunities are the problems of the artist who solved them in different ways

throughout the different times, always responding in a new way to the “problem” that was given to the time itself.

In any case, ***creativity*** is that way of ***thinking*** that can help solve many problems in life because it offers more possibilities. Opportunities that are not standard and defined that go beyond the boundaries and produce new solutions. One of the tasks of art education is precisely the development of creativity and divergent opinion as the key to success in life. Through art education, the different constellations of the personality and the different types are revealed. With the right pedagogical approach, they can be developed, motivated and directed. Drawing is one of the most important instruments in learning. Creative thinking is a special process that occurs among talented individuals, which also has its own development path, which should also be known and developed as the only way to reach new solutions.

In the conclusion, I give an overview of the educational institutions in Macedonia, the shortcomings in the development of talents from the fine arts, the shortcomings that appear in the insufficient knowledge of the young people of their culture. Culture is a mark of a people, and if we do not know it, we cannot know ourselves, and a person who does not know himself cannot even be respected. Then, if you do not know and respect yourself, you cannot get to know other cultures and respect them, nor can you expect respect from anyone else.

**Keywords:** *talent, creativity, giftedness, development, creative process, motivation, divergent opinion.*

**Вовед**

Запознавањето на себеси е клучната задача која човекот ја решава во текот на целиот живот. Детето се го оформува својот карактер најмногу до петтата година преку гледање, копирање на модели и осознавање на светот околу него. Секојдневното учење и надградување нè носи напред и ни отвора нови хоризонти во животот. Но како што е потребно запознавањето на она што е околу нас, уште поголем предизвик е да се запознаеме со она што се наоѓа во нас. Откривањето на сопствените предиспозиции и таленти е значајно за понатамошниот развој. Раното воочување на талентот може да биде значајно за поединецот и да даде правилна насока за развој на личноста и нејзините потенцијали.

Ликовното образование, дисциплините, методите и техниките се еден од начините за развој на ликовно талентираните ученици, но исто така е и можност младите да ја развијат својата креативност. Дисциплините кои се опфатени во ликовното образование креираат креативни личности и развиваат ***дивергентно мислење***. Визуелното помнење е најсилно и се вбројува во искуствено помнење. Токму затоа цртањето е првиот облик на учење, бидејќи детето прво започнува визуелно да ги осознава работите и тоа може да биде начин за невербална комуникација. Педагозите преку детскиот цртеж ја откриваат духовната состојба на детето, како и степенот на неговата интелигенција. Преку развојот на цртежот, детето ги развива моторните и мануелни вештини исто како што ги развива и интелектуалните потенцијали. Со препознавање на ***развојните фази на детскиот цртеж***, можеме да го следиме целосниот ***развој на детето***. Искреноста и наивноста на детскиот цртеж била привлечна дури и за голем број образовани уметници, па затоа Пикасо вели: „Секое дете е уметник, проблем е како да остане уметник кога ќе порасне“.

Ликовното образование има големо значење и од педагошко-психолошки аспект, а пак ликовните педагози во сите степени на образовниот процес мора да имаат големи познавања од методиката на ликовната култура. Самата методика се занимава не само со пренесување на практични знаења на учениците, туку и со развој на естетското мислење и просудување кај поединецот. Целта на овој предмет е развој на критичкото восприемање, откривањето на целосните индивидуални способности на различните типови на деца (со различна консталација на ликовни фактори, темпераменти и слично), оспособување за самостојно изразување и надградување во секој поглед.

## 1. Општо за ликовната уметност и придобивките од неа

### 1.1. Задачата на уметниците: решавање на проблем – креативен проблем

Повеќето луѓе ликовната уметност ја гледаат од естетски аспект како нешто што го разубавува нашиот живот. Тоа може и да се прифати донекаде како точна констатација, но многу значајно дека не е целосна! Ликовната уметност и оние кои создаваат во неа имаат многу поголема задача од тоа едноставно и банално да ги

„разубават" нештата - тоа секако и не е задачата на уметноста. Уметноста не е пополнување на простор туку ***решавање на проблем***. За да разбереме каков проблем решаваат уметниците, треба да се осврнеме на она што е всушност уметност или, пак, уметничко дело. И тука постојат многу размислувања и различни дефиниции. Една од нив е дека „уметноста е отсликување на стварноста" (Артур Данто) или, пак, ако зборуваме за уметничкото дело дека „Секое уметничко дело е дете на своето време и многу често мајка на нашите чувства" (Кандински, 1995: 7).

И со осврнување на само две констатации - едната на естетичар, а другата на уметник, можеме да забележиме кои се задачите на уметноста. ***Уметноста секогаш пред неа имала предизвик да го прикаже човекот на своето време!*** Целата историја на уметност е всушност историја на „проблеми" кои уметниците ги решавале во своето време. Првенствено желбата на човекот да влијае над природата и да го прикаже своето присуство преку уметноста во пештерите. „Проблем" кој уметниците го имале пред појавата на фотографијата, да ги документираат настаните и времето, да ги едуцираат луѓето преку слика кога требало да се пренесат духовните приказни од Библијата. Понатаму уметност во време кога се појавува фотографијата, па сè до времето на популарната култура. Уметниците секогаш го следат своето време и се предвесници на она што ќе се случи во иднината, па така еден Енди Ворхол во рамки на популарната култура, буквално го предвидува денешното време со тоа што вели „Секој ќе биде славен 5 минути". За крај да согледаме дека ***уметноста е отсликување на вистината, реакција на неа, предвидување на иднината и новите текови.***

### 1.2. Значењето на познавањето на сопствената култура

Културата е многу значајна за секој човек и нација бидејќи сите култури денес ги препознаваме прво по она што го имаат во нивната уметност, па потоа и по сè останато. Културата е онаа алатка која во одредени периоди ја искористувале дури и владетелите и паметните политичари за да влијаат врз човештвото да ја покажат големината и идеите (пример уметноста на цивилизациите Египет, Месопотамија, Крит, Кина, во поново време нацистичката уметност во Германија или, пак, социјалистичкиот реализам во Русија). Тоа е производ на свеста за значењето на уметноста.

Во самиот образовен процес – ликовното образование има повеќезначна улога, а една од тие е запознавањето со својата култура и уметност. За жал, целосното опаѓање на наставниот процес во Македонија влијае во сите сегменти во образованието. Во сето ова се опфаќа и ликовното образование и воспитание со што произлегуваат генерации кои немаат познавања од својата култура, минатото и каде се наоѓаме во светски рамки. Со такво непознавање кај младите генерации, првенствено се развива непочит самите кон себе. На овој начин, младите луѓе е невозможно да се истакнат себеси како квалитет, бидејќи не се познаваат себе и својата култура. Но, ги познаваат оние култури каде што државата вложува во промоција на истата. Темелните непознавања нè носат кон тоа да нема простор за надградба и развој бидејќи за да тоа да се случи потребно е да се има фундамент и основа.

### 1.3. Значењето на ликовното образование

„Нашата култура е култура на визуелното“ (Цепароски, 2014: 7). „Детето гледа и препознава пред да научи да зборува“ (Berger, 1972: 7).

Токму поради тоа значењето на овој предмет во образовниот процес е повеќекратно. Првиот јазик на секое дете е визуелниот. Малото дете кое нема добро оформен говор можеби не знае да каже со збор, но знае да реагира на предметите и личностите кои ги перципира визуелно и да покаже на одреден предмет. Дури и психолозите велат дека кога сакаме да кажеме нешто прво се формира слика во главата за она што сакаме да го кажеме, а понатаму збор. Раниот детски развој е од големо значење, а, пак, анализата на детскиот цртеж може да открие многу работи, од степенот на интелигенција и развој до психолошките состојби.

Понатаму се развива и начинот на мислење, а како што кажавме во самата уметност секогаш се решава некаков проблем, а тоа се решава со помош на љубопитност, имагинација, фантазија, слобода и креативност. Ликовното образование е во корелација и со останатите предмети, а најблиско до математиката. И во едниот и во другиот случај, ученикот развива вештина за решавање на проблем. Да започнеме од наједноставните работи во ликовната уметност, а тоа е реалното пренесување на она

што го гледаме. За да поставиме една композиција во ликовната уметност потребно ни е буквално математичко размислување. И во математиката и во ликовната уметност е важна постапноста и редоследот на нештата. Визирањето (мерењето во ликовната уметност) е целосно математичка операција каде што ги бараме соодносите на нештата, правците во кои се поставени, ја мериме целосната композиција и ги наоѓаме најважните точки за репери. Исто така ќе се потсетам и на Сезан, кој вели дека секој облик може да се разложи на основните геометриски форми: коцка, топка и цилиндар. Ова е чиста геометрија која исто така е поврзана со математиката.

Значајна придобивка од ликовното образование е развивање на креативноста стекнувањето на слободата. Идеите ја „бараат" ***слободата*** на умот и душата. ***Љубопитноста*** пак е карактеристика која децата ја имаат во раната возраст и им помага да ги запознаат работите околу нив. Со практикување на креативни содржини, таа се задржува и во поголемата возраст со што поединецот има можност за развој во онаа насока каде што ќе одлучи. ***Фантазијата,*** пак, е клучниот фактор за стигнување до оригинални решенија.

***Креативноста*** се дефинира како тенденција да се генерираат нови идеи и решенија, дивергентна мисловна продукција. Исто така значајно е да се разграничи дека не секој што е надарен значи дека е и креативен, додека пак почест е случајот оној кој што е креативен да биде надарен и со висок степен на интелигенција. Креативноста не се однесува само на конкретната област – ликовна уметност, туку креативноста е и начин на размислување кој може да се развива кај човекот. Вака креативноста можеме да ја разбереме на потполно нов начин како можност за изнаоѓање на нови, неконвенционални и оригинални решенија бидејќи креативноста е квалитет што го исполнува нашиот живот. „Сите кои ја проучуваат креативноста се согласуваат дека за нештото да биде креативно не е доволно да биде ново; тоа мора да има вредност или да биде соодветно на когнитивното барање на ситуацијата (Weisberg, 1993:4 ).

## 2. Талент и надареност

Овие термини во колоквијалниот речник се употребуваат со слично значење означувајќи ги сите оние невообичаени, посебни размислувања, гледања и елементи кои ги имаат оние поединци кои се издвојуваат од околината. Сепак во научниот

дискурс постои дистинкција помеѓу талентот и надареноста. Под поимот ***надареност*** се подразбираат личности со висок степен на интелигенција, висока умствена способност. ***Талентот,*** пак, се дефинира како специфична дарба за одредена област пример: ликовна уметност, музика, драмска уметност, пишување итн.

Ликовното образование ја има таа задача да ги препознава, идентификува и верификува учениците кои спаѓаат во некои од овие групи. Надарените и ***талентирани ученици*** е потребно да бидат насочени во правилна насока уште од најрана возраст. Преку учества на натпревари и работилници се верификува талентот на еден ученик. Со тоа се стимулира ученикот и станува мотивиран да го развива талентот. „Уметничкиот талент е дар од Бога и кој ќе го открие во себе има одредена обврска: да знае дека не може да го потроши овој талент, туку мора да го развие“ (Johan Paul II). Или пак тука може да ја спомнеме и мислата на Leo Buscaglia „Вашиот талент е Божји дар за вас. Она што го правите е ваш подарок назад кон Бог“. Во оваа насока задачата за развој на еден талент е на повеќемина, првенствено на семејството кое треба ја препознае и поддржи различноста кај детето, а понатаму на образовниот систем кој треба од најмала возраст да го препознае и понатаму целосно талентираниот ученик да се образува во насоката која ја одбрал.

## 2.1. Развојната патека на талентираните ученици – осврт на образовниот систем во Македонија

Значајно е да се увидат придобивките од ликовното образование за сите, но потребни се и одредени услови за развој на оние кои се посебно талентирани. На жалост кај нас постојат многу пропусти во самиот систем што овозможуваат некои од талентираните ученици воопшто да не бидат откриени, а некои пак да не ги развијат целосно своите потенцијали. Овие недостатоци за развој на таленти постојат во сите области бидејќи немаме конкретна насочена стратегија за развој. Овде ќе се обидам да се осврнам на случајот за ликовно талентираните, на сите пропусти и да понудам одредени решенија.

Првата задача е да се препознае талентираното дете. Тоа најпрво започнува од семејството. Тука постои првиот проблем кој се појавува во многу од случаите. За жал,

во Македонија голем број дури и на академски образувани луѓе, кои се подразбира дека треба да бидат интелектуално издигнати, немаат познавање од значењето на уметноста. Исто така многу од родителите, во прв момент, не разбираат дека доколку некој е талентиран за одредена област е уништување на неговиот потенцијал па дури и живот доколку самиот талент не биде правилно насочен и развиен. Ова е првиот предизвик со кој талентите се соочуваат и на жалост поради ова не познавање на тоа за што всушност станува збор многу од талентите воопшто и не се откриени. Овој проблем станува уште поголем во периодот кога треба да се одлучи каде ќе се школува детето – во кое средно училиште или факултет. Тука е тешко да се влијае за работите да бидат подобри но не е и невозможно! Ако повеќе се промовира културата во Македонија преку посебни емисии на телевизиите, етаблирање на ликовните уметници на социјалните мрежи и во весниците, на тој начин ќе се развие свест за значењето на таа професија. Многу е значајно да се разбере дека ***ликовната уметности е професија, не е хоби!*** За некој стане ликовен уметник потребно е вистински развој и многу, многу работа. Самиот талент е значаен но не е доволен! „Напорната работа без талент е срам, но талентот без напорна работа е трагедија“ – Роберт Халф. Или пак она што многу уметници и познавачи на уметноста го велат а јас ќе ја искористам често употребуваната изрека на нашиот познат актер Благоја Чоревски а тоа е дека „Талентот е 0,01%, сето друго е многу работа!“

Втората точка на која може да се осврнеме и каде може многу повеќе да се влијае е образовниот систем. Тоа е второто место, освен во домот каде што може да се открие еден талент. Секако училиштето треба да биде и далеку по соодветно место за препознавање на талент. Спомнав дека најзначајно е во што помала возраст тој да биде откриен. Талент може да открие само некој кој ги познава фазите на развој на детскиот цртеж и знае што треба да очекува во конкретна возраст. Исто така човек кој може да препознае талент и креативност. Од наведеното може да заклучиме дека тука станува збор единствено за ликовен педагог, односно човек кој во основа е ликовен уметник и самиот ја практикува уметноста и има познавања од ликовната педагогија, психологија и методика. На жалост во раната возраст учениците немаат контакт со стручни лица туку со учителки кои треба да имаат општи познавања од пренесување на знаења на деца. Но сепак учителките не се стручни за препознавање на таленти од ликовната

област! Препознавањето на талент во раната возраст е многу деликатна работа и тоа може да го процени само лице кое е многу стручно од ликовна педагогија. Со оглед на тоа што секогаш децата кои се натпросечно надарени и талентирани се одвојуваат од средината, тие може многу често да бидат разбрани и во целосно погрешна насока – дури да бидат препознаени како неталентирани, бидејќи оној кој ги проценува нивните способности воопшто не е компетентен за проценка на талент од ликовната област.

Прва можност детето да биде во контакт со стручно лице е тогаш кога ќе биде во контакт со предметни наставници од петто одделение. Тогаш детето е во контакт со наставник, ликовен педагог, кој ги има овие способности. Добар начин за верификација на препознаениот талент е учеството на конкурси или, пак, уште подобро натпревари каде што деца од иста или слична возраст творат на лице-место. Така може талентираниот ученик да биде во контакт со други исто така талентирани. Талентираните ученици не се многу мина така што во едно основно училиште може да има најмногу неколкумина такви ученици. Затоа е многу значајни да има средби на талентираните ученици на повисоко ниво. Долги години таква маифестација кај нас во Македонија беа „Детските Рацинови средби“ каде што ликовно талентираните ученици твореа во две дисциплини: сликарство и вајарство. Значајно е да се каже дека еден од главните проблеми е што ликовното образование е многу малку застапено во самите училишта само со еден час неделно што не е воопшто доволно. Наставникот за да организира добра настава потребен е фонд на часови!

А пак во гимназиите и другите средни училишта скоро и не се изучува односно само еден час во втора година каде комбинирано се опфатени историјата на уметност и ликовната практика преку ликовниот јазик – елементи и принципи. Единственото наше средно училиште за уметност и дизајн е државното средно училиште „Лазар Личеноски“, кое се наоѓа во Скопје. Во ова училиште учениците имаат можност под стручно водство да го развиваат својот талент. Нуди развој на талентот и во однос на основните ликовни дисциплини како и во насока на применета уметност, дизајн и нови медиуми. Проблемот се јавува во тоа што ова е единствено училиште од ваков вид во државата. Од една стана тоа е збирно место за сите талентирани ученици, но од друга,

пак, голем број на ученици не можат да дојдат и да го развиваат својот талент во главниот град.

### 2.2. Талентот преминува во професионализам – осврт на високо образовните институции во Македонија

Во рамки на високото образование кај нас постојат повеќе факултет кои работат на развивање на талентите во ликовната уметност. Големиот проблем во системот се јавува во тоа што кај нас не постои системска координација на овие институции со средното уметничко училиште. Проблемот настанува тука што на нашите факултети за уметност и дизајн се запишуваат ученици кои имаат средно уметничко исто како и ученици со други средни училишта и гимназии. Тука од почеток имаме различни ученици, ученици кои се имаат развиено во својата област и на кои им е потребно дополнително развивање и утврдување во областите за кои се подготвувале во средното уметничко и ученици кои за прв пат се сретнуваат со ликовната уметност. Поради тоа и самите програми на факултетите се адаптирани како за почетници. И тука се создаваат фрустрациите, оние кои суштински не се почетници стагнираат во својот развој, а пак оние кои се на почеток го гледаат квалитетот на оние кои имаат соодветно претходно образование. На крајот нема успех ниту за групата која претходно се образувала во областа ниту за оние почетници кои работат заедно со другите. На жалост факултетите за уметност – особено факултетот за ликовни уметности станува институција која ги оттргнува талентите од неа или пак во неа стагнираат. Во ваков случај само силна ***внатрешна мотивација*** може да го задржи талентот да не се откаже од работата и самоиницијативно да се развива и да напредува.

За разлика од случајот во ликовната уметност каде што немаме повеќе средни уметнички училишта и тоа не е предуслов за запишување на факултет, кај музичката уметност е поинаку. Првенствено има во повеќе градови нижи музички училишта, понатаму неколку средни и на крај учениците се запишуваат на факултет со соодветна претходна подготовка за тоа. Тоа е така бидејќи постојат фази на развој кои се сличуваат на одредена возраст, затоа не е соодветно да се започнува од кога ќе се заврши средното, туку многу порано трееба да се има некакви познавања од областа.

За крај да спомнеме дека професиооналците од ликовната уметност немаат можност да докторираат во таа област во Македонија, туку единствена опција е да поготвт докторат во сродна област.

**2.3. Како до подобрување на работите?**

За да се подобрат работите се потребни многу нешта, од системски промени и промена на целосната свест за уметноста, програмите во училиштата и друго. Значајно е да има „добри" наставници и професори, а тука се подразбира активни автори. Автори кои навистина ја практикуваат уметноста се активни на ликовната сцена во својата држава но и надвор, ги следат тенденциите и токовите. На тој начин се постигнува назначајниот фактор за успешна настава, а тоа е стекнување на доверба. Наставата секогаш мора да нуди свежи и нови содржини. Знаењата кои се пренесуваат треба и оној кој ги пренесува да ги практикува и уметноста да биде негов начин на живот. Значајно е да се понуди педагошки пристап, од професорите и мотивација во вид на стручни насоки и пофалби. Значајно во ликовната уметност е да се презентира развојот на самите ученици и студенти преку организирање на различни претставувања во форма на групни и самостојни изложби, работилници, хепенинзи и слично.

Она пак што е потребно од другата страна, страната на студентите, е љубопитност. Внатрешен порив за стекнување на знаења и вештини. Внатрешна мотивација е клучот за успех каде што студентот е мотивиран од самата потреба за знаење, а не од надворешните фактори. Таа е клучот за успех! Оние кои ќе успеат да бидат поттикнати исклучиво од волјата за знаење и кои константно самите себе се надградуваат се оние кои сигурно ќе ги издржат сите препреки на патот и ќе се развијат во вистински професионалци.

И за крај најзначајна и единствена промена која можеме веднаш да започнеме да ја реализираме е промената на самите себе. Сите овие наведени „проблеми" за некого ќе бидат препрека, а некој пак во проблемот ќе види можност. Кога поединците ќе започнат да се менуваат и да го даваат најдоброто од себе ќе започне сé да се менува околу нас.

**Заклучок**

Развојот на личноста е процес кој трае во текот на целиот живот. Внатрешниот порив за себеосознавање е она што секогаш нѐ води напред. Стекнувањето на знаења е дел од системот на едукација, но и од личната волја и љубопитност. Она што може да нѐ води кон исполнет живот е секако развивањето на најдобрите потенцијали кои се kријат во нас, преку развивање на талентите. „Секој има талент. Реткост е храброста да се следи до темните места каде што тој води" – Erica Jong. Само оние кои се посебни имаат голема волја, истрајност и упорност ќе успеат да го развијат талентот. Тој тогаш ќе послужи само како база врз која ќе се напластуваат знаењата. А човек кој има талент и знаења секогаш ќе ја има сигурноста во себе и ќе има чувство на исполнетост, дека она што му било дадено како подарок – талентот не го потрошил туку го искористил. А ова чувство на исполнетост не може да се постигне на ниту еден друг начин освен со упорност истрајност и многу работа.

**Conclusion**

Personality development is a lifelong process. The inner drive for self-realization is what always drives us forward. The acquisition of knowledge is part of the education system but also of personal will and curiosity. What can lead us to a fulfilled life is certainly the development of the best potentials that are hidden in us, through the development of talents. "Everyone has talent. What is rare is the courage to follow him to the dark places where he leads" – Erica Jong. Only those who are special, have great will, perseverance and persistence will succeed in developing the talent. It will then only serve as a base on which knowledge will be layered. And a person who has talent and skills will always have confidence in himself and will have a feeling of fulfillment, that what was given to him as a gift - the talent he did not waste but used. And this feeling of fulfillment cannot be achieved in any other way than with persistence, perseverance and a lot of work.

*Слика 1.* Илустрација: *Знаењето и талентот – фундамент за успешност*

(автор на илустрација Славица Танеска)



**Користена литература:**

1. Kvaščev, Radivoj (1976) *Psihologija stvaralaštva*. Beograd: Beogradski izdavacko grafički zavod;
2. Цепароски, Иван (2008) *Уметничкото дело*. Скопје: Магор;
3. Цепароски, Иван (2020) *Естетика – естетички категории*. Скопје: Аз Буки;
4. Кандински, Василиј (1995) *За духовното во уметноста*. Скопје: Култура;
5. Арнасон Х.Х. (2009) *Историја на модерната уметност*. Скопје: Нампрес;
6. Хусковиќ, Фехим (2013) *Методика по ликовно образование: учебник за професори и студенти* (авторизирани предавања);
7. Weisberg, Robert (1993) *Creativity: Beyond the Myth of Genius*. New York: W.H. Freeman;
8. Gracious Quotes, *Top 50 Talent Quotes to Inspire Success (ENRICH)*, December 1, 2023, https://graciousquotes.com/talent/.

***Ас. м-р Славица Танеска***

Факултет за арт и дизајн
Европски универзитет Скопје
Е-маил: slavica.taneska@eurm.edu.mk

# „МАКЕДОНСКА МИСЛА“

Година на изработка: 2023

Техника: комбинирана техника

**Опис на делото**

Станува збор за мои дела од циклусот „Македонска мисла“. Тие се инспирирани од македонскиот јазик – кој е претставен во неговата изворна форма, преку македонски народни поговорки. Овде се презентирани две: „Арен збор царски врати отвара“ и „Галена мачка оро не игра“. Визуелно овој спој на јазикот и традицијата го вообличив со типографија која е инспирирана од стар византиски облик на букви. Буквите се спојуваат, навлегуваат една во друга и на тој начин креираат слики – илустрации кои соодветствува со напишаниот збор – впрочем настанува визуелна претстава на поимите.

Самата уметничка интервенција е направена врз парчиња облека, бидејќи како што се носи облеката на себе, така се носат и многу повеќе работи, на себе и во себе, а едно од тие нешта е секако и македонскиот јазик и неговото кирилично писмо. Исто тука е и традицијата на македонскиот народ кој мудроста ја преточил во поговорки кои иако се стари во нив ја содржат мудроста собрана од минатото која е корисна во секое време. Вметнувањето на традицијата, уметноста и дизајнот во секојдневниот живот е значајно бидејќи комуницира со гледачот, пренесува пораки и нé присетува кои сме и во која насока треба да продолжиме да се развиваме како човештво.

# “MACEDONIAN THOUGHT”

Year: 2023

Technique: Combined technique

**Description of the work**

These are my works from the cycle “Macedonian Thought”. They are inspired by the Macedonian language – which is presented in its original form, through Macedonian folk proverbs. Two of them are presented here: “Good word opens imperial doors” and “A spoiled cat does not dance”. Visually, I embodied this fusion of language and tradition with a typography that was inspired by an old Byzantine typeface. The letters merge into each other and thus create images - illustrations that correspond to the written word – In fact, a visual representation of the concepts is created.

The artistic intervention itself is made on pieces of clothing, because as clothes are worn on oneself, so are many more things, on oneself and in oneself, and one of those things is of course the Macedonian language and its Cyrillic script. There is also the tradition of the Macedonian people who translated wisdom into proverbs which, although they are old, contain the wisdom gathered from the past which is useful at any time. The insertion of tradition, art and design into everyday life is significant because it communicates with the viewer, it conveys messages and reminds us of who we are and in which direction we should continue to develop as humanity.







Арен збор
царски врати
отвора!
оро НЕ игра

***М-р Сања Антиќ, м-р Марија Цизалоска***

Европски универзитет Скопје
РС Македонија
E-mail: sanja.antik@eurm.edu.mk, marija.cizaloska@eurm.edu.mk

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ДИГИТАЛНИОТ МАРКЕТИНГ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Апстракт**

Високообразовните установи (ВОИ) се соочуваат со голем број предизвици во современиот свет поради големата конкуренција и забрзаниот технолошки развој (ИКТ) кој неизбежно навлегува во сите сегменти на општеството преку процесот на дигитализација. За да опстојат на пазарот и воедно да бидат конкурентни, ВОИ треба да посветат поголемо внимание на дигиталниот маркетинг, а посебно на иновацискиот маркетинг на социјалните медиуми, како би ги привлекле нивните целни групи – пред сè младата популација. Овој труд има за цел да ја идентификува улогата на дигиталниот маркетинг во високото образование и да ги истакне предностите и придобивките што ги има во процесот на реализација на стратешките цели на високообразовните установи. Посочени се разликите помеѓу традиционалниот и дигиталниот маркетинг, при што се анализирани и презентирани импликациите на дигиталниот маркетинг врз целокупната маркетинг стратегија и активностите на универзитетите.

**Клучни зборови:** *дигитален маркетинг, маркетинг стратегија, ВОИ, социјални медиуми, комуникација.*

# THE CHALLENGES OF DIGITAL MARKETING IN HIGHER EDUCATION

**Abstract**

Higher education institutions (HEIs) face several challenges in the modern world due to the great competition and accelerated technological development (ICT) that inevitably

enters all segments of society through the process of digitalization. To survive on the market and be competitive at the same time, HEIs should pay more attention to digital marketing, and especially to innovative social media marketing, in order to attract their target groups - primarily the young population. This paper aims to identify the role of digital marketing in higher education and highlight the advantages and benefits it has in the process in the fulfillment of the strategic goals of higher education institutions. The differences between traditional and digital marketing are pointed out, while the implications of digital marketing on the overall marketing strategy and activities of universities are analyzed and presented.

**Keywords:** *digital marketing, marketing strategy, HEIs, social media, communication*.

**Вовед**

Дигиталниот маркетинг претставува конкурентска предност на високообразовните установи поради тоа што им овозможува подобро да ги разберат клиентите, да изградат долготраен однос, да дизајнираат производи и услуги соодветни на потребите, како и ефективно да го позиционираат брендот. Дигиталниот маркетинг е заснован на клиентно-центричен пристап во кој факторите на „повлекување“ се креираат преку користење на различни дигитални медиуми како што се социјалните мрежи, блогови, Twitter, Facebook, Instagram, WhatsApp, видеа, eBooks, оптимизација на пребарувањето (SEO), search engine маркетинг (SEM), Google, e-mail и др. Спрема тоа, високообразовните установи треба екстензивно да им пристапат на овие социјални медиуми и другите онлајн платформи за да добијат корисни информации за латентните потреби и преференци на потрошувачите преку анализирање на огромниот број податоци што се достапни. Практично, ВОИ можат да ги предвидат идните побарувања и да формулираат соодветни стратешки одлуки. Дигиталниот маркетинг обезбедува брзо и пригодно споделување информации и ги „лови“ мислењата на голем број клиенти, притоа откривајќи многу нераскажани приказни кои се корисни за антиципирање на реалните потреби.

Сведоштвата од студенти или алумни откриваат значајни информации за квалитетот на високообразовната установа и ефективноста на студиските програми. За

поголема покриеност, покрај локалниот јазик пожелно е истите да бидат преведени на повеќе јазици со цел да бидат достапни, како на локални, така и на интернационални студенти. Видеата од студенти, кои не се снимени по однапред подготвено сценарио, изгледаат поавтентични отколку професионално обработен видеоматеријал. Ваквиот материјал може да биде инспиративен и да влева повеќе доверба од истакнувањето на академските достигнувања, акредитациите или статистичките податоци. Ова важи и за алумните кои се вклучени во клучни организации и компании од јавниот и приватниот сектор, а истите можат да обезбедат сведоштва за искуство од практиката. Студенти кои имаат исклучителни академски достигнувања може да се искористат за промовирање на универзитетот на платформите на социјалните медиуми. Ова со цел да се обезбедат талентирани студенти во иднина и истите да се поттикнат да направат избор каде што ќе го продолжат своето образование. Со оваа стратегија се прави приказ на одредена индивидуа со посебни достигнувања преку поддршката на наставниот кадар, а потоа се дисеминира информацијата на целната публика.

## 1. Традиционален наспроти дигитален маркетинг на ВОИ

Моментално, ВОИ користат и традиционален и дигитален маркетинг со цел да го промовираат универзитетот и да привлечат талентирани студенти. Кога го споредуваме традиционалниот и дигиталниот маркетинг, можеме да извлечеме заклучок дека универзитетите треба повеќе да инвестираат во дигитален маркетинг отколку во традиционален маркетинг.[1] Традиционалниот маркетинг може да биде ефикасен во привлекувањето на локалното население, но преку дигитален маркетинг, универзитетите можат да допрат до неограничена публика на локално и на меѓународно ниво. Од друга страна, користењето на дигитален маркетинг е поевтино отколку користењето на традиционалните маркетинг алатки како што е печатењето и рекламирање на ТВ или радио, кое е скапо, одзема многу време и е помалку ефективно. Покрај нивните веб-странции, универзитетите можат да користат и платформи за социјални медиуми како што се: Фејсбук, Инстаграм и Јутјуб, каде што бесплатно може да ги промовираат своите активности и достигнувања. Покрај тоа, во

[1] Mammadova R., *Marketıng In Hıgher Educatıon Instıtutıons: Tradıtıonal And Dıgıtal Marketıng*. Kadim Akademi SBD, 2023, C (7) S.1, s. 51-64.

традиционалниот маркетинг постои еднонасочен метод на комуникација кој ја спречува интеракцијата помеѓу универзитетите и нивните клиенти, додека дигиталниот маркетинг има двонасочен метод на комуникација кој им овозможува на клиентите да ги споделат своите повратни информации и барања со универзитетите.

Меѓутоа, покрај предности, дигиталниот маркетинг има и одредени недостатоци. Според одредени истражувачи се истакнуваат следните предности:[2] 1) ниска цена; 2) интерактивност со клиентите; 3) има ефект на зајакнување; 4) огромна публика; 5) трајност; 6) комуникација со клиентите; 7) богата содржина; 8) лесно е мерлив; 9) лесно приспособлив и 10) можат да бидат таргетирани поединци. Како недостатоци на дигиталниот маркетинг се истакнуваат: 1) може лесно да се копира од конкурентите; 2) зависен е од мрежата; 3) производите се недопирливи; 4) плаќање преку Интернет; 5) недостаток на доверба кај корисниците; 6) лажни клиенти; 7) целни групи ограничени на возраст; и 8) зависност од технологијата.

## 2. Импликациите на дигиталниот маркетинг во високото образование

Анализирајќи ги наодите и аргументите изнесени од повеќе истражувачи на оваа тема, сосема е очигледно дека дигиталниот маркетинг е важна стратешка алатка за ВОИ. Во продолжение се сумирани импликациите на дигиталниот маркетинг за високото образование.

### 2.1. Позиционирање на брендот

Настојувањето на ВОИ е да создадат бренд преку вредноста на нивната уникатна услуга и специфичните карактеристики со цел да се одржат во конкуренција и да остварат конкурентска предност. Брендот дејствува како индикатор на задоволство, доверба, посветеност, а потоа и лојалност на студентите и алумните на високообразовните институции. Дигиталниот маркетинг игра важна улога во позиционирањето на брендот во умот на голем број потенцијални студенти преку користењето платформи на социјални медиуми. Тоа им помага на ВОИ да покриваат широка географска област и регрутираат странски студенти, како и да соработуваат со

[2] Todor R.D., *"Blending traditional and digital marketing"*. Bulletin of the Transilvania University of Brasov. Economic Sciences. Series V 9/1 (2016), 51-56.

други институти и универзитети во програми за размена и други краткотрајни активности. Позиционирањето на брендот, исто така, им овозможува на ВОИ да се поврзат со потенцијалните регрутери. Белангер и соработниците презентирале интересна студија на случај на канадските универзитети кои користат платформи за социјални медиуми како Фејсбук и Твитер за да ги истакнат активностите поврзани со кампусот/студентите, а со цел промоција и институционално брендирање за привлекување домашни и странски студенти.[3] Всушност, со зголемената употреба на паметни телефони, директниот маркетинг им помага на ВОИ да останат во контакт со студентите деноноќно на персонализиран начин.

### 2.2. Сегментација и таргетирање на пазарот на микро ниво

Во случајот со ВОИ, процесот на сегментација има двојно значење бидејќи влијае на целната публика - идни студенти кои ја добиваат услугата, како и на општеството кое зависи од социо-економскиот развој на овие корисници на услуги на долг рок, па затоа, сегментацијата на пазарот на микрониво е доста клучна за ВОИ. Сепак, оваа анализа на микрониво поставува значаен предизвик, бидејќи идните студенти се многу различни во однос на нивните аспирации за кариера, ориентација за учење, социокултурно и економско потекло, начин на живот и перспективи или мислења. Lewison и Hawes се обиделе нашироко да ја класифицираат природата на студентите како типови „купувач“ и „ученик“ за да подготват основа за сегментација на пазарот од страна на ВОИ.[4] Движејќи се понатаму, истражувачите предложиле четири димензии на сегментацијата на пазарот како што се географската, демографската, бихејвиористичката и психографската, кои ја прават сегашната дискусија уште поинтересна. Сите овие димензии имаат единствена важност и влијание врз потребите и процесот на донесување одлуки на примарните чинители како што се идните студенти. Дигиталниот маркетинг помага да се идентификуваат скриените карактеристики и да се откријат неконвенционални и непознати модели на

[3] Bélanger, C. H. et al, *How Canadian universities use social media to brand themselves*. Tertiary Education and Management, 2014, 20(1), 14–29.
[4] Lewison, D. M., & Hawes, J. M. (2007). *Student target marketing strategies for universities*. Journal of College Admission, 196, 2007, 14–19.

меѓузависности и интеракции, што на крајот поттикнува сегментација на пазарот и процес на таргетирање на микро ниво.

### 2.3. Достапност (outreach) до клиентите

Преку употребата на социјалните медиуми може да се допре до огромен број потрошувачи и да се комуницира со нив, а маркетиншките комуникации можат да бидат повеќе приспособени. Затоа е очигледно дека социјалните медиуми станаа поле каде дигиталниот маркетинг е интегриран дел од следната генерација конкурентна стратегија. Како што претходно истакнавме, ако ги погледнеме ВОИ, како што процентот на млади во вкупниот број популацијата се зголемува, кампањите засновани на социјалните медиуми им изгледаат поприврлечни. На овој начин ВОИ може да допрат до голема целна публика (идни студенти). Понатаму, во текот на последните неколку децении, програмите како што се размена на студенти, меѓународни студиски програми, интеракција со факултетот и онлајн курсеви, предизвикаа значително внимание и привлекување на студенти. Преку социјалните медиуми и платформите за директно испраќање пораки, ВОИ можат да бидат постојано присутни на пазарот, како и да соработуваат меѓу себе.

### 2.4. Градење односи и ангажираност

Идните студенти бараат повеќе информации и разгледуваат неколку фактори пред да ја донесат конечната одлука. Оттука, од институциите се бара да преземат иницијативи за ангажирање на студентите во текот на целата година. Впрочем, прогресивните ВОИ не само што се фокусираат на потенцијалните студенти кои наскоро можат да влезат, туку и нагласуваат ангажирање на студентите кои би се запишале во иднина. Постои уште еден важен аспект. Неодамна забележан е тренд во областа на дизајнирање на наставни програми. Водечките ВОИ усвојуваат пристап од 360-степени во дизајнирање на наставната програма каде што тие земаат инпути од сегашните студенти, алумни, работодавачи и експерти во соодветните области. Всушност, ВОИ ги промовираат своите брендови и понуди на потенцијалните носители на одлуки на пазарот и можат да ги вклучат во дизајнот на производот/услугата и

процес на испорака. Затоа, активностите за градење односи и ангажирање се пофокусирани и поригорозни сега. Во овој контекст, дигиталниот маркетинг има воочлива улога преку социјалните медиуми. Социјалните медиуми во овој поглед им овозможуваат на ВОИ да воспостават психолошки ангажман со засегнати страни (особено студенти), што помага во нивната маркетинг комуникација и позиционирање на брендот.[5]

## 3. Специфичната улога и карактеристиките на дигиталниот маркетинг во високото образование

Дигиталниот маркетинг во високото образование има дистинктивни карактеристики и специфична улога во реализација на маркетинг-стратегијата и целите на високообразовните установи. Во продолжение се презентирани овие специфичности.

### 3.1. Откривање на латентни очекувања

Сегашната дигитална ера бара дизајн на услуги насочени кон студентот. На пример, следење на активностите на студентите на социјалните мрежи, нивниот начин на живот, избори, преференци и природа на однесување може да се научат, што може да помогне во создавање индивидуален холистички профил на студентот. Понекогаш, ова открива некои скриени квалитети на студентот кои дури и тој или таа не ги знае. Во некои случаи, студентите не ги изразуваат своите тешкотии или несогласувања експлицитно. Во овој поглед, едно од можните решенија е да се дизајнираат некои активности или настани за ангажирање на студентите со користење на дигитални медиуми. Преку разбирање на латентните очекувања на потенцијалните студенти со користење вештачка интелигенција и напреден софтвер за обработка на податоци (кој се користи во ДМ), ВОИ можат да го сегментираат потенцијалниот пазар и да ја формулираат и пренесат вистинската порака на приспособен начин до релевантен примерок на идни студенти на време преку активностите под линијата (BTL).[6] Како

[5] Ashley, C., & Tuten, T., *Creative strategies in social media marketing: An exploratory study of branded social content and consumer engagement*. Psychology & Marketing, 32(1), 2015, 15–27.

[6] Manoj, M. S., & Sinha, R., *Application and integration of artificial intelligence in marketing automation for increasing prospective students recruitment in higher education institutions*. Journal of the Gujarat Research Society, 21(5), 2019, 435–442.

резултат, придобивките од ВОИ се во генерирањето на потенцијални клиенти и можната конверзија во процесот на кампањата за прием.

### 3.2. Комуникација и споделување информации

Информациите денес се стратешка предност за секоја организација. ВОИ не се исклучок. Од една страна, ВОИ треба да бидат ажурирани во врска со трендовите на пазарот, можностите за вработување и факторите на вработливост, најновите случувања во различни дисциплини, пограничните концепти и практики и очекувањата на студентите додека ги дисеминираат информациите преку ефективна и навремена комуникација на внатрешните засегнати страни (на пр., сегашни студенти, вработени) како и надворешни чинители (на пример, потенцијални студенти и нивните родители, работодавците), што е многу критично за успех.

### 3.3. Ефективност на трошоците

Иако во последно време ВОИ го зголемија буџетот за маркетинг и реклами, тој сепак е во просек значително помал во споредба со индустриите. Понатаму, традиционалните промотивни алатки се скапи и за користење на овие алатки потребни се обемни подготовки. Исто така, ВОИ треба да ја ограничат временската рамка за користење. Од друга страна, алатките на дигиталниот маркетинг се поевтини од традиционалните и затоа ги намалуваат трошоците и оптоварувањето на ВОИ.

### 3.4. Повратни информации и контрола

Со зголемената употреба на интернет, компаниите сега се во можност да ги следат активностите во реално време. Исто така, сите функционални јазли можат да работат беспрекорно. Ова е уште една област во која дигиталниот маркетинг може да им помогне на ВОИ постојано да добиваат повратни информации од пазарот за нивните понуди на услуги. Анализирајќи ги овие обемни и многу различни податоци, ВОИ може да користат соодветни корективни и превентивни стратегии за да решат проблем или можен конфликт и да ја преземат ситуацијата под контрола. На овој

начин, ВОИ може да ги издржат неизвесностите во работењето и истото да го подобрат.

### 3.5. Намалување на времетраењето

Бидејќи дигиталниот маркетинг се потпира на пристапноста и брзината на интернетот, тоа им помага на ВОИ да останат поврзани со засегнати страни (особено студенти) деноноќно за размена на вести и информации. Може да се решат сите прашања поврзани со услугата и секоја специфична маркетинг комуникација може да достигне широка популација за кратко време, што инаку не е можно во традиционалниот офлајн маркетинг.

## Заклучок

Очигледно е дека следната генерација на маркетинг-стратегии за ВОИ ќе треба да се формулираат на начин којшто ќе обезбеди леснотија на пристап и практичност при работењето, достапност и квалитет на информации, мобилност, видливост и транспарентност. Евидентно е од досегаизнесеното дека користењето алатки за дигитален маркетинг носи голем број придобивки за високообразовните институции, меѓу кои: економичност, повратни информации и контрола, мерливост на перформансите, пристапност и повисоко ниво на конверзија. Со цел да се постигне конкурентска предност во иднина, високообразовните институции треба да применуваат иновациски пристап при дизајнирање на (образовни) производи и услуги кои постојано се развиваат/прилагодуваат, и се по пристапни цени. Сето ова треба да биде дополнето со добро дизајниран, насочен и добро реализиран дигитален маркетинг. Се смета дека ДМ го оркестрира процесот на идентификација, дизајнирање и реализација на вредноста на ВОИ за идните студенти, во наредните децении.

Поради очигледен недостиг на литература, дигиталниот маркетинг на ВОИ е едно од потенцијалните полиња на истражување. Сметаме дека треба да се спроведат повеќе истражувања поврзани со маркетингот на ВОИ на социјалните мрежи, што ќе им помогне на универзитетите да ги воспостават своите општи и дигитални маркетинг стратегии. Воедно, дигиталниот маркетинг со своите специфичности може да им помогне на ВОИ да развијат свесност за вештините и компетенциите кои

работодавачите ги очекуваат од новите дипломци, па оттаму да им овозможат на студентите да се стекнат со нив пред да дипломираат. Само студентите кои ги поседуваат овие нови вештини би имале шанса за побрзо вработување, а потоа да бидат препознаени како успешни вработени во овие економски услови. Институциите на кои што им недостига развиен дигитален маркетинг и онлајн присуство ќе заостануваат на ова поле и ќе пропуштаат талентирани студенти. Воедно, менаџментот на високообразовните установи, исто така, треба да ги сфати овие промени во нивната околина и маркетинг-стратегиите да бидат воведени во новата дигитална ера преку процесот на постепена дигитална трансформација на универзитетите.

**Conclusion**

It is obvious that the next generation of marketing strategies for HEIs will need to be formulated in a way that ensures ease of access and practicality in operation, availability and quality of information, mobility, visibility, and transparency. It is evident from the above that using digital marketing tools brings several benefits to higher education institutions, including cost-effectiveness, feedback and control, performance measurability, accessibility, and a higher level of conversion. To achieve a competitive advantage in the future, higher education institutions should apply an innovative approach when designing (educational) products and services that are constantly being developed/adjusted and at affordable prices. All this should be complemented by well-designed, targeted, and well-executed digital marketing. It is considered that DM orchestrates the process of identifying, designing, and realizing the value of HEIs for future students, for decades to come.

Due to the apparent lack of literature, digital marketing of HEIs is one of the potential fields of research. We believe that more research related to HEIs' social media marketing should be conducted, which will help universities establish their general and digital marketing strategies. At the same time, digital marketing with its specificities can help HEIs to develop awareness of the skills and competencies that employers expect from new graduates, thereby enabling students to acquire them before they graduate. Only students who possess these new skills would have a chance to get hired faster and then be recognized as successful employees in these economic conditions. Institutions that lack a developed digital marketing and online

presence will fall behind in this field and miss out on talented students. At the same time, the management of higher education institutions should also understand these changes in their environment and marketing strategies should be introduced in the new digital era through the process of gradual digital transformation of universities.

**Користена литература**

1. Ashley, C., & Tuten, T., *Creative strategies in social media marketing: An exploratory study of branded social content and consumer engagement*. Psychology & Marketing, 32(1), 2015, 15-27.
2. Bélanger, C. H. et al, *How Canadian universities use social media to brand themselves*. Tertiary Education and Management, 2014, 20(1), 14-29.
3. Lewison, D. M., & Hawes, J. M. (2007). *Student target marketing strategies for universities*. Journal of College Admission, 196, 2007, 14-19.
4. Mammadova R., *Marketıng In Hıgher Educatıon Instıtutıons: Tradıtıonal And Dıgıtal Marketıng*. Kadim Akademi SBD, 2023, C (7) S.1, s. 51-64.
5. Manoj, M. S., & Sinha, R., *Application and integration of artificial intelligence in marketing automation for increasing prospective students recruitment in higher education institutions*. Journal of the Gujarat Research Society, 21(5), 2019, 435-442.
6. Todor R.D., *"Blending traditional and digital marketing"*. Bulletin of the Transilvania University of Brasov. Economic Sciences. Series V 9/1 (2016), 51-56.

***Elena Jankoska, PhD***

Republic of North Macedonia,
affiliation to Istanbul Commerce University

# CHALLENGES IN THE DIGITAL ERA: A BRIEF HISTORICAL PERSPECTIVE

**Abstract**

The digital era presents itself as a problem of our time throughout the industry, economy, society, culture, education, that is, all aspects of the current human life. While it has brought about immense advantages, as many new things before have, the challenges it gives rise to seem to overwhelm policymakers, legislators, leaders, educators, law enforcement as well as ordinary people. There doesn't seem to be a simple or uniform way to address these challenges as they need a different touch in the respective fields in which they emerge, so a rather elaborate and diversified approach might be required.

While this paper attempts to primarily understand the origin of the problem, it focuses on alternative approaches to its solution, challenges the way it has so far been addressed, concluding with some suggestions and remarks on how this should be improved.

**Keywords:** *digital era, industrial revolution, communication, technology, information, education.*

## 1. Introduction: A Linguistic Break Down of the Digital Era

There is no single definition of what the digital era is, but they all have a common ground. In the realm of education, Eugene Kennedy defines it as "A period in human history characterized by the shift from traditional industry to an economy based on **information** and **communications technology** (ICT)" (E. Kennedy 2020) while in business social networking it is "[t]he period where digital **technologies** play a prominent role in shaping up and regulating the behaviors, performances, standards, etc., of societies, communities, organizations, and individuals" (Cruz-Cunha, ed. 2011). Yet the studies in digital violence and discrimination define this era as 'the ongoing period that is characterized by the **information**-based economy, with computers and other **technological** gadgets serving as the

means of **communication** since the 1980s' (Özsungur, ed. 2022) and in the field of entrepreneurship and innovation, the digital era is defined as '[t]he era that is under a massive influence of the Internet and digital **technologies** such as cloud computing, the Internet of Things, mobile devices, and virtual reality' (Lokuge eds, 2020).

There are many more similar definitions of the current era, and they all vary depending on their respective perspectives, however, what they hold in common is the **use of technologies to communicate information**. If we go on to break down this simplified definition, there are at least three essential questions to be asked. What is technology? What is communication? What is information? The definitions of all three also vary, hence it seems practical to answer these three questions from a linguistic, that is, etymological perspective.

- **What is technology?**

Encyclopedia Britannica defines technology as "the application of scientific knowledge to the practical aims of human life or, as it is sometimes phrased, to the change and manipulation of the human environment." However, from an etymological point of view, this term is dated in the 1610s, meaning "a discourse or treatise on an art or the arts," coming from the Latinized form of Greek *tekhnologia*, which means "systematic treatment of an art, craft, or technique," originally referring to grammar, from tekhno-, combining form of tekhnē "art, skill, craft in work; method, system, an art, a system or method of making or doing," from PIE *teks-na- "craft" (of weaving or fabricating), from suffixed form of root *teks- "to weave," also "to fabricate." The Only Dictionary of Etymology suggests that the meaning "study of mechanical and industrial arts" as a branch of knowledge (Century Dictionary, 1895, gives as examples "spinning, metal-working, or brewing") is recorded by 1859. High technology is attested by 1964; short form high-tech by 1972.

This suggests that technology has been with us for a very long time, it just took an Industrial Revolution to become popular again.

- **What is communication?**

As per Encyclopedia Britannica, it is the exchange of meanings between individuals through a common system of symbols, which according to the Online Dictionary of

Etymology was first attested in English in the early 15c., communicacioun, meaning an "act of communicating, act of imparting, discussing, debating, or conferring," from Old French comunicacion (14c., Modern French communication) and directly from Latin communicationem (nominative communicatio) "a making common, imparting, communicating; a figure of speech," also being a noun of action from past-participle stem of communicare "to share, divide out; communicate, impart, inform; join, unite, participate in," literally "to make common," related to communis "common, public, general."

This suggests that communication and sharing, which has become a commonplace phenomenon only since Facebook introduced it, have had the same meaning all along, but they have been just recently reintroduced as such.

- **What is information?**

While late Encyclopedia Britannica does not offer any specific definition for information, the Online Dictionary of Etymology places is origin to the 14c., informacion, meaning "act of informing, communication of news," from Old French informacion, enformacion, which meant "advice, instruction," from Latin informationem (nominative informatio) "outline, concept, idea," also being a noun of action from past participle stem of informare "to train, instruct, educate; shape, give form to", directly from Latin informare "to shape, give form to, delineate," figuratively "train, instruct, educate," from in- "into" (from PIE root *en "in") + formare "to form, shape," from forma "form."

Hence, "information" and "communication" are as tightly related in meaning since "information" essentially means content put into form so as to communicate. And when this is combined with the etymological meaning of "technology", we can conclude that the digital era is the period of **practical or applied sharing of content**.

These seemingly simple phenomena have come to revolutionize the entire human existence and pose almost unsurmountable challenges globally. However, even though they have roots in ancient languages, all of them are attested in writing only as early as the 14th century. Major social changes brought these terms back to life and thriving contemporary. The following chapter looks at these changes where the roots of the current digital era stem from.

## 2. The Industrial Revolutions

The digital era is not the first period of change the humankind has faced, but it is the most rapid one indeed. One does not need to go very far back in time to find a major shift in society but the Industrial Revolution in the second half of the18th and the beginning of the 19th century. While certainly revolutionizing all aspects of society, it brought about challenges of large proportions for the people who had to go through it. Effectively attacking the then current way of life, mainly comprised of agricultural work on farms and crafts in the cities, the industrial revolution introduced machinery for mass production, such as the steam engine, the spinning jenny, coke smelting, puddling and rolling processes for making iron, etc., leaving the work of ordinary people obsolete, thus driving the western world in an era of unemployment widening the gap between the rich and the poor (Mohajan, 2019).

While still in the “analogue era,” the First Industrial Revolution was followed by the Second Industrial Revolution, usually dated 1870-1914, characterized by steady accumulation of useful knowledge, which refocused scientific thinking in the light of novel inventions, and creation of better instruments and equipment enabling registration of scientific facts as well testing hypotheses (Mokyr, J. and Strotz, R.H., 1998). New technologies reached into the daily lives of the middle and working classes thus rapidly increasing living standards and the purchasing power of money due to the changing nature of the organization of production giving rise of technological systems (Hughes, T.P., 1987), which turned large technological system from an exception to a commonplace (Mokyr, J. and Strotz, R.H., 1998). One could easily conclude that the advancements of the Second Industrial Revolution helped overcome the challenges posed by the First Industrial Revolution.

The Third Industrial Revolution took its time as the world needed to recuperate from the two world wars and is begins in the 1960s with implementation of electronics and information technology to automate production. This is the revolution that brings about the current digital era, effectively encompassing the Third and the Fourth Industrial Revolution which are considered to have taken place in a sequence with the latter building on the former revolution. Also known as the Digital Revolution, the Fourth Industrial Revolution is characterized by “a fusion of technologies that are blurring the lines between the physical, digital, and biological spheres” (Schwab, K., 2017). The pace at which this revolution is

occurring is unprecedented as are the changes it brings to entire systems of production, management, and governance with even disruptive effects on every industry in every
country (Schwab, K., 2017). Technologies such as artificial intelligence, the Internet of Things (IoT), cloud computing, social media, data science, 3D printing, connected wearable devices, quantum computing, robotics, and genetics are the driving forces of this Revolution and a far cry from the screwing or welding lots of parts together which were the disruptive inventions of the first two revolutions.

There is a plethora of works addressing the advantages and disadvantages of the current changes, each addressing the problem from their own perspective and providing solutions for their respective sectors. After all, this revolution penetrates every aspect of our everyday lives, and these aspects have with time become rather diversified. Having said that, a further back in time seems justified to better understand why we find ourselves so challenged today.

**3. Survival of the Fittest**

When Darwin posed his evolutionary theory, he described the mechanism of natural selection by employing his famous phrase "survival of the fittest" suggesting that "organisms best adjusted to their environment are the most successful in surviving and reproducing." While human beings have, indeed, managed to survive and reproduce, mainly thanks to the technological achievements of the aforementioned revolutions, we still can't seem to come to terms with our ability to "fit," that is, to adjust ourselves to the environment.

There seem to be an innate force that makes people hang on to the existing and reject changes as disruptive events with mainly negative consequences to their lives. This might not be entirely wrong as the agricultural revolution, starting in the Holocene epoch approximately 12 thousand years ago, allowed humans to live much more comfortable lives than those lived by their hunter-gatherer ancestors when the uncertainties of the hunter-gatherer opportune living were replaced by the much more stable source of food afforded by farming the land and domestication of animals. However, the ability to adapt to everyday challenges, which were commonplace for the hunter-gatherers, became an obsolete skill for the agrarian man, not that they didn't have to face other challenges themselves. After 12 millennia of maintaining and further striving towards the goal of stability and even stagnation, it is a small wonder we call

the periods of change "revolutions." Afterall, the agricultural revolution managed to maintain its effects well until the First Industrial Revolution when some people dared to use their, also innate, ability to innovate and improve human lives.

Jumping forth to the current, so called Fourth Industrial Revolution, which would seem like science fiction to people from a century ago, let alone those who lived 12 millennia ago, change is everywhere, and we are all in awe of how to face and overcome the challenges posed by this new Revolution protruding deep into everyone's live globally. However, cognitive sciences provide evidence that human beings are adaptable to social changes, which include environmental and technological changes, and that "in addition to the communication of risk people need to get information on possible, effective and not too costly adaptation options (Grothmann, T. and Patt, A., 2005)." Hence, what needs to be addressed and pointed out are not the challenges driven by innovation but the means to communicate possible adaptation options.

Among the literature addressing the challenges of the digital era, the phenomenon of using knowledge as the basis for the current way of life is prominent. Thus, it is only logical to conclude that if knowledge is the driver of current changes, it is also the most likely solution for the challenges it raises. The need for knowledge acquisition now is much larger than ever before because knowledge is currently being generated almost as soon as it is acquired. The knowledge invested, causing the current "demise," should be properly communicate globally and only then allow global "fitness" within the definitions of the digital era outlined above.

## 4. Global Changes and Global Knowledge

The term "global" has obtain a substantive meaning in our society only in the past century (see Graph 1). Never has before life on this planet been global, nor did people have to solve "global" problems or face "global" challenges, aside from the World Wars, which also took place in the past century and probably prompted the whole idea of "globalism." Now, wars are something which humankind is very familiar with and would not accept it to be a pastime which will not help with current challenges. The tool which drives our time is knowledge and it is knowledge that we must employ not only to adapt to current changes, but

to teach future generations that the future constant is change and nothing tomorrow will remain the same as it is today.

*Graph 1*. Historical usage of the term “global”




***Source:*** Google Books Ngram Viewer

On the other hand, although we are completely equipped with the ability to adapt to changes, there seems to be a disconnect between what we can do and what we KNOW we can do. Most commentators warn of the greater inequality and disruption of labour markets that the new revolution is bringing about but rarely do they provide solutions for how to overcome, or better prevent, this from happening. The disconnect between ability and knowledge of such ability needs to be reconnected. So far, we have not found any better way to convey knowledge but through our education systems, which are far from prepared to equipe us all with the knowledge we need to constantly adapt to changes so as to prevent, or at least ameliorate, the consequences to the labour market. Certain aspects of the concern regarding generational inequality are more convincing, for example, the challenge to meet the service expectations of digitally empowered patients in healthcare, while further struggling to provide such a superior experience to those with sufficient knowledge and alternatives (Park, H.A., 2016).

The negative impact of the Fourth Industrial Revolution on education is found to result with the rise of new modes of curriculum and teaching and change in focus from modes of teach to modes of learning with alternative curriculums being constantly developed (Xu, M., David, J.M. and Kim, S.H., 2018). Although these can be perceived as disruptive, they have to be accepted as a norm so as to prepare students for the future everchanging markets,

or lives in general, while also accepting that life-long education is one of the key solutions for fending off "disruptive" innovation.

Globalism (Walker, A., 2012), according to the Oxford English Dictionary, is "The belief, theory, or practice of adopting or pursuing a political course, economic system, etc., based on global rather than national principles; an outlook that reflects an awareness of global scale, issues, or implications; spec. the fact or process of large businesses, organizations, etc., operating and having an influence on a worldwide scale, globalization." As such, it has become ever so prominent with the dissemination of digital technologies and social media that seeing it as a natural consequence of the contemporary technological developments, without the traditionally biased division of western or eastern values, is the healthiest way to reconciliation for the purpose of finding common, global solutions for the current and future challenges.

While we have globally adapted to technological gadgets introduced by the Third Industrial Revolution rather quickly, not that they did not face any opposition when they were first introduced, the novelties of the Fourth Industrial Revolution seem to elicit staggering fear about what the future may bring. Artificial intelligence (AI) is the latest and the scariest boogieman out there, not much further ahead of biotechnological advancements bringing about genetic alterations, themselves incorporating AI in an attempt to improve human lives. Quantum computing (Kop, M., 2020, October.), 3D printing,[1] big data (Regulation (EU) 2016/679) are to become a subject to heavy regulation attempting to provide a semblance of security against possible misuse and damage to common life. Such preventive measures are justified if used with caution as overregulation can also stifle innovation and progress with the risk of completely backfiring. Furthermore, if legal means are to be employed, global cooperation and knowledge exchange is necessary for sound, and adaptive, solutions to be introduced to safeguard against the potential threats stemming from misemployment of digital technologies.

[1] The opening question in the "Conformity assessment procedures for 3D printing and 3D printed products to be used in a medical context for COVID-19" is "Q1: Is there any applicable EU legal frameworks in the case of 3D printing?"

## Conclusion

There aren’t many arguments against the challenges digital technologies give rise to but to see them through the advantages they also bring about. There doesn't seem to be any problems for us to adapt and accept these advantages, but the disadvantages, which generally imply abandoning the old and embracing the new, are a haunting through throughout industries, economies, cultures, and traditions worldwide. The fact is that we are not ready to quickly accept such changes while maintaining traditional values and divisions while welcoming innovation which unites but also further divides us, down to individuals. The group is safe and usually tends to be homogeneous, but the future is individual as the ingenuity, creativity, and individual acuity, which have only recently been stimulated, can provide not only solutions to the posed challenges but can also help further develop the global society thus also enabling people to reach their full potential.

## References

1. “*Conformity assessment procedures for 3D printing and 3D printed products to be used in a medical context for COVID-19*” Available at https://health.ec.europa.eu/document/download/000cf966-c81e-41d7-a452-1b2d4ce17230_en?filename=md_mdcg_qa_3d_ppp_covid-19_en.pdf. Last accessed on 29 Feb. 24
2. Dimitrieska, S., Stankovska, A. and Efremova, T., 2018. *The Fourth Industrial Revolution Â€“Advantages And Disadvantages. Economics and Management*, 14(2), pp.182-187. Available at https://ideas.repec.org/a/neo/journl/v14y2018i2p182-187.html.
3. *Encyclopedia Britannica*, communication. At https://www.britannica.com/topic/communication.
4. *Encyclopedia Britannica,* survival of the fittest. At https://www.britannica.com/science/survival-of-the-fittest.
5. *Encyclopedia Britannica*, technology. At https://www.britannica.com/technology/technology.
6. Eugene Kennedy, “*Advancing Educational Research with Emerging Technology*.” (2020).

7. Özsungur, F. ed., 2022. *Handbook of Research on Digital Violence and Discrimination Studies*. IGI Global.
8. Grothmann, T. and Patt, A., 2005. *Adaptive capacity and human cognition: the process of individual adaptation to climate change*. Global environmental change, 15(3), pp. 199-213. Available at https://citeseerx.ist.psu.edu/document?repid=rep1&type=pdf&doi=33273adc3a2a988c13445697200442007475ab28. Last accessed on 29 Feb. 24.
9. Hughes, T.P., 1987. *The evolution of large technological systems*. The social construction of technological systems: New directions in the sociology and history of technology, 82, pp.51-82.
10. Kop, M., 2020, October. *Regulating transformative technology in the quantum age: Intellectual property, standardization & sustainable innovation*. Stanford-Vienna Transatlantic Technology Law Forum, Transatlantic Antitrust and IPR Developments, Stanford University, Issue. Available at https://law.stanford.edu/wp-content/uploads/2020/11/Mauritz-Kop_Regulating-Transformative-Technology-in-The-Quantum-Age_Intellectual-Property-Standardization-Sustainable-Innovation_Stanford.pdf. Last accessed on 29 Feb. 24.
11. Cruz-Cunha, M.M. ed., 2011. *Handbook of research on business social networking: Organizational, managerial, and technological dimensions: Organizational, managerial, and technological dimensions*. IGI global.
12. Mohajan, H., 2019. *The first industrial revolution: Creation of a new global human era*. Available at https://mpra.ub.uni-muenchen.de/96644/. Last accessed on 27 Feb. 24.
13. Mokyr, J. and Strotz, R.H., 1998. *The second industrial revolution,* 1870-1914. Storia dell'economia Mondiale, 21945(1), p 1. Available at https://bpb-us-e1.wpmucdn.com/sites.northwestern.edu/dist/3/1222/files/2016/06/The-Second-Industrial-Revolution-1870-1914-Aug-1998-1ubah7s.pdf. Last accessed on 27 Feb. 24.
14. *Online Dictionary of Etymology*, communication. At https://www.etymonline.com/search?q=communication.

15. *Online Dictionary of Etymology*, global. At https://www.etymonline.com/search?q=global.
16. *Online Dictionary of Etymology*, inform. At https://www.etymonline.com/word/inform.
17. *Online Dictionary of Etymology*, technology. At https://www.etymonline.com/search?q=technology.
18. Park, H.A., 2016. *Are we ready for the fourth industrial revolution?*. Yearbook of medical informatics, 25(01), pp.1-3. Available at https://www.thieme-connect.com/products/ejournals/pdf/10.15265/IY-2016-052.pdf. Last accessed on 29 Feb. 24.
19. *Regulation (EU) 2016/679 of the European Parliament and of the Council* of 27 April 2016 on the protection of natural persons with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, and repealing Directive 95/46/EC (General Data Protection Regulation). Available at https://eur-lex.europa.eu/eli/reg/2016/679/oj. Last accessed on 29 Feb. 24.
20. Sachithra Lokuge and Sedera Darshana, eds. *Rural entrepreneurship and innovation in the digital era*. IGI Global, 2020.
21. Schwab, K., 2017. *The fourth industrial revolution*. Currency, p. 60. Available at https://law.unimelb.edu.au/__data/assets/pdf_file/0005/3385454/Schwab-The_Fourth_Industrial_Revolution_Klaus_S.pdf. Last accessed on 27 Feb. 24.
22. Walker, A., 2012. *Globalism. Studies in Iconography*, 33, pp.183-196. Available at https://repository.brynmawr.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1051&context=hart_pubs. Last accessed on 29 Feb. 24.
23. Xu, M., David, J.M. and Kim, S.H., 2018. *The fourth industrial revolution: Opportunities and challenges*. International journal of financial research, 9(2), pp.90-95. Available at http://creo.sc-celje.si/pluginfile.php/2387/mod_resource/content/1/4.1.4_01_The%20fourth%20industrial%20revolution.pdf.

*М-р Андреј Стамевски*

Факултет за арт и дизајн
Европски универзитет Скопје
Р. Македонија
E-mail: andrej.stamevski@gmail.com

# ГРАФИЧКИОТ ДИЗАЈН – КРЕАТИВНАТА СТРАНА НА ЖИВОТОТ

**Апстракт**

„Основната задача на секој графички дизајнер е да создаде визуелни решенија кои ефективно ги пренесуваат пораките и ги задоволуваат креативните потреби на различни медиуми.“ Без разлика дали станува збор за идејно решение за лого, билборд или пакување на производ, графичкиот дизајн е основата врз која се гради корпоративниот идентитет. Ефективноста на секоја компанија, без разлика дали е мала или голема организација, и нивните брендови зависи од визуелната комуникација и препознатливост. Оттука, графичките дизајнери имаат суштинска улога и значително влијание врз успехот на целиот бизнис.

Добро испланираната стратегија за графички дизајн е клучна за бизнисот да го изгради својот визуелен идентитет и да одржи визуелна конзистентност. Преку користење на вештините на графичкиот дизајн, се подобрува препознатливоста и идентитетот на брендот, правејќи ги графичките дизајнери неопходни за успехот на секоја компанија.

**Клучни зборови:** *графички дизајн, креативност, талент, дизајнери, визуелен идентитет.*

# GRAPHIC DESIGN – THE CREATIVE SIDE OF LIFE

**Abstract**

“The primary task of every graphic designer is to create visual solutions that effectively communicate messages and meet the creative needs across various media.”

Whether it involves creating a logo, a billboard, or product packaging, graphic design is the foundation upon which corporate identity is built. The effectiveness of any company, whether small or large, and their brands, depends on visual communication and recognition. Thus, graphic designers play a crucial role and have a significant impact on the overall success of the business.

A well-planned graphic design strategy is essential for a business to build its visual identity and maintain visual consistency. Utilizing the skills of graphic design enhances brand recognition and identity, making graphic designers indispensable for the success of any company.

**Keywords:** *graphic design, creativity, talent, designers, visual identity*.

**Вовед**

Креативците денес се повеќе се ценат. Една таква професија која е постојано барана и без која е невозможно да се замисли визуелниот идентитет на бројни брендови и компании е графичкиот дизајн. Графичкиот дизајн, во голем дел, значи познавање на естетски вештини и мајстории, вклучувајќи типографија, фотографија, илустрација, симбол и боја и нивно сложување, односно комбинирање. Тоа значи дека креативците кои ќе се одлучат да го развијат својот талент во оваа насока може да очекуваат висока заработка и брзо вработување, што го прави графичкиот дизајн идеален за започнување успешна кариера.

Покрај тоа, графичките дизајнери играат значајна улога во дизајнирањето на изгледот на веб-страниците. Со оглед на тоа што, денес, речиси секој бизнис мора да има своја импресивна презентација на Интернет, креирањето на визуелен изглед на страница или страница за продажба е работа каде што се очекува многу од дизајнерите. Со други зборови, графичките дизајнери играат важно место во сите маркетиншки процеси, од дизајнирање флаери до спроведување на големи кампањи, а благодарение на нивната креативност привлекуваат клиенти со своите креации и влијаат на зголемувањето на профитот на компанијата, поради што секој работодавец има потреба од нив.

Големото значење на маркетингот и доминацијата на визуелните средства за комуникација во дигиталните и печатените медиуми се главните причини зошто графичкиот дизајн стана мошне атрактивна област. Заедно со зголемената побарувачка за графички дизајнери, работодавците се подготвени да одвојат значителна сума пари за да стигнат до способен креативец кој може да одговори на сите нивни барања.

Покрај платата и сигурното вработување, графичкиот дизајн е интересна професија, бидејќи нуди голема флексибилност кога е во прашање работното време. Имено, експертите за графички дизајн имаат можност да заработат одлични приходи, работејќи во компании кои имат развиен маркетинг сектор или преку ангажирање во хонорарни проекти, што им овозможува да работат од дома за големи светски работодавци и брендови. Потребна е само едукација, базирана на квалитетна програма, од докажани едукатори и експерти во оваа област. Преку специјализираните наставни програми се стекнуваат сите потребни теоретски и практични знаења и се совладуваат креативните техники што ги бара професијата графички дизајнер.

**1. Графички дизајн – креативност, талент и умешност**

Графичкиот дизајн е уметност или професија на визуелна комуникација која ги комбинира сликите, зборовите и идеите за пренесување на информации до публиката, особено за да произведе одреден посакуван ефект. Тој е процес на визуелно општење со користење на текст и/или фотографии, односно илустрации за да се претстави информацијата или пак да се истакне некоја порака. Неговата задача е комбинирање на вербални елементи во една организирана и ефикасна целина. Со други зборови, графичкиот дизајн е комуникациски дизајн, начин на пренесување идеи преку визуелизација и дизајн.

Графички дизајн е применета уметност. Како дисциплина дизајнот се занимава со изработка на печатени решенија. Во овие решенија спаѓаат: новини, книги, списанија, билборди, визит карти, брошури, каталози и слично. Поновите дефиниции за графички дизајн вклучуваат и графички продукции кои се прилагодени во електронски медиуми, како интернетот или телевизијата и други медиуми.

Може да се каже дека графичкиот дизајн е колаборативна дисциплина. Писателите ги создаваат речениците и слоганите, фотографите и илустраторите

создаваат визуелни елементи, типографичарите различни типографии, додека графичкиот дизајнер ја создава композицијата (целината) на визуелното општење. Тој има за задача да го визуелизира секое идејно решение со цел другите да можат полесно да го разберат. Графичките дизајнери имаат остро око за естетика, инкорпорирајќи смели бои, впечатливи фонтови и слики за да создадат волшебни дизајни кои оставаат траен впечаток.

Компјутерите, секако, помагаат при зголемување на креативниот процес на графичкиот дизајн. Брзата компјутерска обработка им дозволува на графичките дизајнери побрзо да се движат низ креативниот процес и да стигнат до повеќе идеи, овозможувајќи користење на мноштво детали.

Графичкиот дизајнер може да користи скици со цел да добие побројни или комплексни идеи побрзо без софтверските попречувања и компликации. Рачно изработените концепти често се користат со цел да се дојде до одобрување на идеја, пред дизајнерот да посвети време за да ги создаде завршните визуелни ефекти на компјутер или со прекопирање. Истите кратки скици или груби нацрти на хартија можат да бидат употребени за побрзо да се усоврши и изведе идејата на компјутер преку комбиниран процес. Овој комбиниран процес посебно е корисен во дизајнирањето на лого каде софтверската научна крива може да одземе многу од креативниот мисловен процес. Традиционално комбинираниот процес на дизајнерско-компјутерска преработка може да се употреби за слобода во нечија креативност при нацртот на страната или создавањето на сликата.

## 2. Трендови во графичкиот дизајн

Дизајнот не е само код, туку начин на изразување и прикажување идеи за софтвер или апликација на привлечен начин, обезбедувајќи релевантно корисничко искуство за паметење. Одејќи до сржта на потребите на корисниците, дизајнот треба да ги следи целите на бизнисот, кои придонесуваат за целосниот впечаток и ефект. Пазарот е доста компетитивен, па затоа, на повеќето професионалци им е многу важно да ги следат трендовите и постојано да бидат во тек со најновите настани. Секако, тоа може да се постигне само со усовршување на нивните дизајн вештини, но и со

зголемување на продуктивноста, кога станува збор за други задачи поврзани со проектот на кој работат.

Трендовите на графичкиот дизајн помагаат да се креираат проекти кои навремено комуницираат и се поврзуваат со целната публика. Следењето и разбирањето на трендовите и сигнализира на прилагоденоста на динамичниот пејзаж на графичкиот дизајн и одговара на интересите на потрошувачите. Дизајнот го прави пристапот до технологија едноставен, лесен, а ако е лошо имплементиран тој е сложен и збунувачки. Постојат многу примери за тоа како супериорни платформи и технологии имаат загубено на пазарот од страна на конкуренти, кои, примарно, имале добар дизајн. Во дигиталната ера, трендовите на графичкиот дизајнот брзо се менуваат. Она што било ново, модерно, иновативно во изминатите години, сега изгледа застарено, Додека некои трендови го поминаа тестот на времето, други исчезнаа „преку ноќ“.

Креативната типографијата е прилично застапена во графичкиот дизајн. Всушност, овој тренд е еден од најупотребуваните години station наназад. Кога станува збор за типографијата, имагинацијата е главната алатка. Креативната типографија може да се комбинира со повеќе различни техники или да биде искористена комплетно сама во дизајнот. И во двата случаи, импресионира.

Илустрациите, исто така, се на бранот на популарноста. Кога станува збор за графичкиот дизајн, тие секогаш носат специфично уникатен вајб на делото. Секој дизајн е парче уметност, креирано со многу талент и имагинација. Поради тоа илустрациите секогаш се атрактивни и модерни. Илустрацијата од прости елементи, линии, едноставна композиција секогаш се ефективни кога се добро балансирани. Особено кога треба да се стави фокус на комуникацијата, нема подобар начин од едноставноста. Притоа, она што привлекува внимание е комбинацијата на реални фотографии со илустрација. Оваа техника го зголемува ефектот на фотографијата и ѝ дава на композицијата нова димензија и изглед.

Минимализмот е безвременски и траен тренд на графички дизајн, кој веројатно никогаш нема да излезе од мода. Филозофијата – „помалку е повеќе“, во последно време, добива уште поголема важност. Во овој пристап, секој елемент во дизајнот служи за цел, отстранувајќи го непотребното за откривање на суштината.

Минималистичките дизајни се карактеризираат со чисти линии, обилен бел простор и ненатрупана естетика.

Овој тренд не само што носи чувство на елеганција и едноставност во прв план, туку и промовира ефикасна комуникација. Со ограничена палета на бои и фокус на типографијата, минимализмот им овозможува на дизајнерите да пренесат порака со прецизност. Неговата приспособливост на различни медиуми, од веб-локации до брендирање, го прави разновиден избор за дизајн проекти. Додека патуваме низ 2024 година, минимализмот не потсетува дека понекогаш, во свет исполнет со врева, шепотот може да биде многу помоќен од крикот.

**Заклучок**

Графичкиот дизајн е применета уметност и занает каде што професионалците создаваат визуелна содржина за да дистрибуираат пораки. Со примена на техники за визуелна хиерархија, дизајнерите користат типографија и слики за да ги задоволат специфичните потреби на корисниците и се фокусираат на логиката на прикажување елементи во интерактивни дизајни за да го оптимизираат корисничкото искуство.

Креативноста и талентот се едни од најважните атрибути во графичкиот дизајн. Графичкиот дизајн е комбинација од уметност, ум и технологија. Дизајнерите се визуелни раскажувачи, кои треба да ја разберат психологијата на нивните целни клиенти и да го приспособат нивниот дизајн кон нив. Покрај технолошките вештини, графичкиот дизајн се темели на визија и осмислување. Овој процес започнува со илустрации на идеи, било со рачно скицирање или со користење на дигитални програми. Дизајнерските нацрти и изведби бараат критично, надгледувачко, квантитативно и аналитичко размислување.

Графичките дизајнери се потребни за идентитетот на брендот на компанијата, дизајн на книги, списанија, весници и други публикаци, пакување на производ, креативи за реклами, креации за видео игри итн. Оваа професија се вбројува во една од најкреативните во светот, токму поради тоа што улогата на графичките дизајнери е да создаваат визуелни комуникации. Како што технологијата продолжува да се развива,

тие имаат можност да работат со различни алатки и техники за да создадат визуелно привлечна содржина што е едноставна и лесна за разбирање.

Графички дизајн не е еднократен процес, туку е континуирано надоградување и прилагодување според промените кои се случуваат во индустријата. Графичкиот дизајн бара комплетно целосно и темелно знаење, посветеност и постојано надоградување. Добриот графички дизајнер е производ од квалитетна работа.

Иднината на графичките дизајнерите е перспективна и полна со можности. Тие продолжуваат да ги поместуваат границите на дизајнот, прифаќајќи ги иновациите и одржливоста за да ги задоволат постојано променливите барања на клиентите. Нивниот талент и умешност е препознатлив на глобално ниво, зацврстувајќи го своето место, оставајќи трајно влијание врз индустријата и донесувајќи радост на милиони корисници ширум светот.

**Conclusion**

Graphic design is a craft where professionals create visual content to distribute messages. By applying visual hierarchy techniques, designers use typography and images to meet specific user needs and focus on the logic of displaying elements in interactive designs to optimize the user experience.

Creativity and talent are one of the most important tools of graphic design. Graphic designers are a combination of art, mind and technology. They are visual storytellers, who need to understand the psychology of their target customers and tailor their design to them. In addition to technological skills, graphic design is based on vision and design. This process begins with the illustration of ideas, either by hand sketching or using digital programs. Design drawings and renderings require critical, supervisory, quantitative and analytical thinking.

Graphic designers are needed for company brand identity, book, magazine, newspaper and other publication design, product packaging, advertisement creative, video game creation, etc. This profession is considered one of the most creative in the world, precisely because the role of graphic designers is to create visual communications. As technology continues to evolve, they have the ability to work with different tools and techniques to create visually appealing content that is simple and easy to understand.

Graphic design is not a one-time process, but is a continuous upgrade and adjustment according to the changes that occur in the industry. Graphic design requires complete and thorough knowledge, dedication and continuous improvement. A good graphic designer is a product of quality work.

The future of graphic designers is promising and full of opportunities. They continue to push the boundaries of design, embracing innovation and sustainability to meet ever-changing customer demands. Their talent and skill is recognized globally, cementing their place, leaving a lasting impact on the industry and bringing joy to millions of users around the world.

**Користена литература**


1. Вренцоска, Г., *Визуелни комуникации* (авторизирани предавања), Европски Универзитет - РМ, Скопје, 2017.
2. Вренцоска, Г., Јованоска А., *Графички дизајн 1*, (авторизирани предавања), Европски Универзитет - РМ, Скопје, 2017.
3. Санев, Х., *Графички дизајн 2*, (авторизирани предавања), Европски Универзитет - РМ, Скопје, 2018.
4. Стамевски, А., *Споредбата меѓу UX/UI (корисничко искуство и кориснички интерфејс) преку дизајн на мобилна апликација за општествени проблеми* (магистерски труд), Европски универезитет Скопје, 2023.
5. Lidwell, W., Holden, K., *Universal Principles of Design*, Revised and Updated: 125 Ways to Enhance Usability, Influence Perception, Increase Appeal, Make Better Design Decision (ebook), Rockport Publishers, USA, 2013.
6. https://loreleiwebdesign.com/mk/k-designers-that-make-your-style-pop/.
7. https://www.graphicdesign.mk/sto-e-graficki-dizajn/.
8. https://learning.themonday.co/sto-s%D1%90-moze-da-raboti-eden-graficki-dizajner/.
9. https://www.interaction-design.org/literature/topics/graphic-design.
10. https://medium.com/codeart-mk/graphic-design-trends-2024-52c4b55981df.

*М-р Марија Цизалоска, м-р Сања Антиќ*

Европски универзитет Скопје
РС Македонија
E-mail: marija.cizaloska@eurm.edu.mk, sanja.antik@eurm.edu.mk

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ

**Апстракт**

Технолошкиот и социјалниот напредок, произлезен од масовната употреба на информациските и комуникациските технологии (ИКТ), генерираат трансформативен процес кој ги модифицира сите економски сектори, а образованието не е исклучок. Високообразовните институции (ВОИ) неизбежно се наоѓаат во процесот на таквата трансформација, реагирајќи на потребата од адаптација на оваа нова реалност, доживувајќи културна промена која ги предизвикува ставовите, постапките и вредностите што ги делат членовите и засегнатите страни на овие организации. Овој труд има за цел да ги идентификува активностите што ги преземаат ВОИ за дигитална трансформација, предизвиците со кои се соочуваат, како и да ги дефинира новите процеси и технологии што се користат за дигитализација на образованието. Преку спроведена анализа на научната литература за темата, се истакнува и нејзината мултидисциплинарност и тесна поврзаност со аспекти како што се иновации, управување и адаптирање на новата дигитална реалност. Трудот ги истакнува главните одредници кои би можеле да привлечат поголемо внимание во блиска иднина, а во насока кон унапредување на квалитетот на високото образование преку придобивките што ги нуди процесот на дигитализација.

**Клучни зборови:** *дигитализација, дигитална трансформација, ВОИ, образование, технологија.*

# DIGITALIZATION OF HIGHER EDUCATION – CHALLENGES AND PERSPECTIVES

**Abstract**

The technological and social progress resulting from the massive use of information and communication technologies (ICT) generates a transformative process that modifies all economic sectors, and education is no exception. Higher education institutions (HEIs) are inevitably included in this process of transformation, responding to the need for adaptation to this new reality, experiencing a cultural change that challenges the attitudes, actions and values shared by the members and stakeholders of these organizations. This paper aims to identify the activities undertaken by HEIs for digital transformation, the challenges they face, as well as to define the new processes and technologies used for the digitalization of education. Through an analysis of the scientific literature on the subject, its multidisciplinary and close connection with aspects such as innovation, management and adaptation to the new digital reality are highlighted. The paper highlights the main determinants that could attract more attention in the near future, in the direction of improving the quality of higher education through the benefits offered by the digitalization process.

**Keywords:** *digitalization, digital transformation, HEIs, education, technology*.

**Вовед**

Високообразовните институции кои сакаат да останат релевантни, во 21 век се насочуваат кон технологијата за да го подобрат работењето, управувањето со студентите и целокупните перформанси на организацијата. Во современи услови и во една поразлична интерпретативна рамка, високото образование се смета за пазар на конкурентни организации, академиците се сметаат за претприемачи, студентите се и клиенти и производи на нов услужен сектор. Меѓутоа, дигиталната трансформација на високото образование се разликува од дигитализацијата на бизнисите. Додека дигиталната бизнис-трансформација се однесува на нови деловни модели и појава на нов организациски идентитет, во фокусот на дигитализацијата на високото образование е појавата на дигиталниот простор за учење. Дигиталната трансформација на

универзитетите се однесува на воведување секаков вид технологија што им помага да станат поефикасни и попродуктивни преку елиминирање на бариерите за образование наметнати од просторот и времето и со проширување на пристапот на студентите до квалитетни наставни содржини.[1] Дигиталните ресурси вклучуваат веб-страници, е-книги, страници на социјални медиуми и онлајн заедници, вебинари, поткасти и микроблогирање, вештачка интелигенција, виртуелна реалност, проширена реалност, cloud сервиси, итн. Потоа, тука се онлајн програмите, софтверот за управување со учење и базите на податоци за анализа, увид и предвидувања. Поновите трендови вклучуваат игри и гејмификација, е-учење со помош на видео, блокчејн технологија за складирање на ученички записи и учење со виртуелна и „проширена" реалност. Од перспектива на студентите, оваа најсовремена технологија го подобрува нивното учење и го зајакнува нивниот когнитивен капацитет. Дигиталните апликации и новата образовна технологија им помага на студентите да најдат работа, да го забрзаат своето учење, да разберат тешки концепти, да спроведат истражување, да положат испити, да управуваат со нивните курикулуми, да добијат диплома преку интернет, итн.

## 1. Дигитализација на универзитетите - предизвици

Најголемиот притисок за промена врз универзитетите доаѓа од денешните студенти кои бараат флексибилно, персонализирано и образовно искуство во реално време. Визијата на универзитетот мора да го стави студентското искуство во јадрото на својата мисија. Ова од причина што во сржта на дигиталната трансформација се клиентите (студентите) на високообразовните установи, а технологијата е само алатка за подобрување на студентското искуство и исполнување на нивните барања. Резултатот од дигиталната трансформација е со цел да се овозможат нови процеси, да се понуди производ или услуга со нови карактеристики, преку паметна интеграција на дигитални технологии, процеси и компетенции и културна, организациска и оперативна промена на организацијата. Разгледувајќи ги дефинициите за дигитална трансформација што се користат во литературата, без оглед на различните употребени термини, можеме да ја дефинираме истата како процес на создавање нов стратешки

[1] Almaraz, F., Machado, A. M., and Esteban, C. L. (2017). *Analysis of the digital transformation of higher education institutions: a theoretical framework*. EDMETIC 6, 181-202.

модел за организацијата, користејќи ги најновите дигитални технологии, притоа додавајќи висока вредност за сите засегнати страни.[2]

Според тоа можат да се идентификуваат елементите на дигитална трансформација кои создаваат нови процеси, а со цел да се постигне некој од следните стратешки предизвици кај високообразовните установи:

1. Проширување на дигиталните вештини и културата меѓу универзитетската заедница;
2. Оптимизација на безбедноста на информациите и одржување деловен континуитет;
3. Одржување конкурентност благодарение на високиот квалитет на услугите;
4. Реализација на висококвалитетно образование;
5. Задоволување на појавните барања на клиентите (студентите);
6. Информации и знаење за оптимално одлучување;
7. Постигнување стратешки цели на универзитетот (исполнување мисија/визија).

## 2. Клучни цели на дигиталната трансформација во високото образование

Кај дигитализацијата во високото образование можат да се издвојат три главни цели што треба да бидат исполнети, а кои се насочени кон подобрување на средината за учење, оперативната ефикасност и компјутерската моќ во функција на истражување.[3] Дигиталната трансформација може да ги постигне овие цели преку:

### *Подобрување на средината за учење на студентот*

Технологијата ја подобрува средината за учење со дополнителни содржини како што се на пример TEDX предавања, апликации за посеопфатно учење и VR-AI алатки кои на студентите им овозможуваат да ги споделат своите мисли и идеи, како и подобро да ги разберат темите. Воедно, технологијата им помага на студентите критички да размислуваат и да стекнат социјални и технички вештини неопходни за високоплатените работни места во 21 век. Од друга страна, пак, технологијата им

[2] Fernández A. et al, *Digital transformation initiatives in higher education institutions: A multivocal literature review*, Education and Information Technologies (2023) 28:12351-12382.
[3] Peña-López, I. *Innovating Education and Educating for Innovation. The Power of Digital Technologies and Skills*; OECD Publishing: Paris, France, 2016.

овозможува на наставниците да употребуваат алатки засновани на докази (како што се квизови и модули), притоа помагајќи им да ги измерат перформансите на нивните студенти и соодветно да ја приспособат содржината.

Наставата во виртуелна средина се реализира на сличен начин како и во офлајн светот. Вообичаени модели на учење се:

- *Самостојно учење:* Студентот се едуцира себеси преку ресурси кои вклучуваат платформи (на пр. TEDx), едукативни видеа (на пример, YouTube), поткасти, содржини за учење базирани на симулации (на пример, Google Earth), квизови и тестови.
- *Еден-на-еден:* Менторот и студентот комуницираат преку алатки како што се е-пошта, видеоразговор или веб-базирани платформи за конференции (како што е Zoom).
- *Еден-на-повеќе:* Наставникот дава инструкции од мали до големи групи преку алатки како што се е-пошта, мејлинг листи, форуми за дискусија, блогови (со коментари), социјални мрежи и веб-конференции (на пр. Zoom).
- *Повеќе-до-повеќе:* Различни предавачи комуницираат со различни студенти преку ресурси кои вклучуваат групни разговори, форуми за дискусија (на пример, MS Teams), блогови. социјални мрежи и веб-конференции.

***Подобрување на оперативната ефикасност на институцијата***

Уште од раните 2000-ти, високообразовните институции се насочени кон аналитика за да управуваат со непредвидливите ситуации при упис на нови студенти, како и за менаџирање на трошоците. За да бидат компетитивни, институциите од високото образование користат дескриптивна аналитика за опишување ситуации, предвидлива аналитика за предвидување настани и дијагностичка аналитика за да предвидат (потоа и да анализираат) можни решенија за нивните проблеми. Користењето аналитика на податоци се применува во цел спектар активности на ВОИ, како што се: маркетинг, регрутирање, одлуки за прием, финансиска помош, советување на студенти, академско планирање, финансиско прогнозирање и планирање, искористувајќи ја моќта на образовните CRM за пристап до обемни податоци за анализа.

***Зголемување на компјутерската моќ за истражувања***

Дигиталните библиотеки со бази на податоци обезбедуваат целосни статии и апстракти од огромен број публикации, вклучувајќи монографии, извештаи, зборници од конференции и дисертации. Популарните пребарувачи, како Google, им помагаат на учениците и наставниците да пристапат до бескрајни ресурси за нивното истражување. Училиштата поставуваат свои IT бази за да им помогнат на студентите во барањето на информации за предмети, испити, наставна програми, итн. Накратко, дигиталната технологија обезбедува економичен и лесно достапен пат до квалитетно образование, со најнови и најавторитетни информации во голем број научни дисциплини.

## 3. Рамка за дигитално учење - перспективи

Од анализираната литература и увидот во моменталната состојба во сферата на високото образование, очигледно е дека високообразовните установи неизбежно се соочуваат со воспоставување на рамка за дигитално учење којашто опфаќа четири области: технологии за дигитално учење, модалитет на настава, персонал и услуги за поддршка, и организациски политики, планирање и развој.

### 3.1. Дигитални технологии за учење

Дигиталните технологии играат клучна улога во дигиталната настава и учење, меѓутоа истовремено бараат значително зголемување на инфраструктурата за поддршка на овие технологии. Помеѓу најчесто користените дигитални технологии за настава и учење се издвојуваат[4]:

- *Системи за управување со учење (LMS).* LMS се користи за дигитално сместување на сите наставни материјали, модули и активности на едно место. Наставникот може да испраќа соопштенија, да се вклучи во дискусии, да развива и оценува задачи и да води онлајн книга за оценување во LMS.
- *Синхрони технологии.* Синхроните технологии се користат за спроведување на онлајн состаноци во реално време. Синхроните технологии вклучуваат различни функционалности, како што се аудио и видео, текст/чет, споделување

[4] Alenezi, M. *Digital Learning and Digital Institution in Higher Education*. Educ. Sci. 2023, 13, 88.

екран, анкети, работни табли и виртуелни соби за дискусии во мали групи. Овие функционалности можат да им помогнат на наставниците да ја воспостават и одржат интерактивноста во онлајн училниците.

- *Мултимедијални и колаборативни апликации.* Мултимедијата вклучува аудио, видео и други интерактивни елементи и може да се користи за снимање микропредавања, демонстрации, вежби, итн. Некои мултимедијални апликации, исто така, можат да се вградат во LMS за лесен пристап и употреба. Апликациите за обработка на текст, презентација, социјална интеракција и виртуелна табла, базирани на веб или cloud, им овозможуваат на студентите да соработуваат онлајн со своите врсници и наставници.
- *Технологии базирани на облак.* Колеџите и универзитетите воведуваат и користат различни апликации базирани на облак, најчесто за складирање датотеки до кои можат да пристапат од каде било во светот и притоа да не се ограничени на нивните канцелариски компјутери.
- *Нови технологии.* Вештачката интелигенција (AI), проширената реалност (XR), зголемената реалност (AR), виртуелната реалност (VR), аналитиката и другите технологии кои се појавуваат можат да овозможат поиновативни и попривлечни наставни методи и искуства за учење.

Ова не е сеопфатна листа на технологии кои можат да се користат за дигитално учење и настава. Високообразовните установи треба да ги проценат резултатите од секоја технологија и да го разгледаат нејзиниот квалитет и цена пред да ја купат за нивните кампуси, како и да ја испитаат сопствената технолошка инфраструктура за да се осигурат дека е соодветна за дигитално учење и настава.[5]

### 3.2. Модалитет на настава

Образованието може да се реализира преку голем број наставни модалитети. Кога универзитетот нуди неколку модалитети на учење или наставни програми во

[5] Hill C.. Lawton W., “*Universities, the Digital Divide and Global Inequality”*, Journal of Higher Education Policy and Management 40, no. 6 (October 2018): 598-610.

повеќе од еден модалитет, студентите можат да се запишат на модалитетот што најмногу им одговара. Во теоријата и праксата се сретнуваат следните модалитети:

- *Подобрена технологијата на кампусот*. Во овој модалитет, наставата и учењето се случуваат лично, а технологијата се користи за подобрување на наставата.
- *Хибриден/мешан модалитет*. Овој модалитет го спојува изведувањето на настава лично и онлајн за да им обезбеди на студентите флексибилност во студирањето, како на кампусот, така и онлајн.
- *Асинхрон онлајн модалитет*. Во овој модалитет, наставата и учењето се одвиваат онлајн без никакви средби/состаноци во реално време.
- *Синхрон онлајн модалитет*. Во овој модалитет, наставата и учењето се случуваат онлајн во реално време.
- *Бихрон онлајн модалитет*. Овој модалитет ги спојува асинхроните и синхроните модалитети на онлајн настава и учење. Учениците учествуваат на асинхроната настава во време и локација по сопствен избор, а на синхроната настава учествуваат во реално време.
- *HyFlex*. Овој модалитет нуди најголема флексибилност и ги комбинира личните и онлајн учениците во иста училница.

Сите овие модалитети имаат дигитални елементи за настава и учење, иако курсевите на кампусот подобрени со технологија имаат минимална технолошка интеграција. Останатите пет модалитети во голема мера се потпираат на дигиталната настава и учење.

### 3.3. Персонал и услуги за поддршка

Зголемената распространетост на дигиталната настава и учење во различни наставни модалитети бара дополнителни инвестиции во услугите за поддршка и персоналот на универзитетите. Високообразовните институции ангажираат повеќе дизајнери на настава и специјалисти за технологија отколку во изминатите години. Воедно, зголемена е и потребата од персонал за одржување на мрежите и технологијата.

### 3.4. Организациски политики, планирање и развој

Високообразовните установи треба да поставaт институционални политики и стандарди за дигитална настава и учење како што се оптоварување на наставата, критериуми за запишување и стандарди за реализација на наставата, како и евалуација – оценување на дигиталната настава.[6] Исто така треба да се преиспитаат моделите на финансирање за различни модалитети на дигитална настава. Онлајн курсевите обезбедуваат можности за кампусите да нудат различни стапки на школарина бидејќи студентите не мора да бидат на кампусот или да плаќаат трошоци за ресурси базирани на кампусот. Меѓутоа, институциите треба да обезбедат студентите да имаат хардвер, софтвер и пристап до интернет што им е потребен за да учествуваат на онлајн наставата.

**Заклучок**

Врз основа на презентираното можеме да извлечеме три општи заклучоци. Прво, за усогласување на дигиталното образование и дигиталната настава потребно е да се обезбеди техничка основа. Второ, дигиталниот простор за учење се воспоставува и се користи со редефинирање на улогите меѓу учениците и наставниците, овозможувајќи нови и подлабоки форми на учење. И трето, просторот за дигитално учење им овозможува да ги надминат физичките и институционалните граници на универзитетите и да се вклучат во интеракции со поширокото општество.

Сето ова е сумирано во процесот на дигитална трансформација, којшто доби засилен интензитет, особено во текот на академската 2020/21 година и за време на пандемијата со ковид-19. Еволуцијата на ВОИ од овој аспект ја гледаме како комбинација на процеси каде што наставните активности постепено се дигитализираат, а стратешките и логистичките потреби на установите се опслужуваат со дигитални решенија. Евидентно е дека дигитализацијата овозможува нови наставни методи со фокус на повисоки нивоа на интеракција. Онлајн достапноста на содржината не мора да значи дека студентите ќе бидат настрана од наставата со физичко присуство и директната интеракција. Наместо тоа, дигитализацијата овозможува поефикасно да се

[6] Matt C. et al, *“Digital Transformation Strategies”*, Business & Information Systems Engineering 57, no. 5 (2015): 339-343.

искористи времето поминато на час како би се достигнале повисоки нивоа на трансфер на знаење. Иако студентите сè уште имаат потреба од директна комуникација и интеракција со предавачи, тие бараат поголема додадена вредност што им ја овозможува дигитализацијата. Дигиталниот простор се воспоставува и се користи со редефинирање на улогите помеѓу студентите и наставниците, овозможувајќи нови и подлабоки форми на учење. Со толку многу дигитални ресурси при рака, наставникот е растоварен од предавања и повеќе делува како дисеминатор на ресурсите за учење, а притоа ги следи активностите и резултатите постигнати од студентите. Сметаме дека универзитетите треба да усвојат пристап насочен кон дигитална трансформација, т.е. да воспостават заеднички простор за учење, интегрирајќи ги дигиталните технологии со класичните педагошки методи и организациски мерки.

**Conclusion**

Based on the presented material, we can draw up three general conclusions. First, a technical base should be provided for the consolidation of digital education and digital teaching. Second, the digital learning space is implemented and used with the redefinition of the roles between the students and the teachers, allowing new and deeper forms of learning. And third, the digital learning space allows the universities to overcome the physical and institutional limits and interact with the broader society.

All of this is summed up in the process of digital transformation that gained intensity especially during the academic year 2020/21 and during the Covid-19 pandemic. The evolution of HEI from this aspect is viewed as a combination of processes where the teaching activities are digitalized consecutively, and the strategic and logistic needs of the institutions are satisfied with digital solutions. It is clear that the digitalization enables new teaching methods with a focus on higher levels of interaction. The online availability of the content does not mean that the students will be away from the classes with physical presence and direct interaction. Instead, digitalization provides additional time efficiency of the classes to achieve higher levels of knowledge transfer. While the students still have the need for direct communication and interaction with the teachers, they are asking for a larger added value and digitalization allows that. The digital space is implemented and used with the redefinition of

the roles between the students and the teachers, allowing new and deeper forms of learning. With so many digital resources available, the teacher is unburdened from the classes and acts more like a disseminator of teaching resources, while following the activities and results of the students. We reflect that the universities should accept an approach towards digital transformation, i.e. to implement a common learning space, through the integration of digital technologies and classic pedagogical methods and organizational measures.

**Користена литература**

1. Almaraz, F., Machado, A. M., and Esteban, C. L. (2017). *Analysis of the digital transformation of higher education institutions: a theoretical framework*. EDMETIC 6, 181-202.
2. Fernández A. et al, *Digital transformation initiatives in higher education institutions: A multivocal literature review*, Education and Information Technologies (2023) 28:12351-12382.
3. Peña-López, I. *Innovating Education and Educating for Innovation. The Power of Digital Technologies and Skills*; OECD Publishing: Paris, France, 2016.
4. Alenezi, M. *Digital Learning and Digital Institution in Higher Education*. Educ. Sci. 2023, 13, 88.
5. Hill C. Lawton W., *"Universities, the Digital Divide and Global Inequality"*, Journal of Higher Education Policy and Management 40, no. 6 (October 2018): 598-610.
6. Matt C. et al, *"Digital Transformation Strategies"*, Business & Information Systems Engineering 57, no. 5 (2015): 339-343.

***М-р Марија Манчевска***

Правна служба
Европски универзитет Скопје
Република Северна Македонија
E-mail: marija.manchevska@eurm.edu.mk

# ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО ВО НАСОКА НА ЈАКНЕЊЕ НА ДЕМОКРАТСКОТО ОПШТЕСТВО

**Апстракт**

Во едно идеално општество, дарбата се препознава, интелектот се цени и трудољубивоста се наградува. Општество кое има добро изградена подлога, фундаментални вредности и правна регулатива, која ги врамува тие вредности, би го добило епитетот „Поредок во кој се почитува начелото на владеење на правото“, како едно од основните постулати врз кој се темелат Уставот, Законите и меѓународните акти.

Постои верувањето дека за да може да се донесуваат рационални одлуки, потребно е човекот да биде образован, да биде таканаречена „плодна почва“ за сеење на знаење, да биде начитан и/или талентиран – *„Демократијата не може да успее освен ако оние што изразуваат свој избор не се подготвени да изберат мудро. Вистинскиот заштитник на демократијата, затоа е образованието.“*

Владеењето на правото претставува врвен приоритет кон кој цели секоја современа држава. Бидејќи нема ништо идеално, тој приоритет целосно никогаш и никаде не е остварен, туку е постојана инспирација и аспирација за реформи и унапредувања.

**Клучни зборови:** *владеење на правото, талент, знаење, корупција, меритократија, Магна Карта, образование.*

# THE RULE OF LAW IN THE DIRECTION OF STRENGTHENING THE DEMOCRATIC SOCIETY

**Abstract**

In an ideal society, hard work is recognized, intellect is valued, and diligence is rewarded. A society with a well-established foundation, fundamental values, and a legal framework that encompasses those values would be labeled as "Order respecting the rule of law," as one of the basic principles underlying the Constitution, Laws, and international acts.

There is a belief that in order to make rational decisions, a person needs to be educated, to be a "fertile ground" for the cultivation of knowledge, to be well-read and/or talented – *"Democracy cannot succeed unless those who express their choice are prepared to choose wisely. The real safeguard of democracy, therefore, is education."*

The rule of law represents a top priority that every modern state aims for. And since nothing is perfect, this priority is never fully achieved anywhere, but serves as a constant inspiration and aspiration for reforms and improvements.

**Keywords:** *rule of law, talent, knowledge, corruption, meritocracy, Magna Carta, education.*

## Вовед

Врската помеѓу образованието, талентот и владеењето на правото е симбиотска. Владеењето на правото напредува кога образованието и талентот конвергираат, поттикнувајќи култура на почит кон правните норми и принципи.

Талентот емпириски се дефинира како творечка дарба, а практично значи вродена исклучителност која го олеснува патот кон постигнување одредена цел. Ако се разгледува талентот како оган кој може да се распали или згасне, доаѓаме до прашањето дали талентот е готов, жив, независен производ, или неизбрусен дијамант кој е предусловен од други фактори, како што се упорноста и вложениот труд кои го обликуваат, го насочуваат и му даваат блесок.

За разлика од талентот кој е вроден, знаењето се стекнува и овие две навидум спротивставени тежи, продолжуваат да коегзистираат во симбиоза и да го отвораат

патот кон успехот. Знаењето на кое не му претходи талент, го прави тој пат трнлив и помалку прооден. На талентот кој не се негува и надополнува со знаење, му се закануа веројатноста да остане само неискористен потенцијал.

Кога светот би бил обоен во правичност, кога кај граѓаните би се чувствувала сигурноста дека на талентираниот, образован човек би му била загарантирана заслужената положба во општеството, мотивацијата за работа на себеси би била далеку поголема, со присутен стремеж да се биде својата „најдобрата верзија“.

**Концепт на владеење на право**

Искуството покажува дека владеењето на правото и демократијата се меѓусебно поврзани и условени: колку демократија, толку владеење на правото, односно колку што има владеење на правото, толкав е просторот за функционирање на инструментите на демократијата.[1]

Согласно со насоките на Венецијанската комисија при Советот на Европа, владеењето на правото подразбира систем на прописи, од кои произлегува дека секој има право да биде третиран со достоинство, еднаквост и рационалност од страна на носителите на одлуките во една држава, во согласност со законите и да има можност за оспорување на одлуките пред независни и непристрасни судови преку фер постапки.

> *„Граѓанинот ги почитува вредностите на општеството во кое живее и твори, ако правниот поредок му обезбедува егзистенцијални услови за безбеден и цивилизиран живот како и средства да се бори за своите права кога тие се узурпирани од владејачките групи и деспотска ориентација на општеството.“*[2]

Во теоријата, принципот на владеење на правото се среќава како во домашното, така и во меѓународното законодавство, како неизоставна увертира на правните системи, со која се гарантира правичност и почитување на правата на граѓанинот.

---

[1] *Владеење на правото – инспирација и аспирација*, Манчо Митевски, Предизвици број 2 06|2019.
[2] Jovan Đorđevič, *Kriza prava i njegova obnova*, Pravni život, broj 1, 1988, knjiga 370.

И покрај тоа што напредокот во сферата на владеењето на правото, демократијата и слободите е евидентен, сепак, Република Македонија и натаму се судира со проблемот на расчекор меѓу донесените закони и нивната практична имплементација.

**Историски осврт**

Имено, обликувањето на концептот на владеење на правото временски е ситуирано во XVII век. Тој е поврзан со дејноста на Едвард Коук (тогашен претседател на Врховниот суд во Англија) и Џејмс Харингтон (политички теоретичар).[3] Нивното дејствување е поврзано со настојувањето да го ограничат апсолутизмот на монархот, како и обидите за воведување правни лекови за ограничување на кралската власт, како и за судска контрола на актите на монархот и на парламентот. Во овој контекст, Magna Carta Libertatum (Големата повелба на слободата) претставува еден од најзначајните документи во човековата историја. Тоа е најстар уставен документ (The Great Charter) на феудална Англија и почеток на долг историски и нормативен процес до достигнување на денешниот степен на владеење на правото и правната држава.[4]

Нејзиното потпишување во 1215 година претстоело по борбата на англиското благородништво со англискиот крал Јован Безземниот (John Lackland 1166 – 1216), за ограничување на неговиот апсолутизам и за изградбата на принципите дека никој не е над правото и законите, вклучувајќи го и кралот.

Магна Карта, како втемелувач на начелото на владеење на правото, и концептите на талентот и знаењето, се преплетуваат во делот на индивидуализмот и индивидуалниот напредок, стремеж за образование, меритократија, правни и етички стандарди, како и промоција на иновациите и напредок во општеството. Историскиот, и овие модерни концепти придонесуваат кон идејата дека справедливото општество се гради со признавање и развивање на индивидуалните способности и слободната размена на знаење:

[3] Достапно на https://www.strath.ac.uk/ constitutionallegitimacyartificialreasonandthecommonlaw.
[4] Достапно на https://www.dw.com/mk/наследството-на-магна-карта.

1. ***Пристап до образование:***

- Знаењето, надополнето со талент, тесно е поврзано со образованието. Магна Карта, во својата суштина е зачеток на давањето признание на знаењето и пристапот до правото и справедливоста. Модерните општества го признаваат значењето на образованието и пристапот до знаење како средство за овозможување на индивидуалниот развиток и чекор кон подобро и сразмерно општество.

2. ***Меритократија:***

- Магна Карта ја предизвикува догмата на произволната власт, со втемелувањето на одредени правни принципи. Слично, современите општества го имплементираат принципот на владеење на правото како начин да се постигне Меритократија, состојба во која секој би бил вреднувам според вложениот труд, наспроти општество парализирано од произволната волја на авторитарна елита.

3. ***Правни и етички стандарди:***

- Правниците низ историјата го подготвија теренот за развојот на постулати и етички принципи кои го осветлуваат патот кон успехот според индивидуалната заслуга. Талентот и знаењето се производ кој придонесува кон развојот и одржувањето на професионални и етички стандарди во различни области, обезбедувајќи справедлив третман на индивидуите, базиран на нивните способности и квалификации.

4. ***Иновации и прогрес:***

- Талентот и знаењето се двигателни сили, кои стојат зад иновациите и општествениот напредок. Во општество каде индивидуите слободно можат да ја применуваат својата креативност и да споделуваат знаење, може да се очекува напредување од технолошки, социјален и економски аспект. Магна Карта, во својот историски контекст, може да се гледа како предвесник на идејата дека напредокот се постигнува најдобро кога индивидуите имаат слобода да придонесуваат со своите таленти и знаење.

**Меритократија, утопистички модел или стварност?**

„Меритократија“ е поим кој означува систем или облик на владеење каде што луѓето се избираат, наградуваат и вреднуваат врз основа на своите способности, компетенции и заслуги, каде „се замижува“ пред социјалниот статус, потеклото, верата, националноста и други пристрасни фактори.

Некои автори замислуваат утописки модел на општество каде што меритократијата игра централна улога. Концептот предлага дека во идеален свет, индивидуите ќе бидат препознаени и наградени само врз основа на своите таленти и придонеси кон општеството. Се верува дека во таква утописка средина, принципите на справедливост, правда и еднакви можност за напредок што се вградени во меритократијата, би придонеле кон хармонична и процутувачка заедница.

Навидум, меритократијата може да се разгледува како олицетворение на Јустиција, божицата на правдата, чии очи се преврзани, во знак дека правдата е еднаква за сите и непристрасна. Меѓутоа, ако во меритократски систем, луѓето се промовираат и добиваат можност за унапредување во различни области врз основа на својот талент и знаење, се наметнува прашањето каде ова ги сместува лицата кои се со помалку генетски или социо-економски предиспозиции. Дали можеме да говориме за еднаквост во вистинска смисла на зборот, кога и самата природа не е дарежлива кон сите подеднакво?

**Корупција во политиките и постапките за вработување**

Дискреционите овластувања и политизацијата при вработувања во јавниот сектор, ја претставуваат најслабата алка во остварувањето на професионално и ефикасно општество. Овие појави непосредно се одразуваат врз зголемување на бројот на вработените во јавниот сектор, обезбедувањето на квалитетот на јавните услуги и неквалитетна селекција на кандидатите во постапката за вработување, постапка за унапредување или мобилност, или при именување и избор на директори и членови на управни и надзорни одбори.

Непотизмот, слично како и кронизмот се манифестира преку именување на истакнати позиции на роднини, пријатели или познаници, без оглед на тоа дали тие се

квалификувани за работната позиција. Резултатот е поставувањето на несоодветен кадар. Непотизмот во својата суштина претставува антитеза на Меритократијата, и ги компромитира нејзините принципи. Ова може да доведе до работна средина на која ѝ недостига мотивираност, знаење и талент и на тој начин доаѓа до намалување во перформансот и продуктивноста на работникот.

Клиентелизмот е практика каде што политичките или друштвените одлуки се донесуваат врз основа на лични врски и влијателни мрежи, повредувајќи ги принципите на почитување на правата на единките.

Во однос на лобизмот, значајно е да се одделат неговите легални и етички аспекти, од неетичките и коруптивни практики, особено кога станува збор за влијание врз јавните одлуки. Лобистите кои имаат експертиза и знаење во одредена област можат да бидат поефикасни во аргументацијата за своите интереси. Во тој случај лобизамот може да биде деловен и конструктивен механизам за изразување на интересите на одредена заедница или сектор. Сепак, кога не се следат одредени стандарди на транспарентност и отвореност, може да се појават предизвици и ризици за корупција и негативно влијание. Првиот најголем центар на лобисти во светот е Вашингтон, додека вториот најголем е Брисел со околу 20 илјади акредитирани лобисти и низа специјализирани лобистички агенции.[5]

Секој кој професионално се занимава со лобирање, треба да ја регистрира својата работа и објави информации за тоа на кој проект работи, кој го финансира, колку пари ќе биде одделено за лобирање и други подробности детално уредени со Законот за лобирање.[6]

Лобистите и лоби организациите се регистрираат со запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање, кој го води Државната комисија за спречување на корупција.[7]

- Член 14, став 1 од Законот за лобирање гласи: „*Заради лобирањето, лобистот, односно лоби организацијата не смее да прима, дава, ветува донации,*

[5] Достапно на https://decision-lab.foi.hr/kratka-prica/tko-su-lobisti.
[6] *Закон за лобирање*, Службен весник бр. 08-2647/1, 1 јуни, 2021 година, Република С. Македонија, Скопје.
[7] *Ibid.*

*подароци, услуги, влијание или други погодности или предности за себе или за друг“.*

- Според Член 14, став 2 од Законот за лобирање: *„Лобистот, односно лоби организацијата не смее да предлага или да презема активности или да организира и остварува контакти со што ќе го стави лицето кај кое лобира во состојба на судир на интереси или ќе му предизвика чувство на обврска спрема лобистот, односно лоби организацијата“.*

Ако лобизмот доминира во системот на назначување на работни места или избор на кариерни патишта, талентираниот, образован човек може да биде заобиколен во корист на луѓе со подобри врски или лобистички напори, или како што проф. д-р Цане Т. Мојаноски во таа насока го дефинира поимот држава, во која не постои правичност и владеење на правото: правна, „заробена“ и „парализирана“.[8]

**Заклучок**

Навидум, генералниот став на граѓаните во нашата држава е дека демократијата е фарса, принципот на владеење на правото е почитуван од малкумина, а правичноста е ретка доблест, евидентно од анкетите кои покажуваат дека најмалку доверба му се поклонува на правосудството, што не е далеку од реалната состојба. Во тој дух се одгледуваат младите, кои како ластовици го напуштаат гнездото за да заминат во дијаспората кон подобар живот, или доколку останат се борат да стигнат до успехот по полесниот пат, застранет од моралот.

Македонското законодавство не е загрозено од недостаток на акти со кои би се регулирале девијантните појави, туку напротив тоа е колоритно и во поголемиот број случаи изобилува со добро формулирани, правно - издржани норми, кои поретко се имплементираат во практиката.

Гледано историски, вложени се напори за да се гарантираат основни човекови права, да се овозможат фер постапки, и да се доближи слободата и правичноста до

[8] Проф. д-р Цане Т. Мојаноски, *Правна, „заробена“ и „парализирана“ држава, предизвици*, број 2 06|2019, Македонија, Скопје.

обичниот граѓанин, преку втемелување на радикални акти како што е гореспоменатата „Магна Карта Либертатум“. Човековата потрага по правичност датира уште од тие дамнешни времиња, можеби и по смело од денеска. И покрај благородните стремежи, основните човекови права денес и понатаму се загрозени во многу земји.

Потребно е активноста на властите да се насочи подобрување на правната регулатива со која се уредува постапката за вработување, на начин што мобилноста и унапредувањето ќе се засноваат на објективни и транспарентни критериуми и заслуги, доследно да се применува она што е нормирано, да се спречи директно или индиректно влијание на високи раководни места во јавната управа и воспостави систем на плати, кој ќе биде правичен и транспарентен.

**Conclusion**

In general, the prevailing sentiment among the citizens in our country is that democracy is a farce, the principle of the rule of law is respected by only a few, and justice is a rare virtue, as evidenced by surveys showing minimal trust in the judiciary, not far from the actual state of affairs. In this spirit, the youth is raised, leaving the nest like swallows to seek a better life abroad, or if they stay, they struggle to achieve success through easier paths, often deviating from morality.

Macedonian legislation is not threatened by a lack of acts regulating deviant phenomena, on the contrary, it is colorful and, in most cases, abundant with well-formulated, legally-sound norms that are seldom implemented in practice. Historically, efforts have been made to guarantee basic human rights, enable fair procedures, and bring freedom and justice closer to the ordinary citizen, laying the groundwork through radical acts such as the aforementioned Magna Carta Libertatum. The quest for justice dates back to those ancient times, perhaps even more boldly than today. Despite noble aspirations, basic human rights are still endangered in many countries.

Active involvement of authorities is required, to contribute to improving the legal framework regulating the employment process. Mobility and advancement should be based on objective and transparent criteria and merits. Consistent application of established norms, prevention of direct or indirect influence in high managerial positions in public

administration, and the establishment of a fair and transparent salary system are necessary steps.

**Користена литература**


1. Jovan Đorđevič, *Kriza prava i njegova obnova*, Pravni život, broj 1, 1988, knjiga 370l;
2. *Владеење на правото – инспирација и аспирација*, Манчо Митевски, Предизвици број 2 06|2019;
3. *Закон за лобирање*, Службен весник бр. 08-2647/1, 1 јуни, 2021 година, Република С. Македонија, Скопје;
4. *„Проценка на ранливост од корупција во политиките и постапките за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам“*, Ивана Шумановска-Спасовска, Слаѓана Тасева, Небојша Вукадиновиќ – компаративна анализа. Скопје, Транспаренси интернешнл-Македонија, 2020;
5. https://www.strath.ac.uk/ constitutionallegitimacyartificialreasonandthecommonlaw;
6. https://www.dw.com/mk/наследството-на-магна-карта;
7. https://decision-lab.foi.hr/kratka-prica/tko-su-lobisti.

***Marija Manchevska, MSc*[1], *Sanela Stojanoska, MSc*[2]**

[1]Legal Service
[2]Secretary General
European University Skopje
Republic of North Macedonia
E-mail: marija.manchevska@eurm.edu.mk, sanela.stojanoska@eurm.edu.mk

# TIME MANAGEMENT

**Abstract**

In today's world, characterized by rapid advancements in technology, increased connectivity, and a constant exchange of information, the ability to manage time effectively has become a critical skill for individuals seeking success in both their personal and professional lives. Time, a finite resource, demands careful consideration and strategic allocation to maximize productivity and achieve a sense of balance.

Time management is a crucial skill that plays a pivotal role in personal and professional success. It is about efficiently using time, to make it beneficial for oneself. Although it may seem easy, it is a challenging task. Many distractions constantly surround us, and one must tackle them, to utilise their time effectively. From mobile phones and traffic to other interruptions, several issues need to be managed when working towards our daily tasks and chores.

**Keywords:** *skill, organization, psychology, business, strategy*.

## Introduction

Effective time management is not only a matter of ticking off items on a to-do list; it is a holistic approach that involves setting priorities, making informed choices, and **striking a balance between short-term tasks and long-term goals**. It is different than simple planning and organization.

It takes practice and improvement. Some authors advise that before undertaking any project with deadlines, one should take some time to **write on a piece of paper and organize each task into small manageable steps to see what is achievable and unachievable**. Investing as little as five minutes will yield a valuable return in productivity.

In essence, effective time management is so versatile that **it applies to virtually every aspect of life**, enabling individuals to make the most of their time, achieve their goals, and maintain a well-rounded and fulfilling existence. From education, sales and marketing, business, freelancing and legal professions, to health care, research, and HR[1], it truly does apply across various domains of life.

Time management is crucial in the workplace to meet deadlines, prioritize tasks, and optimize productivity. It involves efficient scheduling, effective delegation, and the ability to focus on high-priority projects.

## Time management as a business skill

The question arises as to **why time management is considered a skill?** It may appear that it sounds the same as being organized. This is true, but someone can be naturally organized and still not manage time well. Time management requires quick planning and execution to be successful. In this context, Bruce Lee said, “If you spend too much time thinking about a thing, you’ll never get it done.”

Cardinally, time management is a business skill, and all business skills are learnable. It is made up of **a series of methods, strategies, and techniques**. Like any other skill, it can be practiced and mastered with determination and repetition.

It is one of the most important abilities for success in the business world. Good time management skills will lead to completion of tasks faster, which leads to more sleep or time for leisure activities. It also leads to better results in terms of getting a job done. Developing this skill will also prevent the stress from procrastination which can often lead to emotional and physical problems as well as other health issues.

One of the key faults many individuals have is a tendency toward procrastination. William Penn said, *“Time is what we want most, but what we use worst.”* **Procrastination** stems from lack of wanting to do the task itself and not planning out enough time to do it in the first place. Many people start an assignment, but leave it unfinished, and so try and wait until they have all the time needed to do it.[2]

---

[1] Human Resources

[2] The economics of time management and the epic ways it relates to daily life, Lisa Waterman | May 10, 2021 | Time, Time Management.

Time management techniques offer useful strategies for dealing with increased duties while remaining productive. Prioritizing tasks, obtaining clarity before beginning, and maintaining a comprehensive approach, are all necessary habits for successful time management and high-quality results.

Naturally, there is an overwhelming feeling when scrambling to and from tasks, so it's truly about implementing the basic tactics to alleviate that pressure, such as:

1. Negotiating with the project manager and agreeing on an order of importance for each task;
2. To not assume, but to have clarity on a task. Starting a task without a clear direction in one's mind, is the guarantee of failure;
3. Reading everything from top to bottom. Reading all the questions first is advised so quality isn't compromised.

> *"You have to balance quality and speed in your output. The more you practice the better you get, but perfection is not the aim. Know yourself and start early, giving yourself a larger amount of preparation time. If you know that you are slow, thinking of the worst, is better than competing with the clock and hoping for the best."*[3]

**Planning beforehand**

There is a beautiful line that says, "There is more to life than just increasing its speed."

All successful managers are good planners. They make lists and sublists to accomplish each major and minor objective. Whenever a new project crosses their desk, they take the time to think through exactly what they want to accomplish, and then write out an orderly list, in sequence, of every step necessary for the completion of the project.

There is a rule that every minute spent in planning saves ten minutes in execution. The time spent to think on paper about something you need to accomplish, before you begin work, gives a return on personal energy of 1,000 percent—ten minutes saved for every minute that is invested in planning the work in the first place.

---

[3] https://www.linkedin.com/advice/3/how-can-you-balance-need-perfection-meeting-deadlines-uko8e.

**Covey’s time management matrix**

American author, public speaker, educator, businessman Stephen Covey, has developed a tool called the “time management matrix” that breaks our activities into 4 parts: Quadrant of Necessity, Quadrant of Quality, Quadrant of Deception, and Quadrant of Waste, respectively. With Covey’s Matrix, we are able to recognize and differentiate the urgency and the importance of the things we should get done in a given time.




1. *Important/Urgent*: Do immediately and personally (e.g., crises, deadlines, problems);
2. *Important/Not Urgent*: Get an end date and do personally (e.g., relationships, planning, recreation);
3. *Unimportant/Urgent*: Delegate if possible (e.g., interruptions, meetings, activities);
4. *Unimportant/Not Urgent*: Drop if out of time (e.g., time wasters, pleasant activities, trivia).[4]

This matrix allows one to become more productive and efficient because it will enable to organize the day and stay on top of things. It is organized in these four quadrants, which helps with precision when making to-do list, managing tasks, and knowing where more time needs to be spent. It also allows organizing time on what’s important and sorting priorities for each day, both professionally and personally.

[4] https://timeular.com/blog/time-management-matrix/.

**The economy of time management**

Effective time management at the macroeconomic level ensures optimal resource allocation, contributing to economic efficiency and growth.

On a global scale, economies compete for resources, market share, and technological advancements. Nations that effectively manage their time in adapting to changes, implementing policies, and fostering innovation enhance their global competitiveness. It is intertwined with the very fabric of economic activities, influencing efficiency, productivity, and growth on various levels is intertwined with the very fabric of economic activities, influencing efficiency, productivity, and growth on various levels.

- The 80/20 Principle:

The Pareto Principle, often referred to as the 80/20 rule, asserts that roughly 80% of outcomes come from 20% of efforts. Applying this principle to time management means identifying the vital few tasks that yield the most significant results and focusing on them, rather than getting lost in the trivial many.

- Time as a Finite Resource:

Economic principles highlight that resources are scarce and must be managed wisely. Time exemplifies this scarcity, and just as financial resources are budgeted, time should be allocated thoughtfully. Time budgeting involves planning how much time to dedicate to various tasks, ensuring that we don’t overspend in one area to the detriment of another.

- The Law of Diminishing Returns:

In economics, the law of diminishing returns states that there comes a point when the input yields progressively smaller outputs. This principle applies to time management as well. After a certain point, investing excessive time in a task might not yield proportionally higher results. Recognizing when to shift focus prevents wasted effort.[5]

[5] Time management in the business world – research paper outline, Kaynnera T. Capers.

### The psychological aspect of time management

